**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

**ISSN-1857-9779**

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1264

Скопје, 1 јули 2022 година

**Издание на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр. 9, 1000 Скопје**

**ПРВИОТ БРОЈ НА БИЛТЕНОТ Е ОБЈАВЕН ВО МАЈ 1957 ГОДИНА**

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ:**
*проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ, ректор*

**Уредник на Билтенот:**
*Илија Богоевски*

**Лектор:**
*Весна Илиевска-Цветановска*

**Техничко уредување:**
*Зоран Кордоски*

Бр. ___________
5.8.2013
Скопје

**Предмет***: Материјали за Билтенот за објавување на интернет страницата на УКиМ*

Согласно член 132, став 5 од Законот за високото образование („Сл. весник на РМ” бр. 35/2008, 103/2008, 26/2009, 83/2009, 115/2010, 17/2011, 51/2011 и 123/2012), на интернет страницата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, од бројот 1059 од 15 август 2013 година, ќе се објавуваат:

- рефератите за избор во наставно-научни, научни и соработнички звања;
- рецензиите за подобност на темата и оспособеноста на кандидатот за вршење научна работа;
- прегледите на одобрените докторски дисертации, прифатените магистерски и специјалистички теми;
- рецензиите на учебници и учебни помагала, како и
- рефератите за доделување на звањето почесен професор и титулата почесен доктор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“.

По објавување на материјалите на интернет страницата, факултетите и институтите за своите потреби, истите треба да ги отпечатат во материјална форма за да можат да ги достават на членовите на наставно-научниот, односно научниот совет. Поради тоа, потребно е сите материјали што се предвидени за објавување во Билтенот на Универзитетот, благовремено да ги доставувате во електронска форма. Поради усогласеност и униформност на текстовите потребно е материјалите за објавување да се доставуваат како Microsoft Word 2003 документи во кои исклучиво ќе се користи системскиот фонт Georgia. Овој фонт содржи богато множество на кирилични (македонски, српски, руски), латинични (со различни видови на надредени знаци), грчки и други знаци. Варијанта на овој фонт со коригирани знаци во италик формата за македонските букви ‘д’, ‘п’, ‘т’, ‘г’ може да се најде интернет страницата на УКиМ, во делот **Документи** -> **Билтен на Универзитетот**. Исто така, таму може да се најде софтверско решение со кое може да се испрограмира тастатурата на персонален сметач при притискање на копчето ‘`’ и копчињата ‘е’ и ‘и’ во македонска поддршка да се добијат знаците ‘ѐ’, и ‘ѝ’ соодветно.

Поради запазување на роковите за објавување на материјалите во Билтенот, но и на интернет страницата, ве молиме, рефератите, откако ќе бидат лекторирани, да ги доставите во оригинална верзија (лекторирана со потписите), а електронската верзија со внесените корекции да ја доставите на е-адресата: ***bilten@ukim.edu.mk***.

Неблаговремено доставените материјали и оние кои нема да бидат напишани согласно упатството нема да бидат објавени во тој број,туку ќе бидат поместени за објавување во наредниот број од Билтенот, односно откако ќе биде добиена бараната верзија.

Ви благодариме за соработката.

Со почит,

**УКИМ - Ректорат**

Изготвил:Т.Б.
Одобрил:К.М.

# СОДРЖИНА НА БИЛТЕН БРОЈ 1264 ОД 1.7.2022 ГОДИНА


**ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Економија: основи на економијата** од авторите **академик Таки Фити, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Предраг Трпески, проф. д-р Билјана Ташевска**........7-17

**МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Реферат за избор на 3 асистенти по предметот Судска медицина на Медицинскиот факултет – Скопје (**асистент докторанд д-р Љупчо Чакар, асистент докторанд д-р Наташа Битољану, асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова**)........18-28
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Компаративни ефекти на епинефринот и дексаметазонот како адјуванси при периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти,** од **д-р Љубица Миќуновиќ Деребанова**, пријавена на Медицинскиот факултет – Скопје........29-36
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Борис Стојчески**)........37
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**д-р Марија Докоска, д-р Розета Соколова, д-р Билјана Калчовска, д-р Виола Чаволи, д-р Ивица Димитров, д-р Марија Бабуновска, д-р Сања Ристовска, д-р Марија Нешковска Шуменковска, д-р Емилија Лазарова Трајковска**)........38

**ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област методика, по предметите: Методика на наставата по математика 1, Методика на наставата по математика 2, Методика на воспитно-образовна работа по математика 1, Методика на воспитно-образовна работа по математика 2, Креативна математичка работилница и Креативна работилница по математика, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (**вонр. проф. д-р Методи Главче**)........39-52
2. Реферат за избор за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања од областите: социологија на образованието, друго и социологија на културата, за задолжителниот предмет: Социологија на образованието и за изборните предмети: Религиски системи и Социологија на културата, за студиските програми: Одделенска настава и предучилишно воспитание, на македонски наставен јазик и Библиотекарство, на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје (**вонр. проф. д-р Душка Матевска**)........53-67

**ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Фитоценолошки истражувања на вегетацијата на високопланинските пасишта на Шар Планина – Љуботен (Косово),** од **м-р Наим Бериша**, пријавена на Природно-математичкиот факултет – Скопје........68-71

**ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Горан Ризов**)........72

**ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Елена Јевтоска, м-р Бранко Темелковски**)........73

**ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски технологии и инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (**д-р Христијан Ѓорески**)......74-94
2. Реферат за избор на асистент по предметите од наставно-научната област компјутерски технологии и инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје (**м-р Ана Чолакоска**)......95-100

**ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство (**доц. д-р Иван Китановски**)......101-115

**ФАКУЛТЕТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ**

1. Реферат за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина): видови инструменти (хармоника) (60910) на Факултетот за музичка уметност – Скопје (**вонр. проф. м-р Златко Мадевски**)......116-121

**ФАКУЛТЕТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Влијанието на средината и на некои психосоцијални и демографски фактори врз физичката активност кај младите на возраст од 11 до 14 години,** од **м-р Линда Зеќири,** пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје......122-125
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Состојбата на физичкиот и моторичкиот развој кај децата од раната училишна возраст во Скопскиот Регион,** од **м-р Блерта Качиу,** пријавена на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје – Скопје......126-130
3. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Арјета Аземи**)......131

**ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ**

1. Рецензија на ракописот **Старогрчко-македонски речник (развоен)** од авторот **проф. д-р Валериј Софрониевски**......132-134

**ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

1. Реферат за избор во звањето редовен професор во наставно-научните области: историја на книжевноста на германските народи (61212) (Англиска книжевност и Американска книжевност) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје (**д-р Калина Малеска**)......135-151
2. Рецензија на текстот **Термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик“** (термакфрит) од **проф. д-р Славица Велева, проф. д-р Ирина Бабамова, проф. д-р Александра Саржоска**......152-154
3. Преглед на одобрени теми за изработка на магистерски трудови (**Јулија Јанева, Кристијан Стефановски**)......155
4. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Идаете Синани, м-р Нертиља Рамадани**)......156

**ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА**

1. Преглед на одобрени теми за изработка на докторски дисертации (**м-р Елена Ангелова**)......157

**ИНСТИТУТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА**

1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Општествените промени во научните дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани,** од **м-р Имране Суљејмани,**

пријавена на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања – Скопје........................................................................................................................158-165
**ЈНУ ИНСТИТУТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА**
1. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Просветно-културниот развиток во Тетово и Тетовско** (**1945-1991**) од **м-р Агрон Салихи**, пријавена на Институтот за национална историја – Скопје.......................................................................................166-169
2. Рецензија за оцена на докторската дисертација **Османлиското културно наследство во Тетово и улогата на Абдурахман-паша** (**прва половина на XIX век**)**“,** од **м-р Бехиџудин Шехапи,** пријавена на Институтот за национална историја – Скопје........................................................................................................................170-171

***Прилог бр. 3***

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „ЕКОНОМИЈА: ОСНОВИ НА ЕКОНОМИЈАТА“ ОД АВТОРИТЕ АКАДЕМИК ТАКИ ФИТИ, ПРОФ. Д-Р ВЛАДИМИР ФИЛИПОВСКИ, ПРОФ. Д-Р ПРЕДРАГ ТРПЕСКИ И ПРОФ. Д-Р БИЛЈАНА ТАШЕВСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, бр. 02-739/4 од 29.4.2022 година, за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебникот „Економија: основи на економијата“ од авторите: академик Таки Фити, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Предраг Трпески и проф. д-р Билјана Ташевска, наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје, за предметот Основи на економијата, избрани се: проф. д-р Методија Стојков и проф. д-р Трајко Славески.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Економскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

### ИЗВЕШТАЈ

**I. Општ дел**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Економија: основи на економијата |
| **Назив на предметната програма:** | Основи на економијата |
| **Назив на студиските програми:** | Економија; Е-бизнис; Маркетинг; Менаџмент и претприемништво; Меѓународна трговија; Сметководство и ревизија; Финансии |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | **90 часа<br>7,5 кредити** |
| Предметот Основи на економијата на Економскиот факултет во Скопје е задолжителен предмет со фонд на часови 90, број на ЕКТС-кредити – 7,5 и се слуша во прв (зимски) семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | шесто издание (се разликува од претходното издание повеќе од 25 %). |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот поднесен за рецензија содржи 567 страници основен текст и 31 страница Речник и Индекс на автори и поими, во формат А4, компјутерски обработен, со фонт Times New Roman 12. Основниот текст е поделен во 23 поглавја и содржи 85 графикони, 54 табели, 47 прилози и 3 слики. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**

**Проф. д-р Методија Стојков, с.р.**
**Проф. д-р Трајко Славески, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: Проф. д-р Методија Стојков

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Ракописот со наслов „Економија: основи на економијата“, од авторите акад. Таки Фити, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Предраг Трпески и проф. д-р Билјана Ташевска, претставува современ, изменет и дополнет универзитетски учебник напишан според урнекот на учебниците што се користат на современите универзитети во светот. Текстот во учебникот ги објаснува основните економски категории и концепти, како и најновите сознанија на современата економска наука.<br>Учебникот има 23 глави, и тоа првите 2 претставуваат вовед во економската наука, 10 се однесуваат на основи на микроекономијата, а 11 на основи на макроекономијата. Структурата на учебникот нема претрпено позначајни промени во однос на претходното, петтото издание, од аспект на бројот на главите и нивниот редослед, што е во согласност со наставната програма по предметот Основи на економијата, која е стандардизирана и слична со наставните програми на оваа научна дисциплина на западните универзитети.<br>Во првата глава, „Економијата како наука”, разработена и дефинирана е економијата како наука, нејзиниот предмет на изучување, основните концепти и принципи и законите на дејствување во општеството и економијата. Во оваа глава се изучуваат позитивната и нормативната економија, како и научниот метод. Во шестото издание, главата за научниот метод во економијата е дополнета со краток осврт за можностите за примена на т.н. иновативни експериментални пристапи во економијата, вклучувајќи ги тука и природните експерименти во економијата.<br>Втората глава, „Базичните економски концепти”, ги објаснува основните поими: инпути, фактори на производство и ресурси, објаснета е реткоста и ограниченоста на ресурсите како еден од елементарните концепти на економијата, централниот економски проблем, суштината на Смитовата невидлива рака, како и границата на производствените можности на општеството.<br>Во третата глава, „Основните елементи на побарувачката и понудата”, дефинирани се индивидуалната и пазарната побарувачка за определено добро, кривата на побарувачка и кривата на понуда заедно со факторите кои ги детерминираат. Разработена е ценовната еластичност на побарувачката и понудата, како и факторите кои ја детерминираат.<br>Четвртата глава, „Теорија на изборот на потрошувачот”, ги разработува темелните претпоставки на теоријата на изборот на потрошувачот и ги дефинира поимите: корисност, вкупна корисност и маргинална корисност. Исто така, дефинирано и илустрирано низ примери е основното правило за максимизација на корисноста на потрошувачот. Концептот на потрошувачки вишок е објаснет на крајот од оваа глава.<br>Во петтата глава, „Основи на теоријата на производството – производствената функција и одлуките на фирмата”, објаснети се основните форми на бизнис-организации со нивните предности и слабости. Оваа глава ги разработува вкупниот, просечниот и маргиналниот производ, како и нивните врски. Во овој дел, дефинирани се економиите од обем. На крајот, даден е осврт на значењето на моменталниот, краткиот и долгиот рок во економијата.<br>Во шестата глава, „Анализа на трошоците”, објаснети се трошоците во економијата, односно фиксните, |

| | |
|---|---|
| | варијабилните, просечните и маргиналните трошоци и нивното значење во економијата. Исто така, објаснета е врската помеѓу производството и трошоците. Билансот на состојба и билансот на успех на едно претпријатие, сметководствениот и економскиот профит, како и просечниот профит се, исто така, разработени и објаснети во оваа глава.<br>Седмата глава, „Совршена конкуренција”, ги разработува основните видови пазарни структури и критериумите според кои се врши нивна класификација. Посебен осврт се прави на клучните карактеристики на моделот на совршена конкуренција. Објаснет е основниот услов за максимизација на профитот во моделот на совршена конкуренција. Исто така, дефинирана е трошочната (производствена) ефикасност и алокативната ефикасност со нејзиното значење за економијата.<br>Во осмата глава, „Монопол и бариерите за влез”, објаснет е моделот на непотполна конкуренција и дефинирана е состојбата на монопол, како и термините природен монопол, олигопол и монополистичка конкуренција. Разработени се вкупниот приход и маргиналниот приход на монополот, како и условот максимизација на профитот на монополот.<br>Деветтата глава, „Олигопол“, ги разработува основните карактеристики на олигополската пазарна структура и меѓузависноста на олигополските фирми при донесување значајни деловни одлуки. Објаснета е и суштината на бариерите за влез кои специфични за олигополот. Исто така, дефинирани се поимите колузија, картел и ценовно лидерство и нивните најзначајни карактеристики. На крајот од оваа глава објаснети се теоријата на игри, дилемата на затвореникот и Нешовата рамнотежа.<br>Десеттата глава, „Пазарите на факторите на производството”, ги објаснува факторите на производство, вклучувајќи ги нивните детерминанти, маргиналната продуктивност, примената на општиот услов за максимизација на профитот на фирмата, како и рамнотежниот услов за ангажирање на труд, земја и капитал. Во оваа глава, дефиниран е терминот дисконтирање и објаснет е начинот за пресметување на сегашна вредност на континуиран приход. Разработен е и поимот пазарна побарувачка за капитални добра заедно со факторите кои ја детерминираат неа. Исто така, објаснет е поимот рента и специфичностите на понудата на пазарот на земјишни парцели. Теоријата за распределба на доходот и Џини-коефициентот се разработени на крајот од десеттата глава.<br>Во единаесеттата глава, „Наемнините и пазарот на труд”, разработена е побарувачката за труд и понудата на труд со факторите кои ја определуваат. Дефинирана е стапката на активност на населението и претставени се ефектот на доход и ефектот на супституција на пазарот на труд. Во оваа глава, објаснето е чистењето на пазарот на труд, како и основните фактори кои ја оневозможуваат флексибилноста на платите.<br>Дванаесеттата глава, „Државата и бизнисот”, го разработува пазарниот неуспех и неговите најзначајни домени: екстерналии, асиметрични информации, јавни добра итн. Дефинирани се видовите даноци, објаснети се термините даночна евазија, даночна инциденца и јавно добро и претставена е даночната структура на Северна Македонија. На крајот од оваа глава објаснети се регулацијата и дерегулацијата. |

| | |
|---|---|
| | Во тринаесеттата глава, „Клучните макроекономски поими”, објаснети се клучните макроекономски агрегати заедно со основните цели на макроекономските политики и нивните инструменти за дејствување врз макроекономските варијабли. Дефинирани се агрегатната побарувачка и агрегатната понуда и графички е прикажано нарушувањето на макроекономската рамнотежа. Направена е дистинкција помеѓу агрегатната побарувачка и агрегатната понуда во моделот на Кејнз и моделот на класичарите.<br>Во четиринаесеттата глава, „Мерење на вкупната економска активност – бруто домашен производ”, дефиниран е поимот бруто домашен производ и двата основни метода за негово пресметување. Исто така, објаснети се номиналниот и реалниот бруто домашен производ, актуелниот и потенцијалниот бруто домашен производ, и направена е разлика помеѓу концептот на бруто домашен и бруто национален производ.<br>Петнаесеттата глава, „Потрошувачка, штедење и инвестиции”, го разработува поимот потрошувачка, функција на потрошувачката, штедење заедно со детерминантите на потрошувачката и штедењето. Исто така, дефиниран е поимот инвестиции, основните детерминанти на инвестициите и презентирана е заемната зависност помеѓу штедењето и инвестициите со дополнителни објаснувања, споредено со претходното петто издание.<br>Шеснаесеттата глава, „Економскиот раст и продуктивноста – функционирањето на економиите на долг рок”, ја објаснува значајноста на долгорочниот пораст на бруто домашниот производ за економскиот раст и развој и го разработува начинот на пресметка на стапката на реален раст на економијата. Објаснети се факторите кои ја детерминираат продуктивноста и факторите на економскиот раст. Како дополнување на новото издание, даден е преглед на најзначајните теории на економскиот раст.<br>Во седумнаесеттата глава, „Економски (бизнис) циклуси – функционирање на економиите на краток рок”, дефинирани се главните фази на економскиот циклус и објаснето е однесувањето на клучните макроекономски варијабли во време на рецесија и во време на инфлација. Основните теории кои ја објаснуваат феноменологијата на економскиот циклус се, исто така, разработени во оваа глава, како и суштинските карактеристики на големите кризи. Во новото издание на учебникот, покрај Големата депресија и Големата рецесија, разработена е и Рецесијата детерминирана од пандемијата на коронавирусот.<br>Во осумнаесеттата глава, „Пари и банки”, разработено е настанувањето на парите, видовите пари, како и суштинските компоненти на долгата еволуција на парите. Исто така, објаснети се најзначајните функции на парите и дефинирани се основните монетарни агрегати М1 и М2. Факторите кои ја детерминираат побарувачката на пари, мотивот за чување пари, како и процесот на креирање пари од страна на комерцијалните банки се разработени на крајот од оваа глава. Како дополнување и промена во однос на претходното издание, авторите дале објаснување за криптовалутите.<br>Деветнаесеттата глава, „Невработеност и инфлација”, ја разработува невработеноста и начинот на пресметување на невработеноста заедно со главните причини за невработеност и трошоците од невработеноста. Исто така, во оваа глава се објаснуваат поимот инфлација, начинот на пресметка на |

| | |
|---|---|
| | инфлацијата, видовите инфлација и најзначајните трошоци од инфлацијата. Филипсовата крива на краток и долг рок, како и природната стапка на невработеност, детално се разработени во оваа глава.<br>Во дваесеттата глава, „Фискална политика”, се тргнува од основните поими буџет и фискална политика, а потоа се објаснува каква фискална политика се води во услови на рецесија, а каква во услови на инфлација,. Разработени се временските задоцнувања и нивните последици врз фискалната политика. Исто така, објаснета е разликата помеѓу дискреционата фискална политика и автоматските стабилизатори. Во оваа глава, дефинирани се буџетскиот дефицит и видовите буџетски дефицит, како и јавниот долг и последиците од нив. Разработено е прашањето за ефикасноста и неефикасноста на фискалната политика мерена преку големината на фискалните мултипликатори.<br>Дваесет и првата глава, „Монетарна политика”, ја разработува улогата на централната банка, основните цели и функции на централната банка и ги сумира ефектите на рестриктивната и експанзивната монетарна политика. Објаснет е начинот на координација на монетарната и фискалната политика во услови на рецесија и услови на инфлација, како и краткорочните и долгорочните ефекти на монетарната и фискалната политика. Посебно внимание во шестото издание е ставено на проблемот на т.н. ликвидносна стапица и каматни стапки блиску до нулата – Zero lower bound on interest rate, на последиците што произлегуваат од тоа (монетарната политика станува неефективна, а банкарскиот систем нефункционален), како и на можните пристапи за надминување на овие проблеми. Во овој контекст се разработени и т.н. мерки и инструменти на неконвенционалната монетарна политика.<br>Во дваесет и втората глава, „Меѓународна економија”, разработени се основните карактеристики и облици на меѓународната трговија. Објаснета е функцијата на царините и квотите, и презентирани се економските ефекти од царините и воведување квоти. Во оваа глава, разработени се и трите сметки на билансот на плаќање и објаснето е кои трансакции се евидентираат во капиталната сметка, а кои во тековната сметка на билансот на плаќање. Исто така, дефинирани се поимите девизен курс и девизен пазар и објаснето е како се креира понудата, а како побарувачката на девизи на девизниот пазар. Објаснето е и како промените во релативните цени на добрата и услугите помеѓу трговските партнери влијаат врз нето извозот.<br>Дваесет и третата глава, „Макроекономијата денес”, ги разработува економските школи и нивните гледишта во однос на урамнотежувањето на пазарот, очекувањата, краткиот и долгиот рок, главниот извор на нестабилност, како и од аспект на карактерот на економските политики. Како дополнување во однос на претходното петто издание, авторите во форма на епилог дале краток осврт за проблематизирањето и новото обмислување на некои клучни економски концепти – микроекономските фундаменти на макроекономијата, конвенционалното монетаристичко гледиште за условеноста на инфлацијата од понудата на пари и хипотезата за рационалните очекувања.<br>На почетокот од ракописот е даден предговор во кој, меѓу другото, е дефиниран предметот на изучување и се објаснети |

| | |
|---|---|
| | новитетите во шестото издание (во однос на претходното петто издание).<br>Сметам за потребно да истакнам дека во учебникот се поместени: клучни термини и прашања за дискусија (на крајот од секоја глава), богат речник на поими (термини) од областа на основите на економијата (на крајот од текстот) и детален индекс на поими и автори (исто така на крајот од текстот). Тие елементи се драгоцени за полесно разбирање на материјата од основите на економијата. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Предложениот текст за учебник во целост е усогласен со акредитираната предметна програма по предметот Основи на економијата на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Незначителни технички корекции. |
| **Оцена на ракописот:** | Шестото издание на учебникот под наслов „Економија: основи на економијата“, кој претставува колективен труд на авторите: акад. Таки Фити, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Предраг Трпески и проф. д-р Билјана Ташевска, разработува исклучително комплексна материја, дополнета и изменета согласно со законитостите и концептите во модерната економија. Иако учебникот е плод на колективен труд на четворица автори, се има впечаток како да е пишуван од еден автор. Тоа може да се објасни со фактот што главниот автор (акад. Таки Фити) има голем придонес во профилирањето на другите три автори (Филиповски, Трпески и Ташевска).<br>Во ова издание се внесени промените во економската наука во периодот по Големата рецесија, се разбира во најсинтетизирана форма, со негување на јасен, учебнички стил на елаборација и презентација на материјата, во основа приспособен на когнитивната способност на студентите – предметот Основи на економијата, а сепак со задржување на неопходното стручно и научно ниво на елаборација на материјата. Имено, материјата е презентирана на лесен и разбирлив начин што ќе им овозможи на студентите од првата студиска година лесно да ја совладаат материјата и да го разберат функционирањето на економијата, како и на студентите на втор и трет циклус студии кои имаат потреба од дообјаснување на основните микроекономски и макроекономски трендови. Особено важно е што авторите ги актуализирале статистичките податоци, дале осврт на последните глобални економски кризи кои се од големо значење за разбирањето на функционирањето на економијата и за третманот на основните економски категории, законитости и концепти во најновите сознанија на современата економска наука. Изменетото и дополнето издание е корисно и за пошироката јавност, но и за сите стручни лица кои директно или индиректно се засегнати од современите економски случувања. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот поднесен за рецензија содржи 567 страници основен текст, поделен во 23 поглавја, и 31 страница Речник и Индекс на автори и поими, формат А4, компјутерски обработен во фонт Times New Roman, 12. Текстот содржи 85 графикони, 54 табели, 47 прилози и 3 слики. Предложеното шесто издание целосно ги исполнува предвидените |

| | |
|---|---|
| | академски стандарди и услови за да биде испечатено и препорачано како учебник. Оправданоста за објавување е уште поголема имајќи предвид дека петтото издание на учебникот е, речиси, целосно исцрпено и дека овој учебник се користи и е прифатен на факултетите на државните и приватните универзитети во Северна Македонија, и исто така е корисен и за оние што учествуваат во креирањето на микроекономските и макроекономските политики. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Основи на економијата, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ.

Во Скопје, 23.6.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Методија Стојков, с.р.**

## II. Посебен дел од рецензентот: проф. д-р Трајко Славески

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Работната верзија на шестото изменето и дополнето издание на учебникот со наслов „Економија: основи на економијата“ е колективен труд на авторите: акад. Таки Фити, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Предраг Трпески и проф. д-р Билјана Ташевска.<br>Работниот материјал е структуриран во 23 поглавја, од кои 2 се однесуваат на вовед во економската наука, 10 на основи на микроекономијата, а 11 на основи на макроекономијата. Во секоја глава се вклучени и Прозорци, како погодна форма за илустрација и дообјаснување на материјата, со примери од практиката и обработка на одделни значајни прашања и економски процеси и концепти. На крајот на секоја глава се поместени клучни термини и прашања за проверка на степенот на совладаност на материјата. На крајот на учебникот се дадени Речник и Индекс на поими и автори.<br>Во првиот дел, кој претставува вовед во економската наука, авторите ги запознаваат студентите со природата и методите на економската наука (поглавје 1) и со базичните економски концепти (инпути и аутпути, опортунитетни трошоци и др.), кои претставуваат појдовна основа за понатамошно разбирање на економските појави и процеси (поглавје 2).<br>Вториот дел се однесува на основите на микроекономијата. Поглавје 3 ги обработува концептите на побарувачката и понудата, како и факторите кои влијаат на нив. Поглавје 4 е посветено на теоријата на избор на потрошувачот, на начинот на кој потрошувачот врши избор со цел максимизирање на корисноста од потрошувачката. Поглавје 5 и Поглавје 6 се однесуваат на фирмите, на формите на бизнис-организации, како и основните елементи кои произлегуваат од работењето на фирмите – производствената функција и трошоците од работењето, како и врската меѓу нив. Пазарните структури, нивните основни карактеристики и однесувањето на фирмите во рамки на различните пазарни структури се елаборирани во поглавјата 7 (совршена конкуренција), 8 (монопол) и 9 (олигопол). Понатаму, Поглавје 10 и Поглавје 11 се посветени на пазарите на факторите на производство (капитал, земја и труд). Поглавје 12 се осврнува на улогата на државата во економскиот живот и во регулација на бизнисот и на различните домени на пазарен неуспех.<br>Третиот дел од учебникот ги опфаќа основите на макроекономијата. На почеток (Поглавје 13), авторите ги појаснуваат основните макроекономски поими, односно понудата и побарувачката на ниво на национална економија и воспоставувањето на макроекономска рамнотежа. Тема на Поглавје 14 е бруто домашниот производ, како најсинтетички показател за вкупната економска активност во една економија. Авторите продолжуваат со концептите на потрошувачка, штедење и инвестиции, вклучително и концептот на мултипликаторот на инвестициите во Поглавје 15. Поглавје 16 ја опфаќа проблематиката на долгорочниот економски раст и продуктивноста, како и факторите кои влијаат на нив, а даден е и преглед на најзначајните |

| | |
|---|---|
| | теории на економскиот раст, како надополнување во ова издание. Економските циклуси, вклучително и теориите за економски циклуси, се во фокусот на Поглавје 17. Новина во ова издание е надополнувањето за Кризата предизвикана од пандемијата на ковид-19, покрај Големата депресија од 1929 до 1933 и Големата рецесија 2007 – 2009. Овие кризи неизбежно доведуваат до големи поместувања во економските текови, како и до нови сознанија на економската наука. Во Поглавје 18, авторите се осврнуваат на историјата на парите, почнувајќи од трампата, па сè до денешните криптовалути/криптосредства, потоа на функциите и вредноста на парите, основните монетарни агрегати, како и побарувачката и понудата на пари. Поглавје 19 ги објаснува комплексните проблеми на невработеност и инфлација, нивните меѓусебни односи и нивните далекусежни последици. Наредните две поглавја (Поглавје 20 и Поглавје 21) се однесуваат на клучните макроекономски политики – фискалната и монетарната политика, на нивните инструменти и улога во стабилизирање на економијата, како и прашањата за нивната ефикасност. Дополнително, во поглавјето за фискалната политика разработено е прашањето за ефикасноста и неефикасноста на фискалната политика мерена преку големината на фискалните мултипликатори. Во поглавјето посветено на монетарната политика, авторите посебно внимание обрнуваат на проблемот на т.н. ликвидносна стапица, на последиците што од тоа произлегуваат, како и на можните пристапи за надминување на овие проблеми. Во овој контекст се разработени и мерките и инструментите на т.н. неконвенционална монетарна политика. Поглавје 22 е посветено на основните компоненти на меѓународната економија, како што се: надворешнотрговската теорија и политика, елементите на билансот на плаќања и одредувањето на девизниот курс. Последното поглавје (23) дава осврт на главните макроекономски школи и основните домени на согласување и на несогласување во современата макроекономска наука. Со ова се заокружува една целина на основни познавања кои треба да ги имаат студентите од прва година за разбирање на економските појави и процеси и за полесно совладување на материјата која се изучува во повисоките академски години. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Предложениот текст за учебник во целост е усогласен со акредитираната предметна програма по предметот Основи на економијата на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Минимални технички подобрувања на текстот. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот за учебник под наслов „Економија: основи на економијата“, од авторите: акад. Таки Фити, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Предраг Трпески и проф. д-р Билјана Ташевска, претставува уреден и актуелен текст презентиран во форма на модерен учебник, обработен на едноставен и разбирлив јазик и приспособен на потребите на студентите од прва студиска година. Учебникот е структуриран според |

| | |
|---|---|
| | наставната програма по предметот Основи на економијата на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Економски факултет – Скопје, која е, речиси, идентична со наставните програми по кои се изучува овој предмет на сите современи универзитети во светот и кои, во основа, се високо стандардизирани.<br>Ракописот е ново проширено издание кое детално и во целост ги објаснува основните концепти, како и актуелните проблематики, и ги претставува новите трендови во економијата и новите економски појави. Технички, учебникот е одлично обликуван (во две бои), со нумерација на графиконите, табелите, сликите и прозорците, во секоја глава посебно, што дава голема прегледност и го олеснува совладувањето на материјата по предметот Основи на економијата. Примерите од реалните економски случувања, актуализираните статистички податоци преземени од релевантни извори, заедно со илустрациите прикажани во табелите, сликите и графиконите во учебникот, дополнително влијаат на неговиот квалитет и го олеснуваат совладувањето на потребното знаење. Содржината на материјата има претрпено соодветни промени согласно новите потреби и актуелности во модерната економија, имајќи ги предвид и последните глобални кризи (Големата рецесија од 2007 до 2009 година и Рецесијата од 2020 година, предизвикана од пандемијата на ковид-19). Авторите успешно направиле обид за задржување на наставната програма по Основи на економијата согласно со материјата што се изучува на овој предмет, притоа фокусирајќи се на новите и модерни концепти во делот на макроекономијата. Текстот е изработен со почитување на академските стандарди, а посебен успех за авторите е нивната способност оваа комплексна материја да ја претставаат на едноставен и приемчив начин, лесен за изучување не само од страна на студентите и академската заедница, туку и за секој читател заинтересиран за модерните појави и концепти во економијата. |
| **Категоризација:** | учебник |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот на предложеното издание на учебникот со наслов: **Економија: основи на економијата,** од авторите: акад. Таки Фити, проф. д-р Владимир Филиповски, проф. д-р Предраг Трпески и проф. д-р Билјана Ташевска, изработен на 567 страници основен текст (поделен во 23 поглавја) и 31 страница Речник и Индекс на автори и поими, формат А4, компјутерски обработен во фонт Times New Roman, 12, со вклучени клучни термини и прозорци, во целост ги исполнува сите предвидени академски стандарди и услови за да биде испечатен и препорачан како учебник. Ова особено со оглед на фактот што овој учебник е општоприфатен универзитетски учебник по Економија во нашата земја, кој го користат и студентите на факултетите на државните и приватните универзитети во Македонија. Потребата од издавање на шесто изменето и дополнето издание се наметна и поради тоа што петтото издание на учебникот „Економија - основи на економијата“, од авторот Таки Фити, е речиси целосно исцрпено. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебник по предметот Основи на економијата, примарно наменет за студентите на Економскиот факултет во Скопје при УКИМ во Скопје.

Во Скопје, 23.6.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Трајко Славески, с.р.**

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА 3 АСИСТЕНТИ ПО ПРЕДМЕТОТ СУДСКА МЕДИЦИНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха” од 9.3.2022 година, за избор на 3 асистенти по предметот Судска медицина, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет, бр. 02 -1573/17, донесена на 5.4.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Биљана Јанеска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје, д-р Верица Попоска, редовен професор на Медицинскиот факултет во Скопје и д-р Александар Станков, вонреден професор на Медицинскиот факултет во Скопје,.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на асистенти по предметот Судска медицина, во предвидениот рок се пријавија асистент докторанд д-р Љупчо Чакар, асистент докторанд д-р Наташа Битољану и асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова.

### 1. АСИСТЕНТ ДОКТОРАНД Д-Р ЉУПЧО ЧАКАР

***Биографски податоци***

Кандидатот асистент докторанд д-р Љупчо Чакар е роден во Скопје, во 1977 година. Високото образование го завршил на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечна оценка 9,2.

Во 2009 година е избран во звањето помлад асистент на Медицинскиот факултет во Скопје.

Од 2009 година работи на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија.

Во септември 2015 година ја започнал специјализацијата по судска медицина, која ја завршил во 2019 година.

Кандидатот асистент докторанд д-р Љупчо Чакар се пријавил на конкурсот за трет циклус студии на Медицинскиот факултет во септември 2017 година.

Своето познавање на англискиот јазик го потврдува со положен Кембриџ-тест за Б 1-ниво, организиран од страна на Британскиот совет во 2015 година. Со овој резултат се стекнува со Кембриџ-сертификат Preliminary English Test (PET) од University of Cambridge) за познавање на англискиот јазик на ниво Б1 според Common European Framework of Reference for Languages (CEFR), уверение за познавање на англиски јазик на ниво Б2 според Европската јазична рамка на совет на Европа(CEFR), од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2010 година, во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет при УКИМ, кандидатот асистент докторанд д-р Љупчо Чакар ја изведува практичната настава на прв циклус студии на студиската програма по медицина и по стоматологија.

***Стручно-применувачка дејност***

Асистент докторанд д-р Љупчо Чакар активно е вклучен во работењето на Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, во изведувањето на судскомедицински аутопсии, во сферата на вештачење на кривични и граѓански предмети за потребите на судот, обвинителството, полицијата и други правни и физички лица.

***Научноистражувачка дејност***

**Асистент докторанд д-р Љупчо Чакар е учесник во 5 научни меѓународни и домашни проекти:**

- **R01 MH64168 (Dwork PI)** 08/01/10 to 5/31/14 NIMH

Golgi Studies of Schizophrenia
The study uses Golgi stains to examine the structure of dendrites and spines in archival brain specimens from schizophrenia and nonpsychiatric cases. This grant also supports the collection and analysis of brains and clinical histories from the Republic of Macedonia for use in NIMH-supported post mortem studies of psychiatric disorders.
Role: Co Investigator

- **1R01MH098786 Rosoklija/Dwork (Multi-PI)** 12/1/12 to 11/30/17 Fogarty/NIMH

Building Schizophrenia Research in Macedonia
This is a collaboration between scientists in Macedonia and the US to train and equip Macedonian scientists and institutions for state-of-the-art use of electron microscopy, stereology, image analysis, RNA-seq, and label-free proteomics in the context of continuing studies of white matter in schizophrenia.
Role: Co-Investigator

- **Колекција на фетални ткива**

МАНУ, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Клиника за гинекологија и акушерство – Скопје.

- **Развој на нова аналитичка метода за определување на опијати со примена на ултра брза LC-MS-MS техника и нејзина примена во одредување на потеклото на опијатите во биолошки материјал,**

Медицински факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
Role: Co-Investigator

- **Применливоста на очната водичка како биолошки материјал во форензичната токсикологија,** Медицински факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

Role: Co-Investigator

**Кандидатот асистент докторанд д-р Љупчо Чакар е автор и коавтор на повеќе трудови, и тоа:**

1. Bujaroska M, Bitoljanu N, **Cakar Lj**, Jankova-Ajanovska R, Jakovski Z, Poposka V, Duma a., Challenges in interpretation of forensic toxicological findings for opiates: case report and a literature review, 6 th Congress od Pharmacy in Macedonia with international participation, Ohrid, 2016.
2. Stankov A, Jovanovic R, **Cakar Lj**, Bitoljanu N, Belakaposka Srpanova V, Cakar Z., Siderophages as parameter for determing age of cerebral contusions. Journal of Macedonian Association of Physiologist and Antropologist Physioacta Vol. 9 – No. 1:54-63, 2014.
3. Stankov A, Bitoljanu N, Belakaposka Srpanova V, **Cakar Lj**, Cakar Z., Morphology of microglia in cerebral contusions. Acta morphol. 2015; Vol.12 (1): 36.
4. Stankov A, Belakaposka Srpanova V, Bitoljanu N, **Cakar Lj**, Cakar Z., Gorazd Rosoklija, Visualisation of microglia with the use of immunohistochemical double staining method for cd-68 and iba 1 of cerebral tissue samples in cases of brain contusions. Contributions sec. Med. Sci., XXXVI 2 2015.
5. Stankov A, **Cakar Lj**, Bitoljanu N, Belakaposka Srpanova V, Bujaroska M, Cakar Z., Forensic aspect of cerebral contusions. Mac Med Pregled 2014 68 (1) : 112-1152,4.
6. Трајчова Е, Бујароска М, Јанкова Ајановска Р, **Чакар Љ**, Попоска В. Цијанотоксини – влијание врз човековото здравје и детекција во биолошки материјал, X јубилеен симпозиум на Здружението на токсиколози при МЛД и Универзитетска клиника за токсикологија со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 7-9.6.2013.
7. **Cakar Lj**, Stankov A, Poposka V, Jankova Ajanovska R, Duma A., Analysis of the low jaw in the act of identification. 19 th World meeting of the International association of forensic sciences (IAFS), Funchal Madeira Portugal, 2011.
8. Pavlovski G, Nikolova M, Poposka V, Stankov A, Jankova-Ajanovska R, **Cakar Lj**, „The Role Of Forensic Radiology In The Process Of Forensic Expertise And Investigation“ Second International Conference On Radiation And Dosimetry In Various Fields Of Research. 27-30 May 2014 Nish Serbia.
9. Zlatko Jakovski, Biljana Janevska, Natasa Davceva, Renata Jankova-Ajanovska, **Ljupco Cakar**, Natasa Bitoljanu, Viktorija Belakaposka, Ana Ivceva, Sasho Risteski, Hilda Jovanovic, Marija Bujaroska,

Klimentina Trajkova, Aleksej Duma, DNA identification of the victims from the Italian aircraft crush near Skopje, 2016, Florence.

10. **Chakar Lj**, Popovska V, Davcheva N, Stankov A, Jankova-Ajanovska R, Janeska B, Forensic, medical aspets of ontological consequences after sustained fractures of the temporal bone 26 th World meeting of the International association of forensic sciences (IAFS ), 2017 Lisabon, Portugal.

11. **Chakar Lj**, Verica Poposka, Natasha Davcheva, Zlatko Jakjovski, Goran Pavlovski, Viktorija Srpanova Belakaposka, Ana Ivcheva, Biljana Janeska, Forensic medicine in crimes against the physical and sexual integrity of people, 26th International Meeting on Forensic Medicine – Alpe - Adria – Panonia, 30 May – 2 June 2018, Pula, Croatia.

12. Goran Pavlovski, Verica Poposka, Zlatko Jakjovski, Renata Jankova-Ajanovska, **Ljupco Cakar**, Ana Ivcheva, Biljana Janeska, Zdravko Cakar, Fatal falls from heights, 26th International Meeting on Forensic Medicine – Alpe - Adria – Panonia, 30 May – 2 June 2018, Pula, Croatia

13. A.Ivcheva, R.Jankova – Ajanovska, V.Belakaposka Srpanova, N.Davceva, N.Bitoljanu, Lj.Chakar, A.Rakipi, B.Janeska, An autopsy finding in mechanical ileus caused by ingestion of foreign body, German forensic society, Halle 12-15.09.2018

14. Jankova R., **Chakar Lj**., Ivcheva A., Risteski S., Jankovik H., Veljanovski Z, Kotevski Z., Poposka V., Chakar Z., Janeska B., Stankov A. Antropology study complemented with DNA analysis of decomposed body remains – case report. Folia Societatis Medicinae Legalis Slovacae. Volume 9 Nr.1 May 2019

15. Jankova R., **Chakar Lj**., Ivcheva A., Risteski S., Jankovik H., Veljanovski Z, Kotevski Z., Poposka V., Chakar Z., Janeska B., Stankov A. Antropology study complemented with DNA analysis of decomposed body remains – case report. Folia Societatis Medicinae Legalis Slovacae. Volume 9 Nr.1 May 2019

16. **Ljupcho Chakar**, Goran Pavlovski, Zlatko Jakjovski, Ana Ivcheva, Marija Bujaroska, Biljana Janeska, Institute for forensic medicine, criminalistics and medical deontology Skopje University of Ss Cyril and MethodiusTOXIC SUBSTANCES AS A CAUSE OF BOLUS DEATH- CASE REPORT International Meeting on Forensic Medicine – Alpe - Adria – Panonia, 2 – 5 October 2019, Belgrade, Serbia

17. Ana Ivcheva, Goran Pavlovski, Slavica Kostadinova, Marija Bujaroska, Ljupcho Chakar, Zlatko Jakovski, Child aphyxiation caused by aspirated vitamin C tablet, 27th International Meeting on Forensic Medicine – Alpe - Adria – Panonia, 2 – 5 October 2019, Belgrade, Serbia.

18. Zlatko Jakovski, Goran Pavlovski, Viktorija Belakaposka Srpanova, Natasha Bitoljanu, **Ljupcho Chakar**, Aleksandar Stankov, Unusual characteristics of gunshot wounds in clinical forensic practice, 27th International Meeting on Forensic Medicine – Alpe - Adria – Panonia, 2 – 5 October 2019, Belgrade, Serbia.

19.Marina Davcheva Chakar, Valentina Ivanovska, **Ljupcho Chakar**, Sudden Sensorineural Hearing Loss as an initial symtoms of Vestibular Schwanoma Macedonian Journal of ophthalmology (MJO), No2, Vol,4,4/2017.

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Љупчо Здравко Чакар
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.
(назив на факултетот/институтот)

Научна област: БАЗИЧНА МЕДИЦИНА

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,2. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик.<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик<br>кое одговара на ниво **Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).**<br>3. Издавач на документот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот: 8.2.2022. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Биљана Јанеска, с.р.**
**Проф. д-р Верица Попоска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Станков, с.р.**

**2. Асистент докторанд д-р Наташа Битољану**

***Биографски податоци***

Кандидатката асистент докторанд д-р Наташа Битољану е родена во Скопје, во 1983 година. Високото образование го завршила на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечна оценка 9,41.

Во јануари 2013 година започнала да волонтира на Институтот за судска медицина, каде што била активно вклучена во работата на Институтот.

Во март 2015 година е вработена на неопределено време на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.

Во септември 2015 година ја започнала специјализацијата по судска медицина, која ја завршила во 2020 година.

Кандидатката асистент докторанд д-р Наташа Битољану се пријавила на конкурсот за трет циклус студии на Медицинскиот факултет во септември 2017 година.

Своето познавање на англискиот јазик го потврдува со положен Кембриџ-тест за Б 1-ниво, организиран од страна на Британскиот совет во Скопје, во јуни 2017 година. Со овој резултат се стекнува со Кембриџ-сертификат Preliminary English Test (PET) од University of Cambridge за познавање на англискиот јазик на ниво Б1 според Common European Framework of Reference for Languages (CEFR), уверение за познавање на англиски јазик со ниво Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR), од Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филилошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.

***Наставно-образовна дејност***

Од 2013 година, во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет при УКИМ, кандидатката асистент докторанд д-р Наташа Битољану ја изведува практичната настава на прв циклус студии на студиската програма по медицина и по стоматологија.

***Стручно-применувачка дејност***

Асистент докторанд д-р Наташа Битољану активно е вклучена во работењето на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, во изведувањето на судскомедицински аутопсии, во сферата на вештачење на кривични и граѓански предмети за потребите на судот, обвинителството, полицијата и други правни и физички лица.

***Научноистражувачка дејност***

**Асистент докторанд д-р Наташа Битољану е учесник во 5 научни меѓународни и домашни проекти**:

- **R01 MH64168 (Dwork PI)** 08/01/10 to 5/31/14 NIMH
Golgi Studies of Schizophrenia
The study uses Golgi stains to examine the structure of dendrites and spines in archival brain specimens from schizophrenia and nonpsychiatric cases. This grant also supports the collection and analysis of brains and clinical histories from the Republic of Macedonia for use in NIMH-supported post mortem studies of psychiatric disorders.
Role: Co Investigator

- **1R01MH098786 Rosoklija/Dwork (Multi-PI)**12/1/12 to 11/30/17
Fogarty/NIMH
Building Schizophrenia Research in Macedonia
This is a collaboration between scientists in Macedonia and the US to train and equip Macedonian scientists and institutions for state-of-the-art use of electron microscopy, stereology, image analysis, RNA-seq, and label-free proteomics in the context of continuing studies of white matter in schizophrenia.
Role: Co-Investigator

- **Колекција на фетални ткива**

МАНУ, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Клиника за гинекологија и акушерство – Скопје.

- **Развој на нова аналитичка метода за определување на опијати со примена на ултра брза LC-MS-MS техника и нејзина примена во одредување на потеклото на опијатите во биолошки материјал,**

Медицински факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

Role: Co-Investigator

- **Применливоста на очната водичка како биолошки материјал во форензичната токсикологија,** Медицински факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје

Role: Co-Investigator

**Кандидатката асистент докторанд д-р Наташа Битољану е автор и коавтор на повеќе од 10 труда, и тоа:**

- Risteski S, jankova-Ajanovska R, Jovanovic H, Jakovski Z, **Bitoljanu N**, Pavlovski G. Case report: Application of Quntifiler Duo's Internal Positive Control in sexual assault casework
- **Bitoljanu N**, Popska V, Trajcova Kovacovska E, Stankov A, Trencevska I, Cakar Z., Unusual case of suicide with pentobarbital
- Bujaroska M, **Bitoljanu N**, Cakar Lj, Jankova-Ajanovska R, Jakovski Z, Poposka V, Duma a., Challenges in interpretation of forensic toxicological findings for opiates: case report and a literature review
- Poposka V**, Bitoljanu N,** Pavlovski G, Belakaposka V, Ivcheva A, Chakar Z, Janeska B. Age identification in children and joungsters. Folia Socientatis Medicinae Legalis Slovacae. Volume 7. May 2017
- A.Ivcheva, R.Jankova – Ajanovska, V.Belakaposka Srpanova, N.Davceva, **N.Bitoljanu,** Lj.Chakar, A.Rakipi, B.Janeska**,** An autopsy finding in mechanical ileus caused by ingestion of foreign body, German forensic society, Halle 12-15.09.2018
- Aleksandar Stankov, Biljana Janeska, Verica Poposka, Renata Jankova-Ajanovsa, Zlatko Jakjovski**, Natasha Bitoljanu,** Ana Ivcheva, Zdravko Chakar**.** Acupuncture induced haematopneumothorax – Case Report. The 26th International Meeting od Forensic Medicine Alpe – Adria Pannonia, Croatia, Pula 30 May-2 June 2018
- V Belakaposka Srpanova**, N Bitoljanu,** A Ivcheva, N Davcheva, R Jankova Ajanovska, A Stankov, Z Chakar, B janeska**,** Forensic perspective of sudden death due to pancreatitis-case report, German forensic society, Halle 12-15.09.2018
- **Natasha Bitoljanu,** Ana Ivcheva, Zlatko Jakovski, Verica Poposka.The Last Selfie – Case Report 20th Congress of the Macedonian Medical Association in collaboration with Medical Faculty – Skopje,2019.
- Zlatko Jakjovski, Aleksandar Stankov, Verica Poposka, Renata Jankova Ajanovska, Goran Pavlovski, Ljupco Cakar, Viktorija Belakaposka, **Natasa Bitoljanu,** Ana Ivceva, Natasa Davceva, Zdravko Cakar, Biljana Janeska**,**Forensic identification procedure of the victims in mass disasters. ELSA Ohrid 23.03.2018
- **Natasha Bitoljanu,** Verica Poposka, Natasha Davcheva, Aleksandar Stankov, Goran Pavlovski, Ljupcho Chakar, Viktorija Srpanova Belakaposka, Zdravko Chakar. Death Related Injuries From Large Domestic Animals. The 26th International Meeting od Forensic Medicine Alpe – Adria Pannonia, Croatia, Pula 30 May-2 June 2018
- Aleksandar Stankov, Biljana Janeska, Verica Poposka, Renata Jankova-Ajanovsa, Zlatko Jakjovski**, Natasha Bitoljanu,** Ana Ivcheva, Zdravko Chakar. Acupuncture induced haematopneumothorax – Case Report. The 26th International Meeting od Forensic Medicine Alpe – Adria Pannonia, Croatia, Pula 30 May-2 June 2018
- Zlatko Jakjovski, Goran Pavlovski, Viktorija Belakaposka Srpanova, **Natasha Bitoljanu**, Ljupcho Chakar, Aleksandar Stankov, Unusual characteristics of gunshot wounds in clinical forensic practise, The 27 th International Meeting od Forensic Medicine Alpe – Adria Pannonia, Serbia, Belgrade2-5 October 2019
- Zlatko Jakovski, Renata Jankova, Aleksandar Stankov, Verica Poposka, **Natasa Bitoljnau**, Viktorija Belakaposka, The power of forensic DNA data bases in solving crime cases. http://dx.doi.org/10.1016/j.fsigss.2017.09.085, FSIGSS 1351
- Poposka V, **Bitoljanu N**, Pavlovski G, Belakaposka Srpanova V, Ivcheva A, Chakar Z, Janeska B., Age identification in children and youngsters. 25 th International Meeting on Forensic Medicine Alpe- Adria – Pannonia, 2017

Zlatko Jakovski, Biljana Janevska, Natasa Davceva, Renata Jankova-Ajanovska, Ljupco Cakar, **Natasa Bitoljanu**, Viktorija Belakaposka, Ana Ivceva, Sasho Risteski, Hilda Jovanovic, Marija Bujaroska, Klimentina Trajkova, Aleksej Duma, DNA identification of the victims from the Italian aircraft crush near Skopje, 2016, Florence

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Наташа Петар Битољану
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: БАЗИЧНА МЕДИЦИНА

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**за факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии<br><br>Просечниот успех изнесува: 9,4. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик.<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англиски јазик<br>кое одговара на ниво **Б2 според Европската јазична рамка на Советот на Европа (CEFR).**<br>3. Издавач на документот: Уневерзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филолошки факултет „Блаже Конески“, Скопје.<br>4. Датум на издавање на документот: 11.3.2022. | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Биљана Јанеска, с.р.**
**Проф. д-р Верица Попоска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Станков, с.р.**

## 3. АСИСТЕНТ ДОКТОРАНД Д-Р ВИКТОРИЈА БЕЛАКАПОСКА СРПАНОВА

***Биографиски податоци***

Кандидатката асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова е родена во Скопје, во 1981 година.

Високото образование го завршила на Медицинскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со просечна оценка 8,62.

За време на додипломските студии, кандидатката учествувала во работилницата „Научниот труд – да се напише и објави“, учествувала во организацијата на 28. Интернационален студентски научен конгрес, како член на организациониот одбор, и била национален координатор за истражувачките студентски размени во текот на додипломските студии, во рамките на Сојузот на студенти по медицина на Македонија.

Од јануари 2013 година започнала да волонтира на Институтот за судска медицина, каде што била активно вклучена во работата на Институтот.

Во март 2015 година е вработена на неопределено време на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.

Во септември 2015 година ја започнала специјализацијата по судска медицина, која ја завршила во 2020 година.

Кандидатката асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова се пријавила на конкурсот за трет циклус студии на Медицинскиот факултет во септември 2017 година.

Своето познавање на англискиот јазик го потврдува со положен Кембриџ-тест за Ц 1-ниво во Скопје, во 1999 година. Со овој резултат се стекнува со Кембриџ-сертификат Cambridge English: First (FCE) од University of Cambridge (ESOL Examinations) за познавање на англискиот јазик на ниво Ц2 според Common European Framework of Reference for Languages (CEFR).

***Наставно-образовна дејност***

Од 2013 година, во рамките на наставно-образовната дејност на Медицинскиот факултет при УКИМ, кандидатката асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова ја изведува практичната настава на прв циклус студии на студиската програма по медицина и по стоматологија.

***Стручно-применувачка дејност***

Асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова активно е вклучена во работењето на Институтот за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, во изведувањето на судскомедицински аутопсии, во сферата на вештачење на кривични и граѓански предмети за потребите на судот, обвинителството, полицијата и други правни и физички лица.

***Научноистражувачка дејност***

**Асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова е учесник во 5 научни меѓународни и домашни проекти:**

- **R01 MH64168 (Dwork PI)** 08/01/10 to 5/31/14 NIMH
  Golgi Studies of Schizophrenia
  The study uses Golgi stains to examine the structure of dendrites and spines in archival brain specimens from schizophrenia and nonpsychiatric cases. This grant also supports the collection and analysis of brains and clinical histories from the Republic of Macedonia for use in NIMH-supported post mortem studies of psychiatric disorders.
  Role: Co Investigator

- **1R01MH098786 Rosoklija/Dwork (Multi-PI)** 12/1/12 to 11/30/17 Fogarty/NIMH
  Building Schizophrenia Research in Macedonia
  This is a collaboration between scientists in Macedonia and the US to train and equip Macedonian scientists and institutions for state-of-the-art use of electron microscopy, stereology, image analysis, RNA-seq, and label-free proteomics in the context of continuing studies of white matter in schizophrenia.
  Role: Co-Investigator

- **Колекција на фетални ткива**

МАНУ, Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Клиника за гинекологија и акушерство – Скопје.

- **Развој на нова аналитичка метода за определување на опијати со примена на ултра брза LC-MS-MS техника и нејзина примена во одредување на потеклото на опијатите во биолошки материјал,**

Медицински факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
Role: Co-Investigator

- **Применливоста на очната водичка како биолошки материјал во форензичната токсикологија,** Медицински факултет, Скопје, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје
Role: Co-Investigator

**Кандидатката асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова е автор и коавтор на повеќе трудови, и тоа:**

- Zlatko Jakovski, Renata Jankova, Aleksandar Stankov, Verica Poposka, Natasa Bitoljnau, **Viktorija Belakaposka**, The power of forensic DNA data bases in solving crime cases. http://dx.doi.org/10.1016/j.fsigss.2017.09.085, FSIGSS 1351
- Bujaroska M, Sibinovska N, Trajkova K, Poposka V, Pavlovski G, **Belakaposka Srpanova V**, Janeska B., Drug-related deaths linked with concomitant use of methadone and benzodiazepines in the period between 2011 and 2015 in the Republic of Macedonia
- Stankov A, Jovanovic R, Cakar Lj, Bitoljanu N, **Belakaposka Srpanova V**, Cakar Z., Siderophages as parameter for determing age of cerebral contusions. Journal of Macedonian Association of Physiologist and Antropologist Physioacta Vol. 9 – No. 1:54-63, 2014
- Stankov A, Bitoljanu N, **Belakaposka Srpanova V**, Cakar Lj, Cakar Z., Morphology of microglia in cerebral contusions. Acta morphol. 2015; Vol.12 (1): 36
- Stankov A**, Belakaposka Srpanova V**, Bitoljanu N, Cakar Lj, Cakar Z., Gorazd Rosoklija, Visualisation of microglia with the use of immunohistochemical double staining method for cd-68 and iba 1 of cerebral tissue samples in cases of brain contusions. Contributions sec. Med. Sci., XXXVI 2 2015
- Stankov A, , Cakar Lj, Bitoljanu N, **Belakaposka Srpanova V,** Bujaroska M, Cakar Z., Forensic aspect of cerebral contusions. Mac Med Pregled 2014 68 (1) : 112-1152,4
- Poposka V, Bitoljanu N, Pavlovski G, **Belakaposka Srpanova V**, Ivcheva A, Chakar Z, Janeska B., Age identification in children and youngsters. 25 th International Meeting on Forensic Medicine Alpe- Adria – Pannonia
- Ivcheva A, Stankov A, **Belakaposka Srpanova V**, Poposka V, Ramadani A, Ivanovska V, Veljanovska F, Chakar Z., Trepanation case found on bone material exhumed from cave ,,Skull”. 25 th International Meeting on Forensic Medicine Alpe- Adria – Pannonia, 2017
- A.Ivcheva, R.Jankova – Ajanovska, **V.Belakaposka Srpanova**, N.Davceva, N.Bitoljanu, Lj.Chakar, A.Rakipi, B.Janeska, An autopsy finding in mechanical ileus caused by ingestion of foreign body, German forensic society, Halle 12-15.09.2018
- Ljupcho Chakar, Verica Poposka, Natasha Davcheva, Zlatko Jakjovski, Goran Pavlovski, **Viktorija Srpanova Belakaposka**, Ana Ivcheva, Biljana Janeska, Forensic medicine in crimes against the physical and sexual integrity of people, 26th International Meeting on Forensic Medicine – Alpe - Adria – Panonia, 30 May – 2 June 2018, Pula, Croatia
- **V Belakaposka Srpanova**, N Bitoljanu, A Ivcheva, N Davcheva, R Jankova Ajanovska, A Stankov, Z Chakar, B janeska, Forensic perspective of sudden death due to pancreatitis-case report, German forensic society, Halle 12-15.09.2018
- **Viktorija Belakaposka Srpanova**, Aleksandar Stankov, Ana Ivcheva, Marija Bujaroska, Verica Poposka, Biljana Janeska, First cases of fatal intoxication in cocaine body packers in Macedonia: case report, The 27 th International Meeting od Forensic Medicine Alpe – Adria Pannonia, Serbia, Belgrade2-5 October 2019

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Викторија Миле Белакапоска Српанова
(име, татково име и презиме)
**Институција:** Институт за судска медицина, криминалистика и медицинска деонтологија, Медицински факултет, УКИМ, Скопје.
(назив на факултетот/институтот)
Научна област: БАЗИЧНА МЕДИИНА

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**
**За факултети кои имаат студиски програми на интегрирани прв и втор циклус студии**

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено додипломски и студии по студиските програми пред воведувањето на европскиот кредит-трансфер систем и има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на додипломските академски студии<br><br>Просечниот успех изнесува: 8,6. | ДА |
| 2 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: **Кембриџ-сертификат Cambridge English: First (FCE) од University of Cambridge (ESOL Examinations) за познавање на англискиот јазик на ниво Ц2 според Common European Framework of Reference for Languages (CEFR).**<br>3. Издавач на документот: **First (FCE) од University of Cambridge (ESOL Examinations) – Скопје**.<br>4. Датум на издавање на документот: јули 1999 година | ДА |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Биљана Јанеска, с.р.**
**Проф. д-р Верица Попоска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Станков, с.р.**

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатите, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-применувачката дејност, како и дејноста од поширок интерес на асистент докторанд д-р Љупчо Чакар, асистент докторанд д-р Наташа Битољану и асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатите, Комисијата заклучи дека асистент докторанд д-р Љупчо Чакар, асистент докторанд д-р Наташа Битољану и асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова поседуваат научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнуваат сите услови да бидат избрани во звањето асистент по предметот Судска медицина.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, асистент докторанд д-р Љупчо Чакар, асистент докторанд д-р Наташа Битољану и асистент докторанд д-р Викторија Белакапоска Српанова да бидат избрани во звањето асистент по предметот Судска медицина.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Биљана Јанеска, с.р.**
**Проф. д-р Верица Попоска, с.р.**
**Проф. д-р Александар Станков, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „КОМПАРАТИВНИ ЕФЕКТИ НА ЕПИНЕФРИНОТ И ДЕКСАМЕТАЗОНОТ КАКО АДЈУВАНСИ ПРИ ПЕРИФЕРНИ НЕРВНИ БЛОКОВИ НА ГОРЕН ЕКСТРЕМИТЕТ КАЈ ПЕДИЈАТРИСКИ ПАЦИЕНТИ“ ОД ЉУБИЦА МИЌУНОВИЌ ДЕРЕБАНОВА, ПРИЈАВЕНА НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет во Скопје, на својата XVI редовна седница одржана на 12.5.2022 година, а по предлог на Советот на студиската програма на трет циклус студии – докторски студии, студиска програма на медицина, во согласност со Законот за високото образование на Република Македонија, а врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), член 275 од Статутот на Медицинскиот факултет во Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (бр. 458 од 17.10.2019) и член 61 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус – докторски студии на Универзитетот ,,Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 245/2013), формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката д-р Љубица Миќуновиќ Деребанова со наслов: „Компаративни ефекти на епинефринот и дексаметазонот како адјуванси при периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти“, во состав: проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател, проф. д-р Андријан Карталов, ментор, проф. д-р Лазар Тодоровиќ, член, проф. д-р Билјана Кузмановска, член, и проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член.

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Медицинскиот факултет му го поднесува следниов

## ИЗВЕШТАЈ

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката д-р Љубица Миќуновиќ Деребанова со наслов: „Компаративни ефекти на епинефринот и дексаметазонот како адјуванси при периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти“, содржи 86 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,15 проред и големина на букви 12, и 169 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, и книги. Трудот има апстракт на македонски и англиски јазик, листа на кратенки и е структуриран во 7 глави, вовед, хипотеза, мотив и цели за изработка на докторскиот труд, материјали и методи на истражувањето, статистичка анализа на резултатите, дискусија, заклучни согледувања и користена литература. Текстот е збогатен со 45 табели, 7 графикони и 7 слики. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

**Првата глава** од докторската дисертација претставува **Вовед,** кој е правилно структуриран и започнува со краток осврт на употребата на периферните нервни блокови за анестезија и постоперативна аналгезија во детската хирургија. Се потенцира предизвикот за примена на периферните нервни блокови во педијатриската популација заради разликите во анатомските структури и физиологијата помеѓу возрасните и децата, како и разликата во фармакокинетиката на локалните анестетици, од кои системската токсичност е животозагрозувачка компликација. Во овој дел, детално се опишува анатомијата на plexus brachialis, при што според нивото на пристапност, периферните блокови се делат на интерскаленски, параскаленски, супраклавикуларен, инфраклавикуларен и аксиларен, а интерскаленскиот и супраклавикуларниот пристап овозможуваат задоволителна анестезија и аналгезија за изведување на операции на цел горен ектремитет. Следи опис и сликовито прикажување на техниките за подобрување на точноста на изведување на периферните нервни блокови и тоа примената на ултразвук и невростимулатор. Стапката на успешност за изведување на блокот е проследена низ повеќе студии кои дале различни согледувања во однос на комбинираната примена и на двете техники или, пак, на секоја поединечно. Според нив, тешко е да се заклучи дали со употреба на комбинација од ултразвук и невростимулатор би се подобриле квалитетот, почетокот на блокот и времетраењето на регионалната анестезија. Сепак, нивната заедничка примена е оправдана доколку постои абнормална анатомија на нервите, кај обезни пациенти каде што е слаба ултразвучната визуализација и доколку анестезиологот не е фамилијаризиран со ултразвучната сонографија. Во однос на фармакокинетиката на локалните анестетици, се напоменува дека и кај двете групи локални анестетици, естерите и амидите, физиолошките разлики помеѓу децата и возрасните имаат значајно влијание, па така, на пр., волуменот на дистрибуција на локалниот анестетик зависи од вкупната вода во телото која се менува во зависност од возраста. Исто така, разликите во фармакокинетиката кај возрасните и децата особено се потенцираат зависно од локацијата и типот на блокот. Кај деца се преферира 0,25 % бупивакаин за блокови на периферните нерви и 0,1% за континуирани инфузии преку катетер. Максимална доза на бупивакаин е 2-4 mg/kg за единечна доза и 0,2-0,4 mg/kg за континуирана инфузија. Бупивакаинот во концентрација од 0,5 % ретко се користи кај деца. Оваа

концентрација може да се користи за периферните нервни блокови, каде што волуменот на администрираниот лек е доволно мал за да дозволи таа концентрација да се користи без опасност од токсичност. Поголемите концентрации ја зголемуваат и јачината на моторот блок, ефект кој може да биде пожелен во зависност од клиничката ситуација, но во трудот е потенцирано дека безбедноста од токсичните ефекти на локалните анестетици во педијатриската популација е од особено значење. Оттаму, користењето на побезбеден локален анестетик (ропивакаин, левобупивакаин) наспроти бупивикаинот е императив. Следи набројување на неколку експериментални препарати на локални анестетици кои имаат потенцијал за продолжување на аналгезијата со намален потенцијал за токсичност. Напоменато е дека додавањето на дексаметазон на бупивикаинот го намалува токсичниот праг на истиот. Воведот продолжува со детално дефинирање и опишување на клиничката слика на системската токсичност од локалните анестетици. За да се намали брзината на апсорпција на локалниот анестетик, а со тоа да се намали и неговата токсичност, вкупната доза на локалниот анестетик, брзината на администрацијата, местото на аплицирање и употребата на вазоконстриктори е од особено значење. Ова е особено важно кога постоперативно се користи континуирана регионална инфузија или за време на долготрајна операција кога се администрираат повторувачки болуси на локален анестетик. Се препорачува дозите на болус и инфузија на бупивакаин и лидокаин да се намалат приближно за 30 % кај доенчињата помлади од 6 месеци со цел да се намали ризикот од појава на системска токсичност. Превенцијата на системска токсичност од локални анестетици подразбира ограничување на можноста за интраваскуларно аплицирање или ткивна апсорпција на локалниот анестетик. Најдобро е да се аплицира најниска можна доза во помалку васкуларизирани регии, да се намали апсорпцијата со додавање на епинефрин кој и во поголеми дози може да биде побезбеден кај децата. Епинефринскиот тест за идентификација на интраваскуларно аплицирање може да се примени и кај децата, како и изведувањето на блокот со ултразвучна сонографија што е потврдено и во многу студии. Следи објаснување за третманот на системската токсичност од локалните анестетици кој вклучува менаџмент на дишниот пат, подршка на кардиоциркулаторниот систем, контрола на евентуалните епи напади со бензодијазепини, ниски дози на епинефрин и липидна емулзија, при што е даден протоколот со дозите на липиди кај педијатриски пациенти. Воведот завршува со опис карактеристиките и дозите на епинефринот и дексаметазонот како адјуванси на локалните анестетици кои обезбедуваат ран почеток на блокот и негово продолжено траење.

**Втората глава** ја дава истражувачката хипотеза дека епинефринот и дексаметазонот го подобруваат сензорниот и моторниот блок на периферните нервни блокови применети кај деца при операции на горен екстремитет. Во неа се анализира и **мотивот на студијата**, кој произлегува од сознанието дека кај педијатриските пациенти, употребата на локални анестетици кај периферни нервни блокови е поврзана со подобра контрола на болката споредена со општата анестезија. Но ефективноста на локалните анестетици е лимитирана со нивното времетраење на дејство што често може да доведе до инсуфициентна постоперативна контрола на болка. Оттаму, мотив на студијата е потребата за продолжување на постоперативната аналгезија со додавање на адјуванси (епинефрин и дексаметазон) кон локалните анестетици при изведување на периферни нервни блокови на горен екстремитет применети кај педијатриски пациенти. **Целите** на докторскиот труд се јасни, дефинирани во 5 точки, и кореспондираат со донесените заклучоци на крајот од дисертацијата. Тие вклучуваат утврдување на времетраењето на сензорниот и моторниот блок при изведување на периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти кај кои се применува само лидокаин и бупивакаин, како и при користење на лидокаин и бупивакаин заедно со епинефрин и дексаметазон како адјуванси, одредување на постоперативната потреба од неопијатни аналгетици во траење од 48 часа при изведување на периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти кај кои се применува лидокаин и бупивакаин, како и при користење на лидокаин и бупивакаин заедно со епинефрин и дексаметазон како адјуванси, утврдување на појава на несакани системски промени (промени во срцева фреквенција, крвен притисок, гликемија, бавно зараснување на оперативната рана и појава на инфекција) од епинефринот и дексаметазонот аплицирани периневрално и утврдување на ефектот на епинефринот и дексаметазонот аплицирани периневрално при изведување на интраскаленскиот и супраклавикуларниот блок.

Во **третата глава** се презентирани **материјалот и методите** кои се примениле во ова истражување кое претставува ретроспективна – проспективна еднослепа рандомизирана студија. Студијата е изработена по одобрување од Етичката комисија за клинички истражувања на Медицинскиот факултет во Скопје, како и со согласност од Катедрата за анестезија со реанимација и Клиниката за анестезија, реанимација и интензивно лекување во Скопје. По добивањето на потпишана информирана согласност од страна на родители или старатели, вклучени се 120 пациенти на возраст од 4 до 14 години со скршеница на горен екстремитет (рамо, надлактица, лакт и подлактица) кои биле примени за оперативен третман на Универзитетската клиника за детска хирургија во периодот од јануари 2020 до април 2022. Селекцијата била направена според критериуми за вклучување и исклучување. Пациентите биле поделени во три групи. Во првата група биле опфатени 40 пациенти кои биле оперирани во 2020 година поради скршеница на горен екстемитет, а оперативната интервенција се изведувала под интерскаленски или супраклавикуларен блок со употреба на 2ml лидокаин 2 % и бупивакаин 0,25 % (max, 2mg/kg тт) со максимален волумен од

0,5ml/kg тт. Во втората и третата група биле опфатени по 40 пациенти кои биле оперирани во 2021/2022 година исто така со скршеница на горен екстремитет. Во втората група кај пациентите се пласирал интерскаленски или супраклавикуларен блок (зависно од регијата која се оперирала: рамо, проксимален дел на надлактица, односно дистален дел на надлактица, лакт и подлактица) со употреба на 25 µg епинефрин во 2ml на 2 % раствор на лидокаин и 0,25 % бупивакаин (max, 2mg/kg) со максимален волумен од 0,5ml/kg/тт. Третата група на пациенти добила периферен нервен блок (интерскаленски или супраклавикуларен) зависно од регијата која се оперирала со употреба на 2 % лидокаин 2 ml и 0,25 % бупивакаин (max, 2mg/kg/тт) во комбинација со 2mg дексаметазон и со максимален вкупен волумен од 0,5ml/kg/тт. Рандомизацијата се направи на слединиот начин: по потпишување на информирана согласност од страна на родител или старател пациентите редоследно се нумерираа. Пациентите нумерирани со непарен број влегоа во втората група и како адјуванс добија епинефрин, а пациентите нумерирани со парен број се вклучија во третата група и добија дексаметазон како адјуванс на блокот. Рандомизацијата на пациентите е извршена така што по потпишување на информирана согласност, пациентите редоследно се нумерирале. Пациентите нумерирани со непарен број влегле во втората група и како адјуванс добиле епинефрин, а пациентите нумерирани со парен број се вклучиле во третата група и добиле дексаметазон како адјуванс на блокот. Пациентите биле премедицирани предоперативно со сируп мидазолам 0,4mg/kg p.o) 15 мин. пред влез во сала. Во сала пред изведување на соодветниот периферен нервен блок пациентите биле аналгоседирани интравенски со мидазолам 0,1mg/kg/тт, фентанил 1µg/kg/тт и инфузија со пропофол 5-10mg/kg/тт/h, со цел да се обезбеди длабока аналгоседација и безбедни услови за изведување на блокот. Периферните нервни блокови се изведувале со употреба ултразвучен апарат Siemens ACUSON P500 со линеарна сонда од 8-12 MHz и со употреба на невростимулатор Stimuplex HNS 11 како дополнителен инструмент при потешкотии при индентификување на нервните структури. Пред изведување на блокот се одредувала гликемијата во крвта преку капиларна крв од прст земена со стик како и два часа по аплицирање на периферниот нервен блок. Операцијата започнувала 15 минути по изведување на периферниот нервен блок и се нотирал типот на операција (отворена крвава репозиција со фиксација или затворена некрвава репозиција со перкутана фиксација). Следени се виталните параметри (пулс, крвен притисок, сатурација, капнографија, број на респирации) и се нотирани пред блокот, на оперативен рез, по оперативен рез, на крај од операцијата и во собата за будење, 30 мин по завршување на оперативната интервенција. Следена е потребата од опоиди интраоперативно и истите се аплицирани при појава на тахикардија поголема од 20% од базичниот пулс, при хипервентилација и при хипертензија. Времетраењето на сензорниот и моторниот блок е следен постоперативно, а интензитетот на болка се проценувал според визуелната аналогна скала (VAS), нумеричката скала или скалата на лице, нозе, активност, плач и утеха (FLACC). Ако детето не знаело да брои се користеле набљудувачки/бихејвиорални мерења. Времетраење на сензорниот блок се дефинирал со времето од аплицирање на периферниот нервен блок до давањето на првиот постоперативен неопијатен аналгетик. Првиот неопијатен аналгетик (парацетамол 15mg/kg/тт) се ординирал кога интензитетот на болка се оценил со 6 или над 6. Моторниот блок се одредувал според мотор блок скалата (МБС). Времетраење на моторниот блок се дефинирал со времето од аплицирање на периферниот нервен блок до враќање на моторната сила, односно вредност на МБС од 3. Интензитетот на болката, моторната сила, како и потребата за неопијатни аналгетици се следени 48 часа постоперативно и тоа на секои два часа во првите 12 часа, на секои четири во следните 12 часа, и на секои шест часа вториот постоперативен ден.

Во **четвртата глава,** докторантката ги прикажува **статистичките методи** и **резултатите од истражувањето.** Статистичката анализа на податоците е направена во статистичкиот програм SPSS 23,0. Статистичката сигнификантност е дефинирана на ниво на $p<0.05$. Резултатите покажуваат дека во истражувањето биле вклучени 120 испитаници на возраст од 4 до 14 години, пациенти на Универзитетската клиника за Детски болести, оперирани поради скршеница на горен екстремитет и поделени во три групи, група на аплициран локален анестетик без адјуванс, група со аплициран локален анестетик и епинефрин и група со аплициран локален анестетик и дексаметазон. Пациентите од сите три групи имале *хомогена полова структура*, со доминантна застапеност на машки деца и истите имале хомогеност во однос на возраста. *Просечната возраст* на пациентите од контролната група изнесувала 8.8 ± 2.6 години, во групата со епинефрин како адјуванс изнесувала 8.4 ± 2.9 години и во групата со дексаметазон како адјуванс 8.3 ± 2.6 години. Не е најдена статистичка сигнификантна разлика во просечната телесна тежина меѓу групите. *Просечна тежина* во контролната група без адјуванс изнесувала 40,8 ± 18.4 kg, во групата со епинефрин 36,2 ± 16.9 kg и во групата со дексаметазон е измерена просечна телесна тежина од 34,4 ± 14.3 kg. Аплицирани се *супраклавикуларен и интерскаленски блок*. Супраклавикуларен блок најчесто добиле пациентите од групата со епинефрин и тоа 36 пациенти (90%), пациентите кои добиле дексаметазон биле 34 (85%) и пациентите од групата која нема адјуванс биле 32 (80). Добиена е идентична дистрибуција на пациентите од 3-те групи и за аплицирањето на интерскаленскиот блок. Статистички несигнификантна била разликата во дистрибуција на пациенти со и без супраклавикуларен блок, односно со и без интерксаленски блок. Немало сигнификантна разлика во примената на *техниката на затворена или отворена операција* во трите групи. Кај пациентите од групата со епинефрин како адјуванс и пациентите

од групата без адјуванс незначајно почесто била направена затворена некрвава репозиција со перкутана фиксација, додека, пак, пациентите од групата со дексаметазон како адјуванс незначајно почесто биле оперирани со отворена крвава репозија со фиксација. *Времето поминато од повредувањето до оперативната интервенција* е анализирано како време пократко и подолго од 24 часа. Најголемиот дел пациентите од 3-те групи биле оперирани првиот ден по повредувањето и тоа 72,5 % (29 пациенти). Времето поминато од повредување до операцијата не се разликувало сигнификантно меѓу групите, односно, тестираната разлика во дистрибуција на пациенти оперирани во рамките на првиот час по повредувањето или по овој период била статистички несигнификантна меѓу првата испитувана група и контролната, како и меѓу втората испитувана група и контролната. *Времетраењето на сензорниот блок* било најдолго во групата со дексаметазон (15.2 ± 3.8 часа), наспроти она од групата со епинефрин (8.3 ± 1.6 часа) и групата без адјуванс (7.3 ± 1.6 часа). Статистичка сигнификантна разлика е потврдена за времетраењето на сензорниот блок меѓу анализираните групи (p<0.0001). Post-hoc анализата за меѓугрупни компарации покажала дека времето на сензорен блок било сигнификантно подолго во групата со дехаметазон наспроти времетраењето во групата со епинефрин (p<0.0001), и времетраењето во групата без адјуванс (p<0.0001). *Времетраењето на моторниот блок* било сигнификантно подолго кај пациентите со дексаметазон наспроти пациентите со епинефрин и оние без адјуванс. Времето на моторен блок просечно изнесувал 5.8 ± 1.4 часа во групата со епинефрин, 9.4 ± 1.6 часа во групата со дексаметазон и 5.4 ± 1.5 часа во групата без адјуванс. Потврдена е вкупна статистичка сигнификантна разлика (p<0.0001) во времето на моторен блок меѓу 3-те групи, и меѓугрупни сигнификантни разлики меѓу двете испитувани групи (p<0.0001) како и меѓу групата со дексаметазон наспроти контролната (p<0.0001). Во однос на *потрошени аналгетици* во тек на 48 часа постоперативно резултатите покажуваат дека најмногу аналгетици биле ординирани во групата без адјуванси (mean=3.9 ± 0.6, median=4), помалку во групата со епинефрин (mean=3.5 ± 0.5, median=3.5) и најмалку во групата со дексаметазон (mean=2.3 ± 0.7, median=2). Потребата за аналгетици 48 часа постоперативно сигнификантно се разликувала меѓу групите (p<0.001), а е резултат на сигнификантна разлика меѓу двете испитувани групи , и меѓу групите со дексамметазон и групата без адјуванс (p<0.0001). Во однос на *интензитетот за болка* тестиран на 2 часа, резултатите покажуваат дека сигнификантно почеста појава на болка 2 часа по интервенцијатат имале пациентите од групата без адјуванс, контролната група, во однос на групата со епинефрин и групата со дексаметазон. Просечниот скор за интензитет на болка во групата без адјуванс изнесувал 2.45 ± 0.8. По 4 часа од оперативната интервенција, болка референрале 57.5% (23) пациенти од групата со епинефрин, 10% (4) пациенти од групата со дексаметазон и 87.5% (35) пациенти од групата без адјуванс. Статистичката анализа како сигнификантни ги потврдила сите меѓугрупни разлики во дистрибуција на пациенти со и без болка во првите 4 часа по интервенцијата. Пациентите со епинефрин имале значително почесто болка од пациентите со дексаметазон, исто како и пациентите без адјуванс кои имале значително почесто болка споредено со двете групи пациентите со адјуванс. Интензитетот на болка не се разликувал сигнификантно меѓу анализираните групи во период 4 часа по блокот (p=0.06). Просечниот скор за болка изнесувал 2.6 ± 0.9, 1.75 ± 0.5 и 2.94 ± 1.1, соодветно во групата со епинефрин, групата со дексаметазон и контролната група. Средната вредност вредност на скорот во сите три групи бил 2. По 6 часа од аплицираниот блок болка имале 95% (2) пациенти од групата со епинефрин, исто толку пациенти од контролната група, и 50% (20) пациенти од групата со дексаметазон. Болката била сигнификантно почеста (p<0.0001) кај пациентите од контролната група и групата со епинефрин во однос на групата со дексаметазон. Просечниот скор за интензитетот на болка бил највисок во контролната група (4.47± 1.5), наспроти оној во групата со епинефрин (3.58 ± 1.3) и групата со дексаметазон (1.9 ± 0.6). Средната вредност на скорот за болка исто така бил највисок во контролната група (5), наспроти оној во групата со епинефрин од (3.5) и групата со дексаметазон (2). По 8 часа од интеревнцијата не е најдена статистичка сигнификантна разлика во зачестеноста на болка меѓу 3-те анализирани групи (p>0.05). Во овој период постоперативно, болка имале 80% (32) пациенти од групата со епинефрин и од контролната група, и 82.5% (33) пациенти од групата со дексаметазон. Пациентите од групата со епинефрин и од контролната група имале значајно посилна болка (p=0.0001) од пациентите со дексаметазон. Не е потврдена сигнификантна разлика (p>0.05) во фреквенцијата на болка како и во интензитетот на болката меѓу 3-те анализирани групи 10 часа постоперативно. Дванаесет часа по аплицираниот блок со болка биле регистрирани 97.5% (39) пациенти од гупата со епинефрин и контролната група, и 90% (30) пациенти од групата со дексаметазон. Тестираните разлики во дистрибуцијата на пациенти со и без болка во меѓугрупните компарации биле статистички несигнификантни (p>0.05). Во овој временски период, 12 часа постоперативно, пациентите од групата со дексаметазон имале значајно посилна болка (p=0.001) од пациентите од групата со епинефрин. По 14 часа од блокот, пациентите од групата со епинефрин и контролната група имале значајно почесто болка од пациентите од групата со дексаметазон. Пациентите од контролната група, 14 часа од аплицираниот блок имале највисок просечен скор за болка (4.75 ± 1.90) во споредба со пациентите од групата со дексаметазон (3.82 ± 1.5) и пациентите од групата со епинефрин (3.44 ± 0.9). Просечниот скор за болка бил сигнификантно различен меѓу пациентите од 3-те групи (p=0.00073), со значајно посилна болка кај пациентите од контролната група споредено со пациентите од двете групи со адјуванси, односно пациентите кои примиле епинефрин (p=0.0007) и

пациентите кои примиле дексаметазон (p=0.028). Осумнаесет часа по периферниот нервен блок, болка била присутна кај 95% (35) пациенти од групата со епинефрин, кај 87,5% (35) пациенти од групата со дексаметазон и кај сите пациенти од групата без адјуванс. Статистичката анализа за меѓугрупните споредби во однос на фреквенцијата на појава на болка, како сигнификантна ја потврдила разликата меѓу групата со дексаметазон и контролана група, која се должела на значајно почеста појава на болка кај пациентите од контролната група во однос на пациентите од групата со дексаметазон. Просечниот скор за болка по 18 часа од блокот изнесувал 5.03 ± 1.7 во групата со епинефрин, 4.34 ± 1.9 во гупата со дексаметазон и 4.37 ± 1.9 во контролната група. Разликите во просечниот скор за болка меѓу 3-те групи не биле статистички сигнификантни, односно пациентите од двете испитувани групи и контролната, во период 18 часа постоперативно не се разликувале значајно во однос на јачината на болка. Дванесет и четири часа по аплицираниот блок со болка биле регистрирани 92.5% (37) пациенти од гупата со епинефрин и контролната група, и 60%(24) пациенти од групата со дексаметазон. Тестираните разлики во дистрибуцијата на пациенти со и без болка биле статистички сигнификантни за разликата меѓу групата со епинефрин и групата со дексаметазон, и меѓу групата со дексаметазон и контролната група. Пациентите од групата со епинефрин и контролната група значајно почесто од пациентите од групата со дексаметазон имале болка 24 часа по блокот. Најдена е вкупна сигнификантна разлика во интензитетот на болка по 24 часа од блокот и меѓугрупна разлика меѓу пациентите од групата со дексаметазон наспроти контролната група. Во овој временски период, просечниот и среден скор за интензитот на болка изнесувал соодветно 4.72 ± 2.1 и 4 во групата со епинефрин, 3.85 ± 1.9 и 3 во групата со дексаметазон, и 5.02 ± 1.8 и 5 во контролната група. Сите пациенти од групата со епинефрин и контролната, и 97.5%(39) пациенти од групата со дексаметазон имале болка 30 часа по аплицираниот блок., со статистички несигнификантна разлика (p>0.05) меѓу 3-те анализирани групи. Просечниот скор за болка по 30 часа од блокот бил највисок во групата со епинефрин (4.87 ± 1.8), понизок во контролната група (4.0 ± 1.9) и најнизок во групата со дексаметазон (3.89 ± 1.4). Постоела статистичка сигнификантна разлика во интензитетот на болка меѓу анализираните групи, која со post-hoc анализата се потврдила дека се должи на сигнификантна разлика меѓу двете испитувани групи. По 30 часа од блокот, пациентите од групата со епинефрин имале значајно посилна болка од пациентите од групата со дексаметазон. Сите пациенти имале болка по 36 часа од блокот. Просечниот скор за болка по 36 часа од блокот имал вредност од 4.67 ± 1.9 во групата со епинефрин, 5.20 ± 1.9 во групата со дексаметазон и 4.62 ± 1.7 во контролната група. Не била најдена статистичка сигнификантна разлика во просечниот скор за болка меѓу групите, односно пациентите од групата со епинефрин, дексаметазон и контролната имале слична јачина на болка 36 часа по блокот. Во периодот од 48 часа од аплицираниот блок, болка не е најдена само кај еден пациент кој бил од групата без адјуванс. Резултатите покажуваат вкупна статистичка сигнификантна разлика во скорот за болка меѓу анализираните групи. Post-hoc анализата за меѓугрупните компарации покажува сигнификантна разлика меѓу групите со епинефрин и дексаметазон (3.60 ± 1.5 vs 2.85 ± 1.02, p=0.034), и меѓу групата со дексаметазон наспроти контролната група (2.85 ± 0.8 vs 3.56 ± 1.4, p=0.048). По 2 дена од оперативната интервенција, пациентите од групата со дексаметазон имале значајно послаба болка од пациентите од групата со епинефрин и пациентите од контролната група. Пациентите од групата со епинефрин и контролната група имале болка со сличен интензитет. *Времетраењето на сензорниот блок* просечно изнесувал 10.1 ± 4.2 часа во групата пациенти кои добиле супраклавикуларен блок, и 11.1 ± 5.1 часа во групата пациенти кај кои бил аплициран интерскаленски блок. Разликата во просечното времетраење на сензорниот блок меѓу групите со супраклавикуларен и интраскаленски блок била статистички несигнификантна. Типот на аплициран блок немал сигнификантно влијание на времетраењето на сензорниот блок. Времетраењето на сензорниот блок не зависел сигнификантно од хируршката техника, односно од затворена или отворена операција. Пациентите оперирани со двете техники имале слично времетраење на сензорниот блок. Кај пациентите оперирани со техника на затворена некрвава репозиција со перкутана фиксација, просечното времетраење на сензорниот блок изнесувал 10.1 ± 3.1 часа, додека кај пациентите оперирани со техника на отворена крвава репозиција со фиксација, просечното времетраење на сензорниот блок изнесувал 10.5 ± 3.4 часа. Времетраењето на сензорниот блок не зависел сигнификантно од времето поминато од повредувањето до интервенцијата. Во групата пациенти оперирани во период од 1 ден по повредата просечното времетраење на сензорниот блок изнесувал 10.30 ± 3.6 часа, додека пак во групата пациенти оперирани по 1 ден од повредата просечното времетраење на сензорниот блок бил 10.17 ± 3.7 часа. Пациентите оперирани до 24 часа и по 24 часа од повредувањето имале слично времетраење на сензорниот блок. Предоперативно покачени вредности на гликемија имале 7.5% (3) пациенти од групата со епинефрин, 17.5% (7) пациенти од групата со дексаметазон и 5% (2) пациенти од контролната група. Просечните вредности на гликемија предоперативно биле слични во 3-те групи, односно тестираната разлика во просечната гликемија меѓу групите пред интервенција била статистички несигнификантна. Просечните серумски вредности на гликоза изнесувале 4.64 ± 0.71 mmol/l во групата со епинефрин, 4.67 ± 0.7 mmol/l во групата со дексаметазон и 4.60 ± 0.6 mmol/l во контролната група. Покачена гликемија по 2 часа од аплицирањето на блокот била регистрирана кај 5% (2) пациенти од групата со епинефрин и 17.5%(7) пациенти од групата со дексаметазон. Пациентите од 3-те анализирани групи по 2 часа од давањето на блокот имале слични просечни вредности на гликемија (4.66 ± 0.6 mmol/l,

4.91 ± 0.7 mmol/l и 4.67 ± 0.5 mmol/l, соодветно во групата со епинефрин, групата со дексаметазон и контролната група. Резултатите покажуваат дека кај ниеден пациент немало варијации во срцевата фреквенција, крвниот притисок и бројот на респирации по аплицирањето на блокот.

Во **петтата глава** во обемната дискусија, докторантката ги коментира резултатите од сопственото истражување кои се концизно и јасно објаснети. Добиените резултати истовремено ги споредува со веќе објавени резултати во литературата од таа област. На почетокот се претставени студии кои укажуваат на фактот дека силната болка кај децата за време на оперативната интервенција или во единица за интензивна нега има значително долгорочни ефекти, вклучително и во појавата на хронична болка. Како резултат на многубројните дебати во врска со ефикасноста на регионалната анестезија во подобрување на хируршките резултати и менаџирање на болката кај педијатриски пациенти по хируршка интервенција, траума или при одредени медицински болести, многу педијатриски анестезиолози ја имаат усвоено и приспособено регионалната анестезија во нивната пракса. Денес многу регионални и невроаксијални блокови сега се користат како дел од третманот на болка кај децата. Повеќе студии ја потврдуваат ефикасноста од употребата на адјуванси со локалните анестетици, а се со цел да се минимизираат нивните несакани ефекти. Во оваа докторска студија се вклучени 120 деца на возраст од 4 до 14 години кои се поделени во три групи. Една група пациенти кај кои е аплициран локален анестетик без адјуванс и која служи како контролна група и две групи пациенти кај кои во едната се аплицира епинефрин како адјуванс на локалниот анестетик, а кај другата дексаметазон. Сите пациенти од трите групи се хомогени во однос на половата застапеност, и со возраст и телесна тежина кои не се разликуваат сигнификантно меѓу себе. Кај пациентите се аплицирани супраклавикуларен и интерскаленски блок. Оперативниот третман се изведувал со две техники – отворен тип или крвава репозиција и затворен тип или некрвава репозиција. Времетраењето на сензорниот блок било значително подолго кај пациентите во групата со дексаметазон споредено со времетраењето на сензорниот блок кај пациентите во епинефринската група и и контролната група. Во студијата е докажано дека времетраењето на сензорниот блок не зависи од типот на периферен нервен блок, како и од типот на хируршка техника, и времето поминато од повредата до изведување на оперативниот зафат. Резултатите корелираат со оние во студијата на Savita Gupta од 2019 година. Во однос на моторниот блок, пациентите со дексаметазон како адјуванс имале сигнификантно подолго просечно време на моторен блок од пациентите со епинефрин како адјуванс и пациентите без адјуванс. Овие резултати корелираат со мета-анализа направена од страна на Tschopp со соработниците, каде што се потврдува дека ефектот на епинефринот додаден на локалните анестетици при епидурална анестезија го продолжува моторниот блок. Во повеќе студии е испитувано времетраењето на сензорниот и моторниот блок, и тоа со различни дози на дексаметазон како адјуванс на локалните анестетици, лидокаинот или бупивикаинот. Во оваа докторска студија е аплицирана најниската ефективна доза на дексаметазон како адјуванс на бупивикаинот. Во студијата од докторската дисертација, времето на почеток на сензорен и моторен блок не било во можност да се одреди бидејќи децата биле аналгоседирани за да може во безбедни услови да се изведе периферниот нервен блок. Добрата проценка на болката придонесува за превенција и/или рано препознавање на болката како и ефикасно менаџирање со истата. Од трите фундаментални пристапи за проценка на болката кај децата, самоевалуирањето како „златен стандард“ за мерење е применет и во оваа студија, како и мерењата со VAS и FLACC скалите. Во студијата е одредуван интензитетот на болка во првите 48 часа од аплицирањето на периферниот нервен блок во различни временски интервали. Во овие временски интервали во контролната група или групата без адјуванс е забележан пик на болка во три временски интервали и тоа во 6-от, 14-от и 24-от час. Во групата на пациенти кои добиле епинефрин како адјуванс забележан е пик на просечна болка во 8-от, 18-от и 30-тиот час, а пак во групата на пациенти со дексаметазон како адјуванс пик на просечна болка е забележан во 12-тиот и 36-тиот час.. Најмногу аналгетици во тек на 48 часа постоперативно се аплицирани кај пациентите од контролната група.. Во студијата ни еден пациент во сите три групи немал потреба од интраоперативно давање на опоидни аналгетици што укажува на фактот дека сите пациенти имале успешно изведен периферен нервен блок. Овие резултати корелираат со резултатите од други студии.

Во **шестата глава,** кандидатката ги претставува **заклучните согледувања** кои се коректно формулирани и ги потврдуваат појдовните цели на истражувањето. Врз основа на добиените резултати од ова истражување се заклучува дека епинефринот и дексаметазонот го продолжуваат времетраењето на сензорниот и моторниот блок при изведување на периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти на возраст од 4 до 14 години. Заклучено е дека нема потреба од интраоперативна примена на опоиди по изведување на периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти кај кои се применуваат локални анестетици во комбинација со епинефрин или дексаметазон како адјуванси. Со оваа студија се потврдува дека употребата на неопијатни аналгетици во траење од 48 часа постоперативно по изведен периферен нервен блок на горен екстремитет кај педијатриски пациенти значително е намалена кога се користат адјувансите епинефрин или дексаметазон. Се потврдува, исто така, дека кога се користат епинефринот и дексаметазонот периневрално при изведување на два различни периферни нервни блока (интерскаленски и супраклавикуларен), времетраењето на сензорниот блок не зависи од типот на периферениот нервен блок, од типот на хируршката техника и од времето поминато од

повредата до изведување на оперативниот зафат. Од не помала значајност е и потврдата дека епинефринот и дексаметазонот се безбедни лекови кои можат да се користат како адјуванси при периферните нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти, затоа што не предизвикуваат несакани системски промени освен благо покачување на гликемијата кое може да се јави при употреба на дексаметазонот како адјуванс. Конечно е потврдено дека дексаметазонот е посупериорен адјуванс од епинефринот аплициран периневрално при периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти и претставува важен дел од мултимодалната аналгезија

**Седмата глава** од дисертацијата ја содржи приложената литература, која е обемна, прегледна и коректно цитирана по прифатените стандарди.

**ОЦЕНА НА ТРУДОТ**

Докторската дисертација на кандидатката д-р Љубица Миќуновиќ Деребанова со наслов: „Компаративни ефекти на епинефринот и дексаметазонот како адјуванси при периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти“, претставува истражување во областа на анестезиологијата и интензивното лекување. Изработката на темата на оваа докторска дисертација има за цел да ги унапреди и прошири знаењата за примената на периферните нервни блокови на горниот екстремитет кај педијатриската популација. Од научното истражување во оваа докторска дисертација произлегуваат препораки за примена на овој тип анестезиолошка техника со употреба на епинефринот и дексаметазонот како безбедни адјуванси на локалните анестетици со цел да се избегне интраоперативната и постоперативната употреба на опиоиди.

Понатамошните истражувањата можат да се прошират кон корисноста од примената на периферните нервни блокови и кај останати хируршки интервенции во педијатриската популација.

Докторската дисертација на кандидатката д-р Љубица Миќуновиќ Деребанова со наслов: „Компаративни ефекти на епинефринот и дексаметазонот како адјуванси при периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

**1.** Mikjunovikj Derebanova Lj., Kartalov A., Donev Lj., Leshi A., Tolevska M., Demjanski V.: Epinephrine and dexamethasone as adjuvans in supraclavicular block in pediatric patients: a case series, Macedonian Journal of Anesthesia Vol 5, No 2, 2021, 52-58, UDC: 616.833.34-089.5-053.2.

**2.** Mikjunovikj-Derebanova Lj., Kartalov A., Kuzmanovska B., Donev Lj., Lleshi A., Toleska M., Dimitrovski A., Demjanski V.: Epinephrine and dexamethasone as adjuvans in upper extremity peripheral nerve block in pediatric patients, Contributions. Sec. of Med. Sci., XLII 3, 2021: UDC: 618.11-006.2-06:616.379-008.64.

**3.** Mikjunovikj-Derebanova Lj., Donev Lj., Todorovokj L., Cvetanovska-Naunova V., Demjanski V., Cokleska-Shuntov N., Ognjanova V.: Continuous peripheral block as a pain treatment for redressment and physical therapy in a 7-year old child – a case report, Contributions. Sec. of Med. Sci., XLIII 1, 2022:99-103. UDC: 616.61-089.843: [601.4:577.112.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Научен придонес на оваа докторска дисертација е во воведувањето на периферните нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти како стандардна анестезиолошка техника во анестезиолошката пракса.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот на Медицинскиот факултет да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката д-р Љубица Миќуновиќ Деребанова со наслов: **Компаративни ефекти на епинефринот и дексаметазонот како адјуванси при периферни нервни блокови на горен екстремитет кај педијатриски пациенти.**

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Мирјана Шошолчева, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Андријан Карталов, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Лазар Тодоровиќ, член, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Кузмановска, член, с.р.**
**Проф. д-р Бети Зафирова Ивановска, член, с.р.**

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

**1.Магистерски трудови**

| **Ред. бр.** | **Име и презиме на кандидатот** | **Назив на темата** | | **Име и презиме на менторот** | **Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | **на македонски јазик** | **на англиски јазик** | | |
| 1. | Борис Стојчески | „Ресурси и ангажирање на работното место и субјективни мускуло-скелетни тегоби кај возачи-инструктори“. | „Job resources and job engagement and subjective musculoskeletal complaints in drivers-instructors“ | Проф.д-р Сашо Столески | 09-2934/120 28.06.2022 год. |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ/ИНСТИТУТ

1. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | д-р Марија Докоска | "Резидуалниот слух и ширината на коскениот канал од кохлеарниот нерв како предиктори за исходот од кохлеарната имплантација кај прелингвално глуви деца" | „Residual hearing and bony cochlear nerve canal as predictors of the cochlear implant outcome in prelingual deaf children“ | Проф. д-р Гордана Китева Тренчевска | 0905-2934/110 28.06.2022 |
| 2. | д-р Розета Соколова | "Анализа на клиничките карактеристики на лимфатичните и венските малформации кај педијатриската популација во изборот на соодветно лекување” | „Analysis of clinical characteristics of lymphatic and vein malformations in pediatric population in the choice of appropriate treatment“ | Проф. д-р Владимир Георгиев | 0905-2934/111 28.06.2022 |
| 3. | д-р Билјана Калчовска | "Радијална екстракорпорална терапија со ударни бранови во третман на остеоартритис на колено" | „Radial extracorporeal shock wave therapy in the treatment of knee osteoporosis“, | Проф. д-р Наталија Долненец Банева | 0905-2934/112 28.06.2022 |
| 4. | д-р Виола Чаволи | "Прогностички фактори кај дифузен крупно Б-клеточен лимфом” | „Prognostic factors in Diffuse Large B cell Lymphoma“ | Проф. д-р Борче Георгиевски | 0905-2934/113 28.06.2022 |
| 5. | д-р Ивица Димитров | "Ефектот на раниот и доцниот третман со Тоцилизумаб врз преживување на пациентите со Ковид 19 во единиците на интензивно лекување” | „Effect of early and late treatment with Tocilizumab on survival of COVID 19 parients in intensive care units“ | Проф. д-р Сунчица Петровска | 0905-2934/114 28.06.2022 |
| 6. | д-р Марија Бабуновска | "Епидемиолошки показатели на епилепсија, коморбидитети и ризик фактори за остеопороза кај пациенти на хронична антиепилептична терапија” | „Epidemiological indicators of epilepsy, comorbidities and risk factors for osteoporosis in patients on long term antiepileptic drugs therapy “ | Проф. д-р Светлна Цековска | 0905-2934/115 28.06.2022 |
| 7. | д-р Сања Ристовска | “Хипоксично-исхемична енцефалопатија (HIE) кај доносени и прематурни новороденчиња” | „Hipoxic-ischmic encephalopathy (HIE) in term and preterm infnts“ | Проф. д-р Зоран Гучев | 0905-2934/116 28.06.2022 |
| 8. | д-р Марија Нешковска Шуменковска | „Клинички и епидемиолошки карактеристики на пациентите со Јувенилен идиопатски артритис (ЈИА)“ | „Clinical and epidemiological characteristics of the patients with Juvenile idiopathic arthritis (JIA)“ | Проф. д-р Аспазија Софијанова | 0905-2934/109 28.06.2022 |
| 9. | д-р Емилија Лазарова Трајковска | "Клиничко прогностички аспекти на карцином асоцирана тромбоза” | „Clinical prognostic aspects of cancer associated thrombosis “ | Проф. д-р Елиззабета Србиновска | 0905-2934/117 28.06.2022 |

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ МЕТОДИКА, ПО ПРЕДМЕТИТЕ: МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА 1, МЕТОДИКА НА НАСТАВАТА ПО МАТЕМАТИКА 2, МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА ПО МАТЕМАТИКА 1, МЕТОДИКА НА ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНА РАБОТА ПО МАТЕМАТИКА 2, КРЕАТИВНА МАТЕМАТИЧКА РАБОТИЛНИЦА И КРЕАТИВНА РАБОТИЛНИЦА ПО МАТЕМАТИКА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 17.5.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област методика, по предметите: Методика на наставата по математика 1, Методика на наставата по математика 2, Методика на воспитно-образовна работа по математика 1, Методика на воспитно-образовна работа по математика 2, Креативна математичка работилница и Креативна работилница по математика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-419/4, донесена на 8.6.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Весна Макашевска, претседател, д-р Аднан Ќахил, член и д-р Леонора Јегени, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област методика, за предметите:

- Методика на наставата по математика 1, Методика на наставата по математика 2 (задолжителни предмети за студиската програма Одделенска настава, на албански наставен јазик),
- Методика на воспитно-образовна работа по математика 1, Методика на воспитно-образовна работа по математика 2 (задолжителни предмети за студиската програма Предучилишно воспитание, на албански наставен јазик),
- Креативна математичка работилница и Креативна работилница по математика (изборни предмети за студиските програми Одделенска настава и Предучилишно воспитание на албански наставен јазик),

во предвидениот рок се пријави д-р Методи Главче, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Методи Главче е роден на 3.7.1968 година, во Р Албанија. Средно образование завршил во 1987 во гимназијата во градот Корча, Република Албанија. Дипломирал на Природно-математичкиот факултет во Тирана, насока: математика, во 1991 год.

Кандидатот доц. д-р Методи Главче запишал втор циклус (магистерски) студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“, Природно-математички факултет, Скопје. Во декември 2005 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Различни пристапи за изградба на основните системи броеви*, и се стекнал со научното звање магистер на математички науки.

Во јануари 2013 година, кандидатот доц. д-р Методи Главче на Педагошкиот факултет во Битола при Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, ја одбрани својата докторска дисертација под наслов: *Откривање и коригирање на пропустите во знаењата по математика во почетното образование*, под менторство на проф. д-р Ристо Малчески, и се стекна со научното звање доктор на педагошки науки од обласа на методиките.

Во 2007 година бил избран во звањето асистент во областа математика. На 25 јуни 2010 година бил избран по втор пат во звањето асистент на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, во областа математика.

Во 2013 година е избран во звањето доцент во областа методика.

Во 2017 година е избран за вонреден професор, за наставно-научните области педагогија и методика.

Во моментот е вонреден професор по предметите: Методика на наставата по математика 1, Методика на наставата по математика 2, Методика на воспитно-образовна работа по математика 1, Методика на воспитно-образовна работа по математика 2, Креативна математичка работилница и

Креативна работилница по математика. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот на УКИМ бр. 1158 од 1 декември 2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата објавени во Билтенот бр. 1158, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, кандидатот д-р Методи Главче изведува настава и вежби на прв и на втор циклус студии на студиските програми: Одделенска настава и Предучилишно воспитание.

На прв циклус студии на студиската програма Одделенска настава изведува настава и вежби за предметните програми по: *Методика на наставата по математика 1* и *Методика на наставата по математика 2* (задолжителни предмети), како и *Креативна математичка работилница* (изборен предмет), а на студиската програма Предучилишно воспитание, изведува настава и вежби по предметите: *Методика на воспитно-образовна работа по математика 1* и *Методика на воспитно-образовна работа по математика 2* (задолжителни предмети), како и *Креативна работилница по математика* (изборен предмет).

Покрај ангажманот на првиот циклус студии, кандидатот д-р Методи Главче изведува настава и на вториот циклус студии, и тоа по предметите: *Методски модели на наставата по математика*, *Методско моделирање на воспитно-образовната работа по математика* и *Креирање на средина за учење на математика*, на студиските програми: Одделенска настава и Предучилишно воспитание.

Од изборот во звањето вонреден професор, кандидатот бил ментор на 9 дипломски работи.

Д-р Методи Главче учествувал како член во комисија за оцена/или одбрана на 25 дипломски работи

Кандидатот е коавтор на позитивно рецензирана монографија под наслов, *Математички надарените ученици во почетното образование* (рецензија објавена во Билтенот на Универзитетот во Скопје, бр. 1254, од 1.2.2022 година), која е наменета за студентите од трета и четврта година на студиите за одделенска настава при Педагошкиот Факултет.

Д-р Методи Главче е коавтор на позитивно рецензирано учебно помагало под наслов: *Практикум по методика на наставата по математика од прво до петто одделение* (рецензија објавена во Билтенот на Универзитетот во Скопје, бр. 1259, од 15.4.2022 година), книгата е наменета за практичниот дел, односно за реализирање на вежбите по предметот Методика на наставата по математика.

Во извештајниот период, кандидатот објавил 6 научно-популарни статии во стручно-методското популарно списание „Нумерус”, 7 научно-популарни статии во стручно- методското популарно списание „Математички талент”, 1 научно-популарна статија во стручно-методското популарно списание „Математичка искра” и 1 научно-популарна статија во стручно-методското популарно списание „Сигма”, наменети за учениците од основното и средното образование.

**Научноистражувачка дејност**

Кандидатот д-р Методи Главче е коавтор на позитивно рецензирана **монографија**: Р. Малчески, М. Главче, К. Аневска, *Математички надарените ученици во почетното образование*, CIP – Каталогизација во публикација, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски”, Скопје, 2022, COBISS.MK-ID 57506309, ISBN 978-66881-0-3. Ракописот содржи девет поглавја, изложени на 214 страници.

Кандидатот д-р Методи Главче е коавтор на позитивно рецензирано **учебно помагало**: М. Главче, К. Аневска, Р. Малчески, *Практикум по методика на наставата по математика од прво до петто одделение,* CIP – Каталогизација во публикација, Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски”, Скопје, 2022, COBISS.MK-ID 57506565, ISBN 978-608-66881-1-0. Ракописот содржи осум поглавја, изложени на 188 страници. Во првото поглавје се образложува идејата за пишување на ова книга која е наменета за студентите од педагошките факултети кои ги слушаат предметите Методика на наставата по математика 1 и Методика на наставата по математика 2. Книгава, всушност, е наменета за практичниот дел од предметот, односно за реализирање на вежбите. Второто поглавје е посветено на математичките задачи и нивната улога во наставата по математика. Во овој дел се разработени поимот за математичка задача, функциите на задачите, методиката на решавање задачи, методите за решавање задачи и контрапримерите во наставата по математика. Во третото поглавје се изнесени поимите за множества и Венови дијаграми, исто така се дадени голем број на задачи, од кои дел се решени, а дел не се решени. Четвртото поглавје е посветено на теорија на броеви и тука се обработени воведни задачи, бројни ребуси, формирање на броеви со помош на други

броеви и аритметички операции, за потоа да се разгледуваат деливоста, простите броеви, најголемиот заеднички делител, најмалиот заеднички содржател и елементарните Диофантови равенки. Петтото поглавје е посветоно на поимот дропки, операции со дропки, проширување, скратување и споредување на дропки, а на крај се разгледани равенките со дропки. Шестото поглавје е посветено на текстуалните задачи, за кои се презентирани примери за нивно аритметичко и алгебарско решавање. Притоа, посебно се разгледани задачите поврзани со брзини, и примената на системите линеарни равенки при решавање на текстуални задачи. Седмото поглавје е посветено на геометрија и овде, покрај воведните задачи, се разгледани задачи со плоштина и периметар на квадрат и правоаголник, при што посебно внимание е посветено на примената на плоштина на правоаголник во решавање на текстуални задачи. Покрај тоа, дел од ова поглавје е посветено на аглите и операциите со агли. Осмо поглавје е посветено на логиката и комбинаториката. Во овој дел, покрај воведните задачи, принципот на Дирихле, задачите со мерења, претурање, пребројувања и геометриски конфигурации, се разгледани и задачи од елементарната теорија на графови.

Заклучно со претходниот избор до денес, кандидатот има објавено вкупно 23 научни трудови, од кои 3 труда во меѓународни научни списанија со меѓународен уредувачки одбор и 5 труда во зборници од научни собири и 15 научно-популарни статии.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Методи Главче активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

Член е на Сојузот на математичарите на Македонија, во чии рамки учествувал во организирањето и изведувањето на математичките натпревари за учениците од основното и средното образование. Во периодот 2017 – 2019 година е **член на уредувачкиот одбор** на популарните математички списанија „Нумерус” и „Сигма”. Исто така, тој е **член на уредувачкиот одбор** на популарните математички списанија „Математичка искра“ и „Кенгур“, и бил рецензент на еден национален научноистражувачки проект во рамките на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“, УКИМ, Скопје, за 2019/2020 година.

Коавтор е на 25 книги од стручна област – методика и математика.

Бил член на организационен или програмски одбор на 5 меѓународни научни конференции или конгреси.

Особена активност покажува во дејностите од поширок интерес. Активно е вклучен, како член, во работата на стручни комисии и работни групи при Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Методи Главче позитивно е оценет од анонимно спроведената анкета на студентите на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Методи Главче, вонреден професор.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Методи Главче поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во научната област методика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ во Скопје, д-р Методи Главче да биде избран во звањето **редовен професор** во научната област методика, по предметите: *Методика на наставата по математика 1*, *Методика на наставата по математика 2*, *Методика на воспитно-образовна работа по математика 1*, *Методика на воспитно-образовна работа по математика 2*, *Креативна математичка работилница* и *Креативна работилница по математика*.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Весна Макашевска, с.р.**
**Проф. д-р Аднан Ќахил, с.р.**
**Проф. д-р Леонора Јегени, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**

Методи Ѓерман Главче

**Институција:**

Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје

**Научна област:**

општествени науки, поле: образование, област: методика.

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: општествени науки; поле: образование; подрачје: методика. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација во согласност со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да<br>(види образец 2) |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови<br>1. Назив на научното списание: Педагошка ревија<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 17 члена од 9 земји: Македонија (6), Србија (1), Хрватска (2), Италија (1), БиХ (1), Албанија (2), Турција (1), Бугарија (1), САД (2)<br>3. Наслов на трудот: **Работа со математички надарени ученици на возраст од 14 до 15 години.**<br>4. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Education TEACHER<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 16 члена од 10 земји: Македонија (3), Србија (3), Словенија (3), Русија (2),Словакија(1), САД (1),Хрватска (1),Англија (1),Романија(1)<br>3. Наслов на трудот: **Working with mathematically gifted students in the primary education – part three**<br>4. Година на објава: 2021<br><br>1. Назив на научното списание: International Journal of Education TEACHER<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 18 члена од 10 земји: Македонија (4), Србија (4), Словенија (3), Русија (2),Словакија(1), САД (1),Хрватска (1),Англија (1),Романија(1)<br>3. Наслов на трудот: **Working with mathematically gifted students in the initial education-part one** | да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | 4. Година на објава: 2019 | |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br><br>1. Назив на зборникот: **Gifted and talented creators of the progress**<br>2. Назив на меѓународниот собир: Надарените и талентираните креатори на прогресот<br>3. Имиња на земјите: Р.С. Македонија, Р. Србија, Р Словенија, Р. Хрватска<br>4. Наслов на трудот: **Работа со математички надарени ученици во почетното образование-втор дел**<br>5. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на зборникот: **Gifted and talented creators of the progress**<br>2. Назив на меѓународниот собир: International scientific conference effects of physical activity application to anthropological status with children, adolescents and adults<br>3. Имиња на земјите: Р.С. Македонија, Р. Србија, Р Словенија, Р. Хрватска<br>4. Наслов на трудот: **Работа со математички надарени ученици во почетното образование – трет дел**<br>5. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на зборникот: **Education for life, work and well-being**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **12$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress**<br><br>3. Имиња на земјите: Bulgaria, Turkey, Macedonia, Croatia<br><br>4. Наслов на трудот: **Learning the conclusion making methods in the instruction in the natural-mathematical group of subjects**<br>5. Година на објава: 2020<br><br>1. Назив на зборникот: **CODEMA 2020**<br>2. Назив на меѓународниот собир: IX Seminar of differential equations and analysis<br>3. Имиња на земјите: Macedonia, Turkey, Croatia, Bulgaria, Srbija, BIH, Albania, Romania, Cyprus, Montenegro<br>4. Наслов на трудот: **Working with mathematically gifted students in the primary education – part one**<br>5. Година на објава: 2021<br><br>1. Назив на зборникот: **CODEMA 2020**<br>2. Назив на меѓународниот собир: IX Seminar of differential equations and analysis<br>3. Имиња на земјите: Macedonia, Turkey, Croatia, Bulgaria, Srbija, BIH, Albania, Romania, Cyprus, Montenegro<br>4. Наслов на трудот: **Working with mathematically gifted students in the primary education – part two**<br>5. Година на објава: 2021 | да |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира *** | да |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | 1. Наслов на монографијата : **Математички надарените ученици во почетното образование**<br>2. Место и година на објава: Скопје 2022<br>2. Наслов на учебното помагало: **Практикум по методика на наставата по Математика од прво до петто одделение**<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2022 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.12.2017 г., Билтен бр. 1158 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.
** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Весна Макашевска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Аднан Ќахил, член, с.р.**
**Проф. д-р Леонора Јегени, член, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
**Методи Ѓерман Главче**
**Институција:**
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
**Научна област:**
општествени науки; поле: образование; област: методика.

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Настава на прв циклус студии: Методика на наставата по математика 1, за одделенска настава 2+2+1 (5 семестар 2 часа неделно 15 недели) | 6 |
| 2 | Настава на прв циклус студии: Методика на наставата по математика 2, за одделенска настава 2+2+1 (5 семестар 2 часа неделно 15 недели) | 6 |
| 3 | Настава на прв циклус студии: Методика на воспитно-образовна работа по математика 1, за предучилишно воспитание 2+2+1 (5 семестар 2 часа неделно 15 недели) | 6 |
| 4 | Настава на прв циклус студии: Методика на воспитно-образовна работа по математика 2, за предучилишно воспитание 2+2+1 (5 семестар 2 часа неделно 15 недели) | 6 |
| 5 | Настава на прв циклус студии: Креативна математичка работилница за одделенска настава 2+1 (5 семестар 2 часа неделно 15 недели) | 6 |
| 6 | Настава на прв циклус студии: Креативна математичка работилница за предучилишно воспитание 2+1 (3 семестар 2 часа неделно 15 недели) | 3,6 |
| 7 | Вежби на прв циклус студии: Методика на наставата по математика 1, за одделенска настава 2+2+1 (5 семестар 3 часа неделно 15 недели) | 6,75 |
| 8 | Вежби на прв циклус студии: Методика на наставата по математика 2, за одделенска настава 2+2+1 (5 семестри 3 часа неделно 15 недели) | 6,75 |
| 9 | Вежби на прв циклус студии: Методика на воспитно-образовна работа по математика 1, за предучилишно воспитание 2+2+1 (5 семестар 3 часа неделно 15 недели) | 6,75 |
| 10 | Вежби на прв циклус студии: Методика на воспитно-образовна работа по математика 2, за предучилишно воспитание 2+2+1 (5 семестар 3 часа неделно 15 недели) | 6,75 |
| 11 | Вежби на прв циклус студии: Креативна математичка работилница за одделенска настава 2+1 (5 семестар 1 час неделно 15 недели) | 3 |
| 12 | Вежби на прв циклус студии: Креативна математичка работилница за предучилишно воспитание 2+1 (3 семестар 1 час неделно 15 недели) | 1,8 |
| 13 | Настава на втор циклус студии: Методско моделирање на наставата по математика, за одделенска настава (менторска настава 1 час неделно, 15 недели, 1 семестар) | 0,75 |
| 15 | Настава на втор циклус студии: Креирање на средина за учење математика, за одделенска настава (менторска настава 1 час неделно, 15 недели, 1 семестар) | 0,75 |
| 16 | Раководител на втор циклус студии, за студиските групи Одделенска настава, Предучилишно воспитание и Библиотекарство | 3 |
| 17 | Консултации со студенти | 1,1 |

| | | |
|---|---|---|
| 18 | Ментор на дипломска работа<br>9 | 1,8 |
| 19 | Член на Комисија за одбрана на дипломска работа:<br>25 | 2.5 |
| 21 | Рецензент на научноистражувачкиот проект: „За комплексот знаење и уверувања по математика на идните одделенски наставници и воспитувачи“ од автор проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ, 2021 | 1 |
| 22 | Рецензент на стручна книга: „Lojrat dhe matematika në ciklin e parë të arsimit fillor“ од Merita Ajdini, Скопје, 2021 | 1 |
| 23 | Авторезиме на докторски труд: „Времето како фактор кај персонализираните модели за препораки на материјали за учење“ од Јосиф Петровски, Битола, 2019 | 1 |
| | **Вкупно** | **78,3** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 2 | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји,при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број членови** | |
| 2.1 | Glavche, M. Anevska, K., Malčeski, R., Working with mathematically gifted students in the initial education-part one, International Journal of Education TEACHER,Vol.18(2019),p.35-46 | 4,5 |
| 2.2 | Malčeski, R. , Malčeski, A. , Anevska, K., Glavche, M., Working with mathematically gifted students in the primary education-part three, International Journal of Education TEACHER,Vol.21(2021),p.39-46 | 3 |
| 2.3. | Малчески,Р., Малчески, А., Аневска, К., Главче, М., Работа со математички надарени ученици на возраст од 14 до 15 години,Педагошка Ревија,Бр.1(2020),стр.19-32 | 3 |
| 3. | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| 3.1 | Главче, М., Аневска, К., Малчески, Р., **Работа со математички надарени ученици во почетното образование-втор дел,** Gifted and talented creators of the progress, p.165-172, Bitola, 2020 | 4,5 |
| 3.2 | Главче, М., Аневска, К., Малчески, Р., **Работа со математички надарени ученици во почетното образование – трет дел,** Gifted and talented creators of the progress, p.173-179, Bitola,2020 | 4,5 |
| 3.3 | Malcheska, C., Glavche, M., Malcheski, R., **Learning the conclusion making methods in the instruction in the natural-mathematical group of subjects**, Education for life, work and well-being, p.172-182,Nessebar, Bulgarija,2017 | 4 |
| 3.4 | Malčeski, R. , Malčeski, A. , Anevska, K., Glavche, M., **Working with mathematically gifted students in the primary education – part one,** CODEMA 2020, p.191-200,Skopje 2021 | 3 |
| 3.5 | Malčeski, R. , Malčeski, A. , Anevska, K., Glavche, M., **Working with mathematically gifted students in the primary education – part two,** CODEMA 2020, p.201-209, Skopje 2021 | 3 |
| 3.6 | Учество на 12$^{th}$ International Balkan Education and Science Congress “Education for Life, Work and Well-being”, 28-30 September 2017, Nessebar, Bulgaria, Faculty od Education, Trakia University – Stara | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | Zagora, со реферат (усна презентација, коавтор): *Learning the conclusion making methods in the instruction in the natural-mathematical group of subjects.* | |
| 3.7 | Учество на 13th International Balkan Education and Science Congress, 6-8 September 2018, Edirne, Turkey, Trakya University, Faculty of education, Edirne, со реферат (усна презентација, коавтор): *Prospective Teachers Demographic Characteristics and Their Beliefs about Their Preparedness to Teach Mathematics* | 1 |
| 3.8 | Учество на 4th International Conference “Education Across Borders”, 19-20 October 2018, Florina, Greese, University of Western Macedonia, Faculty of Education, Florina, со реферат (усна презентација, коавтор): *Working with mathematically gifted students in the initial education* | 1 |
| 3.9 | Улесник во проект на УКИМ: *Интелектуалните способности, академските постигања и видот на студиите кај студентите од УКИМ како можни фактори на навиките, преференциите и очекувањата во користењето на социјаните мрежи* | 3 |
| 3.10 | Учество на 14th International Balkan Education and Science Congress, 5-7 September 2019, Ohrid, Faculty of Pedagogy “S. Kliment Ohridski” – Skopje, со реферат (усна презентација, коавтор): *Работа со математички надарени ученици во почетното образование – трет дел.* | 1 |
| 3.11 | Учество на International scientific conference effects of physical activity application to anthropological status with children, adolescents and adults, 11-12 December , Belgrade, Republic of Serbia со реферат (усна презентација, коавтор): *The effect of games on the socialization of early school age students.* | 1 |
| | **Вкупно** | **37,5** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1 | Коавтор на монографија : Математички надарените ученици во почетното образование, 2022 | 8 |
| 2 | Коавтор на учебно помагало: Практикум по методика на наставата по математика од прво до петто одделение, 2022 | 7 |
| 3 | Коавтор на книга од стручна област: Репетиториј по елементарна математика – прв дел, 2019 | 7 |
| 4 | Коавтор на книга од стручна област: Репетиториј по елементарна математика – втор дел, 2019 | 7 |
| 5 | Коавтор на книга од стручна област: Репетиториј по елементарна математика – трет дел, 2020 | 7 |
| 6 | Коавтор на книга од стручна област: Математички талент 12 нерешени задачи за натпревари по математика-трет дел, 2019 | 7 |
| 7 | Коавтор на книга од стручна област: Математички талент 22 (збирка задачи за учениците од IV и V одделение), 2020 | 7 |
| 8 | Коавтор на книга од стручна област: Меѓународен математички натпревар „Кенгур“, 2020 | 7 |
| 9 | Коавтор на книга од стручна област: Меѓународен математички натпревар „Кенгур“, 2021 | 7 |
| 10 | Коавтор на книга од стручна област: Меѓународен математички натпревар „Кенгур“ ( I-II година), 2021 | 7 |
| 10. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | II. International Balkans, Anatolia, Caucasia and Turkistan (Middle Asia) Geography art, Culture, History and Folklore Congress/art activity, Aydin, Turkey, 09-11 May, 2022 | |
| 11. | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир:<br>Second European Conference for Religious Dialogue and Cooperation: "Relationship between Religion and Globalization: Religious particularism vs. Religious universalism", Struga, 13-16 June 2022 | 1 |
| | **Вкупно** | 11 |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **64,2** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **100,6** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **11** |
| **Вкупно** | **175,8** |

**Членови на Комисијата**

**____________________________, претседател, с.р.**

**____________________________, член, с.р.**

**____________________________, член, с.р.**

# РЕЦЕНЗИЈА
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ФИТОЦЕНОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ВЕГЕТАЦИЈАТА НА ВИСОКОПЛАНИНСКИТЕ ПАСИШТА НА ШАР ПЛАНИНА – ЉУБОТЕН (КОСОВО), ОД М-Р НАИМ БЕРИША, ПРИЈАВЕНА НА ПРИРОДНО-МАТЕМАТИЧКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје, на својата седница одржана на 26.5.2022 година, со Одлука бр. 02-37/9 од 27.5.2022 година, нè определи за членови на Рецензентската комисија за оцена на доставената изработена докторска дисертација под наслов: ФИТОЦЕНОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ВЕГЕТАЦИЈАТА НА ВИСОКОПЛАНИНСКИТЕ ПАСИШТА НА ШАР ПЛАНИНА – ЉУБОТЕН (КОСОВО) , поднесена м-р Наим Бериша, асистент на Катедрата за екологија, Факултет за природно-математички науки, Универзитет во Приштина, Косово.

Рецензентската комисија во состав: академик Владо Матевски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје (во пензија), проф. д-р Митко Костадиновски, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје, проф. д-р Андраж Чарни, Биолошки институт „Јован Хаџи“, ЗРЦ, САЗУ, Љубљана, проф. д-р Рената Ќуштеревска, вонреден професор на Природно-математичкиот факултет во Скопје и проф. д-р Фадиљ Милаку, редовен професор на Природно-математичкиот факултет во Приштина, по деталното разгледување на поднесената докторска дисертација го поднесува следниов

### ИЗВЕШТАЈ

Докторската дисертација под наведениот наслов е напишана на 284 страници, во чии рамки се вклучени 13 вегетациски табели, 107 слики, како и 282 цитирани и коментирани библиографски единици.

Докторската дисертација е структурирана во следните поглавја: Апстракт, Вовед, Цели на студијата и хипотеза, Претходни студии за планините Љуботен и Шар Планина, Материјал и методи, Природни и географски карактеристики на истражуваната област, Разновидност на флората и вегетацијата на проучуваната област, Резултати и дискусија, Заклучоци, Литература и Додаток

Во поглавјето **Вовед** (2 страници) се наведени мотивите за преземените фитоценолошки истражувања на тревестата вегетација на планината Љуботен (Косово), со посебен фокус на планинските пасишта – субалпските и алпските пасишта и придружните живеалишта. Тие произлегуваат од одредени празнини кои постојат во познавањето на вегетацискиот состав на одделни делови од територијата на Косово, вклучително и за заедниците од некои вегетациски типови на планината Љуботен, како и да се даде одговор на некои отворени прашања, околу присуството на одредени вегетациски класи, синтаксономската позиција на некои пониски синтаксономски категории, како и нивните фитогеографски карактеристики.

Во поглавјето **Цели на студијата и хипотеза** (1 страница), кандидатот правилно ги утврдил целите при истражувањето, како и поставените задачи за нивно постигнување, што може да се заклучи според резултатите кои се добиени во текот на истражувањата.

Во поглавјето **Претходни студии за планините Љуботен и Шар Планина** (1 страница), даден е преглед на сите податоци кои му биле достапни на кандидатот за флората и вегетацијата на планината Љуботен, кои опфаќаат широк временски период, од крајот на XIX век, до денес.

Во поглавјето **Материјал и методи на истражувањата** (4 страници), кандидатот наведува дека теренските вегетациски истражувања се реализирани во периодот од 2015 до 2019 година, според стандардниот централноевропски метод (Braun-Blanquet 1964; Westhoff & van der Maarel 1978) за фитоценолошки истражувања, при што се направени 328 вегетациски снимки. За идентификација на растенијата и таксономско определување, користени се голем број флористички дела, како што се: Flora Europaea (Tutin et al., 1968-1980), Prodromus florae peninsulae Balcanicae (Hayek, 1927-1933), Флора на СР Србија (Јосифовић, 1970-1977; Сарић & Диклић, 1986; Стевановић, 2012), Флора на Република Македонија (Мицевски, 1985-2005; Матевски 2010, 2021), Флора на Албанија (Paparisto et al. 1988; Qosja et al. 19996, 1996; 2000; Barina et al. 2018), Mountain flora of Greece том 1 и 2 (Strid, 1986; Strid & Tan 1991), како и други релевантни книги и монографии, кои се однесуваат на некои пословени родови или агрегатни видови. Номенклатурата на таксоните е според Euro+Med Plantbase (Euro+Med 2006).

Компјутерската обработка на вегетациските снимки е реализирана во базата на податоци Turboveg (Hennekens & Schaminée 2001), дополнително обработени и анализирани со помош на софтверот JUICE (Tichý 2002), каде што, меѓу различните параметри и методи, применета е и

кластерска анализа во PC-ORD (McCune & Mefford 2006) и методот 'OptimClass' за идентификување на оптималната скала на партиција (Tichý et al. 2010). Номенклатурата на синтаксоните беше усогласена со четвртото издание на Меѓународниот кодекс за фитоценолошка номенклатура (Theurillat et al. 2020). Имињата на повисоките синтаксони ја следат концепцијата на Mucina et al. (2016). За интерпретирање на моделите на еколошката вегетација, користени се индикаторските вредности на Ellenberg (EIV) (Ellenberg et al. 1992); за секоја вегетациска снимка, непондерираните средни индикаторски вредности се пресметани со помош на софтверот JUICE (Tichý 2002). Дијагностички значајните видови за одделните кластери се одредени со пресметување на постојаност и “fidelity” на секој вид од кластерите, користејќи phi коефициент (Chytrý et al. 2002) во програмата Juice. За одредување на биолошкиот спектар на заедниците користени се животните форми по Raunkiaer (1934), додека флорните елементи се дадени според Gajić (1980), Pignatti (1982) и други.

Во поглавјето **Природно-географски карактеристики на истражуваното подрачје** (12 страници), дадени се климатските карактеристики на планината Љуботен, нејзината тектоника и геологија, релјефот, хидрогеолошките карактеристики и педолошките фактори.

Во поглавјето **Разновидност на флората и вегетацијата на проучуваната област** (58 страници), посветени се две одделни поглавја за флористичката и вегетациската разновидност на проучуваната област. Бериша укажува дека флората на Шар Планина се состои од околу 1700 растителни таксони. Во текот на спроведените флористички и фитоценолошки истражувања на планината Љуботен се регистрирани вкупно 853 потврдени растителни таксони (при што се наведува преглед на нивна застапеност по фамилии и родови). Според богатството со ендемични растителни таксони, планината Љуботен претставува значаен центар, така што од вкупниот број познати ендемити во Косово (локални и балкански), само на планината Љуботен се среќаваат над 22 %. Тоа несомнено зборува дека планината Љуботен има особено значење за биолошката разновидност на Косово. Од вкупните растителни таксони регистрирани во планината Лyботен, 53 се вклучени во Црвената книга на васкуларната флора на Косово (Millaku et al. 2013) - 4 се критично загрозени (CR), 16 загрозени (EN), 3 ранливи (VU), 8 скоро (блиску) загрозени (NT) и 22 најмалку загрижени (LC). Кандидатот наведува преглед на реликтни, ендемични и загрозени растителни таксони од Љуботен, нови податоци за распространување за 17 растителни таксони, список на потенцијално сомнителни растителни таксони кои биле погрешно наведени за Љуботен, како и список на флорни елементи од таксоните кои се регистрирани во вегетациските снимки. Во однос на вегетацијата, врз основа на литературните податоци, наведува преглед на најзначајните вегетациски типови, присутни пошироко на Шарпланинскиот масив.

При тоа, констатира дека постојните фитоценолошки податоци со кои се располага за планинската тревеста вегетација на планината Љуботен не се комплетни и оставаат простор за дополнителни фитоценолошки истражувања.

Во поглавјето **Резултати и дискусија** (168 страници), кандидатот по деталните флористички и фитогеографски анализи, направените нумерички анализи со соодветни компјутерски програми, како и со компарирање со веќе опишаните заедници од територијата на Косово и соседните подрачја, ги наведува резултатите од сопствените истражувања за синтаксономската припадност на растителните заедници во истражуваното подрачје и дава издржан синтаксономски преглед.

Кандидатот во истражуваното подрачје констатира вкупно 19 заедници (13 асоцијации, 4 субасоцијации и 2 провизорни заедници кои се подредени кон 10 сојузи, 9 редови и 9 вегетациски класи. При тоа, 7 асоцијации и 2 субасоцијации се нови за науката и нивниот Holotypus потекнува од планината Љуботен.

Регистрираните заедници припаѓаат кон 9 вегетациски класи.

Посебно внимание во докторската дисертација кандидатот посветува на високопланинските пасишта на планината Љуботен. Тие зафаќаат најголема површина од тревната вегетација на планината Љуботен и се подредени кон класите *Elyno-Seslerietea* Br.-Bl. 1948 и *Juncetea trifidi* Hadac in Klika et Hadac 1944. Класата *Elyno-Seslerietea* Br.-Bl. 1948 на планината Љуботен е претставена со редот *Onobrychido-Seslerietalia* Horvat 1960 и два сојузи - *Anthyllido-Seslerion klasterskyi* Simon 1958 и *Seslerion nitidae* Horvat 1936, во чии рамки се издвоени следните асоцијации: *Caricetum sempervirens-kitaibeliani* Rajevski 1974, *Festuco-Bryoerythrophylletum recurvirostrae* ass. nova prov., *Helianthemo-Festucetum pancicianae* ass. nova. prov., *Poeto-Cerastietum cerastioidae* ass. nova prov. и *Helianthemo-Festucetum adamovicii* Rajevski 1974 (со две субасоцијации – *bromopsietosum erectae* subass. nova. и *alchemilletosum velebiticae* subass. nova).

Од класата *Juncetea trifidi* Hadac in Klika et Hadac 1944 (ред *Seslerietalia comosae* Simon 1958, сојузот *Poion violaceae* Horvat et al. 1937) се регистрирани две заедници кои се развиваат на длабока почва (*Thymo-Avenelletum flexuosae* ass. nova. prov. и *Phleum montanum-Rubus idaeus* comm.). Посебно значајна е асоцијацијата *Thymo-Avenelletum flexuosae,* која се развива големи површини на планината Љуботен, веднаш над работ на планинските букови шуми, која е издиференцирана во две субасоцијации: subass. *poetosum* subass. nova и subass. *dianthetosum* subass. nova.

Кандидатот во своите истражувања на **нискaта грмушеста субалпска вегетација** од класата *Calluno-Ulicetea* Br.-Bl. et Tx. ex Klika et Hadač 1944 (ред *Vaccinio myrtilli-Genistetalia pilosae* Schubert ex Pass. 1964, сојуз *Bruckenthalion spiculifoliae* Horvat 1949) ја потврди заедницата *Junipereto nanae-Bruckenthalietum spiculifoliae* Horvat 1935), која веќе беше позната за Шар Планина. Тоа е добро развиена грмушеста заедница која во истражуваната област се развива во опсегот од 1544 до 1810 m. н.в. Во текот на истражувањата, на западните падини на планината Љуботен, на силикатна подлога регистрирана е и заедницата *Rubo-Rhododendretum ferrugineae* ass. nova prov. (класа *Loiseleurio procumbentis-Vaccinietea* Eggler ex Schub. 1960, ред *Rhododendro frruginei-Vaccinietalia* Br.-Bl. in Br.-Bl. et Jenny 1926, сојуз *Rhododendrion myrtifolii* de Foucault ex Theurill. et Mucina).

За **вегетацијата на сипари** (кл. *Drypidetea spinosae*), кандидатот ја наведува ass. *Drypetum spinosae* Horvat 1931, додека од **хазмофитска вегетација** е издвоена една заедница – *Saxifraga scardica* comm., од класата *Asplenietea trichomanis* (Br.-Bl. in Meier et Br.-Bl. 1934) Oberd. 1977, редот *Potentilletalia speciosae* Quézel 1964, и сојузот *Saxifragion scardicae* Dimopoulos et al. 1997.

Бериша за истражуваното подрачје наведува и една блатна заедница – асоцијација *Blyssmo-Eriophoretum latifoliae* ass. nova prov. (класа *Scheuchzerio palustris-Caricetea fuscae* Tx. 1937, ред *Caricetalia fuscae* Koch 1926, сојуз *Caricion fuscae* Koch 1926.), како и рабната заедница - *Telekietum speciosae* Tregubov 1941 (класа *Epilobietea angustifolii* Tx. et Preising ex von Rochow 1951, ред *Galeopsio-Senecionetalia sylvatici* Passarge 1981, сојуз *Epilobion angustifolii* Oberd. 1957).

Во однос на животните форми, во регистрираните растителни заедници на Љуботен доминираат хемикриптофитите (58,5 %) и геофитите (12,3 %), проследени од терофити (11,6 %), хамефити (8,7 %) и фанерофити (8,7 %).

Во однос на **фитогеографските карактеристики** на таксоните, кои влегуваат во состав на истражуваните фитоценози, Бериша констатира дека во нивниот состав доминираат евроазиски флорни елементи (19,4 %), балкански (14,1 %), орофилно-европски (12,9 %), евромедитерански (9,3 %), европски (8,2 %), евросибирски (6,6 %), циркумбореални (6,1 %), како и други хоролошки групи кои се застапени со помалку од 5%.

Кандидатот во докторската дисертација наведува 282 користени библиографски единици, кои се соодветно цитирани во контекст на истражуваната проблематика.

На крајот, како посебен додаток се приклучени вегетациски табели од сите констатирани заедници во истражуваното подрачје, кои претставуваат интегрален дел со текстот за секоја од наведените растителни заедници.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Докторската дисертација под наслов: ФИТОЦЕНОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА ВЕГЕТАЦИЈАТА НА ВИСОКОПЛАНИНСКИТЕ ПАСИШТА НА ШАР ПЛАНИНА – ЉУБОТЕН (КОСОВО), поднесена м-р Наим Бериша, асистент на Катедрата за екологија, Факултет за природно-математички науки, Универзитет во Приштина, Косово, претставува самостоен, оригинален научен труд, како по својот квалитет така и по актуелноста и комплексноста на истражуваната проблематика. Применети се соодветни, класични фитоценолошки и современи компјутерски, научноистражувачки методи. Добиените резултати се правилно и коректно интерпретирани и се извлечени правилни заклучоци. Трудот претставува значаен придонес кон продлабочување на сознанијата за синтаксономијата на вегетацијата на брдските и планинските пасишта на планината Љуботен (Косово), како дел од Шарпланинскиот масив.

Рецензентската комисија е на мислење дека доставениот труд по својот обем, содржина, добиени резултати и остварени цели одговара на докторска дисертација и има особена чест да му препорача на Наставно-научниот совет на Природно-математичкиот факултет во Скопје да ја прифати изработената докторска дисертација поднесена од м-р Наим Бериша и да му овозможи на кандидатот јавна одбрана според законските прописи.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Академик Владо Матевски, редовен професор, Природно-математички факултет – Скопје (во пензија), с.р.**

**Проф. д-р Митко Костадиновски, редовен професор, Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Андраж Чарни, Биолошки институт „Јован Хаџи“, ЗРЦ, САЗУ, Љубљана, с.р.**

**Проф. д-р Рената Ќуштеревска, вонреден професор, Природно-математички факултет – Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Фадиљ Милаку, редовен професор, Природно-математички факултет – Приштина, с.р.**

# ПРЕГЛЕД
## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ТЕХНОЛОШКО-МЕТАЛУРШКИ ФАКУЛТЕТ

**МАГИСТЕРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Горан Ризов | „Влијание на параметрите на процесирање и хемискиот состав врз механичките и микроструктурните карактеристики на дебели топловалани челични лимови“ | „An influence of processing parameters and chemical composition on the mechanical and microstructural characteristics of hot rolled steel plates“ | проф. д-р Ружица Манојловиќ | 03.06.2022 година Бр. 02-981/1 |

***Прилог бр. 5***

# П Р Е Г Л Е Д

## НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТ ЗА ДИЗАЈН И ТЕХНОЛОГИИ НА МЕБЕЛ И ЕНТЕРИЕР ВО СКОПЈЕ

**2. ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | М-р Елена Јевтоска | „Влијание на составните делови на прозорот врз крајниот квалитет на прозорот и енергетската ефикасност“ | „The influence of the integral parts of the window on the final quality of the window and the energy efficiency“ | д-р Ѓорги Груевски, редовен професор | 21.6.2022 год. 0202-292/2-VI-10 |
| 2. | М-р Бранко Темелковски | „Просторни концепти во македонската традиционална архитектура од 19 век и нивна применливост“ | „Spatial concepts of macedonian traditional architecture from the 19th century and their applicability“ | д-р Владимир Каранаков, редовен професор | 21.6.2022 год. 0202-292/2-VI-11 |

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНЖЕНЕРСТВО НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 1.6.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област компјутерски технологии и инженерство, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии, бр. 02-1133/10, донесена на неговата седница на 22.6.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Марија Календар, редовен професор на ФЕИТ, претседател, д-р Димитар Ташковски, редовен професор на ФЕИТ, член и д-р Даниел Денковски, вонреден професор на ФЕИТ, член.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област компјутерски технологии и инженерство, во предвидениот рок се пријави еден кандидат.

### 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Христијан Ѓорески е роден на 12.8.1987 година во Прилеп. Основно училиште и природно-математичка гимназија завршил во Прилеп со одличен успех. На Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје се запишал во учебната 2006/2007 година. Дипломирал на 1.9.2010 година, на програмата Информатика и компјутерско инженерство, со просечен успех 9,82. Во текот на студирањето, постојано е наградуван за постигнатиот успех со награди за исклучителен труд и достигнувања.

На постдипломски/магистерски студии се запишал во 2011 година на програмата Информациски и комуникациски технологии, на Меѓународната школа на Институтот „Јожеф Стефан“ (Jožef Stefan International Postgraduate School) во Р Словенија. Сите испити предвидени со наставната програма ги има положено со највисока оценка 10. Магистерскиот труд со наслов „Приспособливо препознавање на човечки активности и препознавање на паѓање со помош на сензори што се носат“ ("Adaptive Human Activity Recognition and Fall Detection using Wearable Sensors") го одбранил на 16.9.2011 година, под менторство на проф. д-р Матјаж Гамс.

На докторски студии се запишал во 2011 година на програмата Информациски и комуникациски технологии, на Меѓународната школа на Институтот „Јожеф Стефан“ (Jožef Stefan International Postgraduate School) во Р Словенија. Студиите ги завршил со просечна оценка 9,98. Докторската дисертација со наслов: „Контекстно резонирање во полето на амбиенталната интелигенција“ ("Context-based Reasoning in Ambient Intelligence"), под менторство на проф. д-р Матјаж Гамс, ја одбранил на 29.1.2015 година. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор на науки.

Од 2010 до 2016 година бил активен член на Отсекот за интелигентни системи на Институтот „Јожеф Стефан“, најпрво како помлад истражувач, а од 2015 година и како истражувач со докторат. Како дел од оваа група, покрај научноистражувачката работа, тој зел и учество во настава на повеќе меѓународни и домашни школи и работилници од областите на интелигентните системи, вештачката интелигенција и напредните информациско-комуникациски технологии. Во декември 2016 се вработил како постдокторски истражувач на Универзитетот во Сасекс (University of Sussex), Обединето Кралство, каде што работел на проектот "Lifelearn: Unbounded activity and context awareness", под раководство на проф. д-р Даниел Роген, кој е еден од врвните експерти во областа на препознавање на човечки активности преку анализа на сензорски податоци. Од декември 2017 година е вработен како доцент на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје (Билтен на УКИМ бр. 1158 од 1.12.2017 година) по предметите од наставно-научната област компјутерски технологии и инженерство. Во рамките на наставната дејност на Факултетот, држи предавања, аудиториски и лабораториски вежби по повеќе предмети од областа на компјутерските технологии и инженерството, на прв, втор и трет циклус студии.

Во доменот на научноистражувачката дејност има објавено 85 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија, од кои: 19 во списанија со фактор на влијание, 8 дела од монографии издадени од издавачката куќа Springer, 5 труда во научни/стручни списанија без фактор на влијание, 30 труда во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор и 23 труда во зборници на трудови од научни/стручни собири.

Учествувал во голем број на меѓународни научноистражувачки и апликативни проекти од областа на информациско-комуникациските технологии. Учествувал во 8 меѓународни

научноистражувачки и апликативни проекти, од кои на еден е координатор на меѓународен конзорциум од програмата на ЕУ - Хоризонт 2020.

Д-р Христијан Ѓорески е добитник на наградата „Најдобар млад научник”, доделена од претседателот на Р Македонија, за врвни научни достигнувања во 2016 година. Исто така, има добиено награда за демонстрација на прототип на ACM International UbiComp/ISWC: 2021, со наслов: emteqPRO: Face-mounted Mask for Emotion Recognition and Affective Computing. Исто така, има добиено награда за најдобар научен реферат на Европската конференција за амбиентална интелигенција (“European Conference on Ambient Intelligence”) 2015, како и прва награда за научни достигнувања со исклучителен квалитет и практично користење, на конференцијата ИПССЦ (6th International Postgraduate School Student Conference – IPSSC) 2016. Д-р Христијан Ѓорески бил дел од тимови кои што победиле на три меѓународни натпревари за препознавање на човечки активности: ЕВААЛ (International competition in Activity Recognition – EvAAL) 2013; EMTEQ AR Challenge – Лондон, Англија; ChallengeUP Multimodal Fall Detection – Будимпешта, Унгарија.

Д-р Христијан Ѓорески покажал и значителни активности во областа на стручно-апликативната дејност, учествувајќи во неколку експертски активности, идејни решенија и студии. Коавтор е на 1 меѓународна патентна пријава во Обединетото Кралство и на 2 патента во Словенија. Според “Google Scholar”, има 2236 цитати и 25 Х-индекс.

Во моментот е доцент при Институтот за компјутерски технологии и инженерство на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Последниот реферат за избор е објавен во Билтенот бр. 1158 од 2017 година.

Кандидатот активно го владее англискиот јазик.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од изборот за доцент, објавен во Билтенот бр. 1158 од 1.12.2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, при Факултетот за електротехника и информациски технологии (ФЕИТ), кандидатот д-р Христијан Ѓорески изведува настава, аудиториски и лабораториски вежби од поголем број предмети од соодветната област на **прв циклус** студии на ФЕИТ на студиската програма: Компјутерски технологии и инженерство (КТИ); на **втор циклус** студии, на студиските програми: Компјутерски мрежи – интернет на нешта (КМ-ИНН), Наменски компјутерски системи (НКС), Интернет и мобилни сервиси и апликации (ИМСА) и Dedicated Embedded Computer Systems and IoT (на англиски јазик) и на **трет циклус** студии, на студиската програма: Електротехника и информациски технологии. Кандидатот подготвувал предавања, вежби и пакет материјали за повеќе нови предмети.

Од изборот во звањето доцент до денес, кандидатот бил ментор на 17 дипломски трудови, ментор на 3 магистерски трудови, како и коментор на 2 магистерски труда. Кандидатот учествувал како член во комисија за оцена или одбрана на 20 дипломски и 3 магистерски труда и 1 докторска дисертација.

**Детали за сите наставно-образовни активности на кандидатот се прикажани во табелата од Образец 2.**

### Научноистражувачка дејност

Во доменот на научноистражувачката дејност има објавено 85 трудови на меѓународни и домашни конференции и списанија, од кои: 19 во списанија со фактор на влијание, 8 дела од монографии издадени од издавачката куќа Springer, 5 труда во научни/стручни списанија без фактор на влијание, 30 труда во зборници на трудови од научни/стручни собири со меѓународен уредувачки одбор и 23 труда во зборници на трудови од научни/стручни собири. Учествувал во 8 меѓународни научноистражувачки и апликативни проекти, од кои на еден е координатор на меѓународен конзорциум од програмата на ЕУ - Хоризонт 2020.

Д-р Христијан Ѓорески е добитник на наградата “Најдобар млад научник”, доделена од претседателот на Р Македонија, за врвни научни достигнувања во 2016 година. Исто така, има добиено награда за демонстрација на прототип на ACM International UbiComp/ISWC: 2021 со наслов: emteqPRO: Face-mounted Mask for Emotion Recognition and Affective Computing. Исто така има добиено награда за најдобар научен реферат на Европската Конференција за Амбиентална Интелигенција (“European Conference on Ambient Intelligence”) 2015, како и прва награда за научни достигнувања со исклучителен квалитет и практично користење, на конференцијата ИПССЦ (6th International Postgraduate School Student Conference – IPSSC) 2016. Д-р Христијан Ѓорески бил дел од тимови кои што победиле на три меѓународни

натпревари за препознавање на човечки активности: ЕВААЛ (International competition in Activity Recognition – EvAAL) 2013; EMTEQ AR Challenge – Лондон, Англија; ChallengeUP Multimodal Fall Detection – Будимпешта, Унгарија.

Од претходниот избор до денес, д-р Христијан Ѓорески има објавено **4 поглавја** од монографии издадени од Springer, **10 труда во меѓународни списанија со фактор на влијание**, **2 труда во меѓународно списание** без фактор на влијание, **14 труда на меѓународни конференции**, како и **12 труда во зборници** од научен стручен собир. Во истиот период, кандидатот е **раководител (координатор) на меѓународен проект** (ЕУ, Хоризонт 2020), како и учесник во еден меѓународен научен проект.

Подолу се дадени детали за трудовите **по изборот во звањето доцент** (претходно објавените трудови се наведени во Билтен бр. 1158 од 2017 година).

**<u>Рецензија на публикувани трудови во периодот по последниот избор</u>**

**Дел од монографија објавен во странство**

1. **Gjoreski, Hristijan**; Stankoski, Simon; Kiprijanovska, Ivana; Nikolovska, Anastasija; Mladenovska, Natasha; Trajanoska, Marija; Velichkovska, Bojana; Gjoreski, Martin; Luštrek, Mitja; Gams, Matjaž: Wearable sensors data-fusion and machine-learning method for fall detection and activity recognition. Challenges and Trends in Multimodal Fall Detection for Healthcare, 81-96, 2020 Springer, Cham

   Ова поглавје од монографија предлага употреба на машинско учење за предвидување на бројот на паѓање и препознавање на активности со помош на техники за фузија на податоци од сензори што се носат.

2. **Gjoreski, Hristijan**; Kiprijanovska, Ivana; Stankoski, Simon; Kalabakov, Stefan; Broulidakis, John; Nduka, Charles; Gjoreski, Martin: Head-AR: Human Activity Recognition with Head-Mounted IMU Using Weighted Ensemble Learning. Activity and Behavior Computing 153-167, 2020, Springer, Singapore

   Ова поглавје од монографија предлага употреба на машинско учење за препознавање на човечки активности од сензори што се на глава – паметни очила. Резултатите покажуваат дека се постигнува добра точност во препознавањето на активностите.
3. Wang, Lin; **Gjoreski, Hristijan**; Ciliberto, Mathias; Mekki, Sami; Valentin, Stefan; Roggen, Daniel; Benchmark Performance for the Sussex-Huawei Locomotion and Transportation Recognition Challenge 2018, Human Activity Sensing, 153-170, 2019, Springer, Cham

   Ова поглавје од монографија ги прикажува резултатите што се добиени на натпреварот за препознавање на активности на датасетот Sussex-Huawei Locomotion and Transportation.
4. V. Rakovic, **H. Gjoreski**, M. Poposka, D. Denkovski and L. Gavrilovska, “Flash Crowd Management in Beyond 5G Systems”, in Future Access Enablers for Ubiquitous and Intelligent Infrastructures, Lecture Notes of the Institute for Computer Sciences, Social Informatics and Telecommunications Engineering, D. Perakovic and L. Knapcikova, Eds., Springer, Cham, June 2021, pp. 48-57, doi: 10.1007/978-3-030-78459-1_4.

   Ова поглавје од монографија предлага употреба на машинско учење за предвидување на бројот на корисници во безжични мрежни околини. Резултатите покажуваат дека машинското учење може значително да ја подобри проактивноста и приспособливоста на мрежата преку сигурно предвидување на сценарија на толпа и вонредни околности.

**Списанија:**

**Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-фактор**

1. Gjoreski, Martin; Kolenik, Tine; Knez, Timotej; Luštrek, Mitja; Gams, Matjaž; **Gjoreski, Hristijan**; Pejović, Veljko: Datasets for Cognitive Load Inference Using Wearable Sensors and Psychological Traits. *Applied Sciences*, 10, 11, 3843, 2020 MDPI.
   **IF = 2.474**

Овој труд предлага датасет за препознавање на когнитивен напор со помош на сензорски податоци од уреди што се носат. Исто така, презентира првични резултати добиени со методи за машинско учење.

2. Kiprijanovska, Ivana; Gjoreski, Hristijan; Gams, Matjaž: Detection of Gait Abnormalities for Fall Risk Assessment Using Wrist-Worn Inertial Sensors and Deep Learning. *Sensors*, 20, 18, 5373, 2020, MDPI.
   **IF = 3.576**

   Овој труд предлага нов метод за препознавање на проблематично одење со машинско учење и со тоа оценка на ризикот од паѓање со помош на податоци добиени од паметен часовник. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ги препознава активностите.
3. Kiprijanovska, Ivana; Stankoski, Simon; Ilievski, Igor; Jovanovski, Slobodan; Gams, Matjaž; **Gjoreski, Hristijan**: Houseec: Day-ahead household electrical energy consumption forecasting using deep learning. *Energies*, 13, 10, 2672, 2020, MDPI.
   **IF = 2.702**

   Овој труд предлага нов метод за предвидување на потрошувачката на електрична енергија на домаќинства. Методот користи машинско учење со цел да ги научи навиките на домаќинствата. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ја предвидува енергијата.
4. Stankoski, Simon; Jordan, Marko; **Gjoreski, Hristijan**; Luštrek, Mitja; Smartwatch-Based Eating Detection: Data Selection for Machine Learning from Imbalanced Data with Imperfect Labels. Sensors, 21, 5, 1902, 2021, MDPI
   **IF = 3.576**

   Овој труд предлага нов метод за препознавање на јадење со помош на податоци добиени од паметен часовник и машинско учење. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ги препознава активностите поврзани со процесот на јадење.
5. Gjoreski, Martin; Mahesh, Bhargavi; Kolenik, Tine; Uwe-Garbas, Jens; Seuss, Dominik; **Gjoreski, Hristijan**; Luštrek, Mitja; Gams, Matjaž; Pejović, Veljko. Cognitive Load Monitoring With Wearables–Lessons Learned From a Machine Learning Challenge. IEEE Access, 9, 103325-103336, 2021.
   **IF = 3.367**

   Овој труд ги сумаризира искуствата научени од организацијата на натпреварот за препознавање на когнитивен напор со помош на машинско учење и сензори штос е носат.
6. Wang, Lin; **Gjoreski, Hristijan**; Ciliberto, Mathias; Mekki, Sami; Valentin, Stefan; Roggen, Daniel; Enabling reproducible research in sensor-based transportation mode recognition with the Sussex-Huawei dataset. IEEE Access 7, 10870-10891, 2019
   **IF = 3.367**

   Овој труд ги сумаризира искуствата научени од организацијата на натпреварот за препознавање на когнитивен напор со помош на машинско учење и сензори што се носат.
7. **Gjoreski, Hristijan**; Ciliberto, Mathias; Wang, Lin; Morales, Francisco Javier Ordonez; Mekki, Sami; Valentin, Stefan; Roggen, Daniel; The university of sussex-huawei locomotion and transportation dataset for multimodal analytics with mobile devices. IEEE Access 6, 42592-42604, 2018
   **IF = 3.367**

   Овој труд предлага нов датасет за препознавање на транспорт и активности. Датасетот е собран со помош на паметни телефони и нивните сензорски податоци. Исто така се презентирани првични резултати од процесот на препознавање.
8. Piltaver, Rok; **Gjoreski, Hristijan**; Gams, Matjaž; Identifying a person with door-mounted accelerometer. Journal of Ambient Intelligence and Smart Environments 10 5 361-375 2018 IOS Press
   **IF = 2.105**

   Овој труд предлага нов метод за идентификација на човек што поминува низ врата, со помош на податоци добиени од сензор инсталиран на вратата и машинско учење.

Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ги препознава луѓето што се во датасетот.

9. Stankoski, Simon; Kiprijanovska, Ivana; Mavridou, Ifigeneia; Nduka, Charles; **Gjoreski, Hristijan**; Gjoreski, Martin; Breathing Rate Estimation from Head-Worn Photoplethysmography Sensor Data Using Machine Learning. Sensors, 22 6 2079, 2022 MDPI
**IF = 3.576**

Овој труд предлага нов метод за оценка на рата на дишење со помош на податоци добиени од паметни очила и машинско учење. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ја оценува ратата на дишење.

10. Ingelse, Leon; Branco, Diogo; **Gjoreski, Hristijan**; Guerreiro, Tiago; Bouça-Machado, Raquel; Ferreira, Joaquim J; CNS Physiotherapy Study Group; Personalised Gait Recognition for People with Neurological Conditions. Sensors, 22 11 3980 2022, MDPI
**IF = 3.576**

Овој труд предлага нов метод за препознавање на проблематично одење на пациенти со Паркинсон, со помош машинско учење и на податоци добиени од паметен часовник. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно го препознава проблематичното одење.

**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет**

**1.** Wang, Lin; **Gjoreski, Hristijan**; Ciliberto, Mathias; Lago, Paula; Murao, Kazuya; Okita, Tsuyoshi; Roggen, Daniel; Three-Year Review of the 2018–2020 SHL Challenge on Transportation and Locomotion Mode Recognition From Mobile Sensors Frontiers in Computer Science 2021.

Овој труд ги сумаризира искуствата научени од организацијата на трите натпревари за препознавање на транспорт со помош на податоци од паметни телефони.

**Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно/стручно списание**

1. Kalabakov, Stefan; Gjoreski, Martin; **Gjoreski, Hristijan**; Gams, Matjaž. Analysis of Deep Transfer Learning Using DeepConvLSTM for Human Activity Recognition from Wearable Sensors. Informatica, 45, 2, 2021.

Овој труд предлага нов метод за препознавање на активности со длабоко учење и трансфер на знаење. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ги препознава активностите и прави успешен трансфер на знаење помеѓу различни датасети.

**Труд со оригинални научни резултати, објавен во стручно/научно популарно списание**

1. Доц. д-р **Христијан Ѓорески**. Алгоритам за препознавање човечки активности, развиен од тим во Македонија, победи на меѓународен натпревар. Пресинг, 45/9, 2019.

Овој труд го презентира алгоритамот за препознавање на активности кој победи на меѓународниот натпревар ChallengeUP Multimodal Fall Detection – Будимпешта, Унгарија.

**Конференции:**

**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**

1. Astell, Arlene J; Gradisek, Anton; Bizjak, Jani; **Gjoreski, Hristijan**; Gams, Matjaz; Goljuf, Karmen; Cabrera-Umpierrez, Maria Fernanda; Montalva, Juan Bautista; Karavidopoulou, Youla;

Panou, Mary; INLIFE-Independent Living Support Functions for the Elderly: technology and pilot overview Intelligent environments 2018 23 526-535 2018 IOS Press.

Овој труд го презентира европскиот проект INLIFE и резултатите добиени во него, преку пилот-проектите спроведени во рамките на проектот.

2. Milanova, Ivona; Silc, Jurij; Serucnik, Miha; Eftimov, Tome; **Gjoreski, Hristijan**; LOCALE: A Rule-based Location Named-entity Recognition Method for Latin Text. HistoInformatics@ TPDL 13-20 2019.

   Овој труд предлага нов метод за препознавање ентитети во латински текст со помош на користење на правила. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ги препознава ентитетите.

3. Andonovic V., Gjoreski H., Srbinovska M., Andova V., Krkoleva Mateska A., Celeska Krsteska M., Todorov Z.: Air Pollution Prediction in North Macedonia, SEE.SDEWES 2020, Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, June 28-July 2, 2020.

   Овој труд предлага нов метод за препознавање на загадувањето на воздухот во Македонија со помош на машинско учење. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно го предвидува загадувањето.

4. Wang, Lin; **Gjoreski, Hristijan**; Murao, Kazuya; Okita, Tsuyoshi; Roggen, Daniel; Summary of the sussex-huawei locomotion-transportation recognition challenge Proceedings of the 2018 ACM international joint conference and 2018 international symposium on pervasive and ubiquitous computing and wearable computers 1521-1530 2018.

   Овој труд ги сумаризира искуствата научени од организацијата на натпреварот во 2018 година, за препознавање на транспорт со помош на податоци од паметни телефони. Ги презентира натпреварувачите и нивните пристапи како и резултатите постигнати на натпреварот.

5. Wang, Lin; **Gjoreski, Hristijan**; Ciliberto, Mathias; Mekki, Sami; Valentin, Stefan; Roggen, Daniel; Benchmarking the SHL recognition challenge with classical and deep-learning pipelines Proceedings of the 2018 ACM International Joint Conference and 2018 International Symposium on Pervasive and Ubiquitous Computing and Wearable Computers 1626-1635 2018.

   Овој труд предлага нов датасет за препознавање на транспорт и активности. Датасетот е собран со помош на паметни телефони и нивните сензорски податоци. Исто така, презентирани се првични резултати од процесот на препознавање кои се основа за организација на натпреварот во 2018 година.

6. Murao, Kazuya; Enokibori, Yu; **Gjoreski, Hristijan**; Lago, Paula; Okita, Tsuyoshi; Siirtola, Pekka; Hiroi, Kei; Scholl, Philipp M; Ciliberto, Mathias; 8th international workshop on human activity sensing corpus and applications (HASCA) Adjunct Proceedings of the 2020 ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing and Proceedings of the 2020 ACM International Symposium on Wearable Computers 228-231 2020.

   Овој труд ја презентира организацијата на 8. Меѓународна работилница: Human activity sensing corpus and applications (HASCA), на меѓународната конференција ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing.

7. Richoz, Sebastien; Ciliberto, Mathias; Wang, Lin; Birch, Philip; **Gjoreski, Hristijan**; Perez-Uribe, Andres; Roggen, Daniel; Human and machine recognition of transportation modes from body-worn camera images 2019 Joint 8th International Conference on Informatics, Electronics & Vision (ICIEV) and 2019 3rd International Conference on Imaging, Vision & Pattern Recognition (icIVPR) 67-72 2019 IEEE.

   Овој труд предлага нов метод за препознавање на транспорт од слики што се собрани со камера што се носи. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ги препознава активностите и транспортот на корисникот.

8. Gjoreski, Martin; Kalabakov, Stefan; Luštrek, Mitja; Gams, Matjaž; **Gjoreski, Hristijan**; Cross-dataset deep transfer learning for activity recognition Adjunct Proceedings of the 2019 ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing and Proceedings of the 2019 ACM International Symposium on Wearable Computers 714-718 2019.

Овој труд предлага нов метод за трансфер на знаење со користење на неколку датасети за препознавање на активности.

9. Wang, Lin; **Gjoreski, Hristijan**; Ciliberto, Mathias; Lago, Paula; Murao, Kazuya; Okita, Tsuyoshi; Roggen, Daniel; Summary of the Sussex-Huawei locomotion-transportation recognition challenge 2020 Adjunct Proceedings of the 2020 ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing and Proceedings of the 2020 ACM International Symposium on Wearable Computers 351-358 2020.

   Овој труд ги сумаризира искуствата научени од организацијата на натпреварот во 2020 година, за препознавање на транспорт со помош на податоци од паметни телефони. Ги презентира натпреварувачите и нивните пристапи, како и резултатите постигнати на натпреварот.

10. Branco, Diogo; Carrington, Patrick; Del Din, Silvia; Doryab, Afsaneh; **Gjoreski, Hristijan**; Guerreiro, Tiago; McNaney, Roisin; Montague, Kyle; Pradhan, Alisha; Rodrigues, André; Wild by Design: Workshop on Designing Ubiquitous Health Monitoring Technologies for Challenging Environments Adjunct Proceedings of the 2021 ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing and Proceedings of the 2021 ACM International Symposium on Wearable Computers 508-510 2021.

    Овој труд ја презентира организацијата на 1. Меѓународна работилница: Wild by Design: Workshop on Designing Ubiquitous Health Monitoring Technologies for Challenging Environments, на меѓународната конференција ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing.

11. **Gjoreski, Hristijan**; I. Mavridou, Ifigeneia; Fatoorechi, Mohsen; Kiprijanovska, Ivana; Gjoreski, Martin; Cox, Graeme; Nduka, Charles; emteqPRO: Face-mounted Mask for Emotion Recognition and Affective Computing Adjunct Proceedings of the 2021 ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing and Proceedings of the 2021 ACM International Symposium on Wearable Computers 23-25 2021

    Овој труд предлага нов метод и систем препознавање на емоции со помош на уред што се носи на глава – маска. Притоа се користат методи од машинско учење.

12. Wang, Lin; Ciliberto, Mathias; **Gjoreski, Hristijan**; Lago, Paula; Murao, Kazuya; Okita, Tsuyoshi; Roggen, Daniel; Locomotion and transportation Mode Recognition from GPS and radio signals: Summary of SHL Challenge 2021 Adjunct Proceedings of the 2021 ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing and Proceedings of the 2021 ACM International Symposium on Wearable Computers 412-422 2021

    Овој труд ги сумаризира искуствата научени од организацијата на натпреварот во 2021 година, за препознавање на транспорт со помош на податоци од паметни телефони. Ги презентира натпреварувачите и нивните пристапи, како и резултатите постигнати на натпреварот.

13. Cholakoska, Ana; Pfitzner, Bjarne; **Gjoreski, Hristijan**; Rakovic, Valentin; Arnrich, Bert; Kalendar, Marija; Differentially Private Federated Learning for Anomaly Detection in eHealth Networks Adjunct Proceedings of the 2021 ACM International Joint Conference on Pervasive and Ubiquitous Computing and Proceedings of the 2021 ACM International Symposium on Wearable Computers 514-518 2021.

    Овој труд предлага нов метод за препознавање на аномалии со помош на машинско и федеративно учење. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ги препознава нападите во мрежи од областа на електронското здравство, притоа грижејќи се за приватноста.

14. Gjoreski, Martin; **Gjoreski, Hristijan**; Lustrek, Mitja; Gams, Matjaz; Deep ensembles for inter-domain arousal recognition Workshop on Artificial Intelligence in Affective Computing 52-64 2020 PMLR

    Овој труд предлага нов метод за препознавање на возбуда со помош на машинско учење и трансфер на знаење. Резултатите покажуваат дека новиот метод успешно ја предвидува возбудата во податоци собрани од уреди што се носат.

**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир**

1. Velichkovska B., **Gjoreski H**., Denkovski D., Kalendar M., Celi Leo A., Osmani V.: Investigating presence of ethnoracial bias in clinical data using machine learning. ETAI 2021, North Macedonia, September 2021.

   Овој труд предлага нов метод за препознавање на пристрасност во податоци собрани од пациенти на интензивна нега. Резултатите покажуваат дека во податоците има пристрасност кон одредени раси и етникуми.
2. Cholakoska A., Rakovic V., **Gjoreski H**., Pfitzner B., Arnrich B. and Kalendar M.: Machine learning based anomaly detection in ambient assisted living environments. ETAI 2021, North Macedonia, September 2021

   Овој труд предлага нов метод за машинско учење за детекција на аномалии во податоци собрани од паметни околини опремени со сензори. Резултатите покажуваат дека со методот може да се детектираат аномалиите.
3. Najdoska A., Kotevska E., Markachevikj T. and **Gjoreski H**.: Automatic composition of text and music for a song in macedonian using deep learning. ETAI 2021, North Macedonia, September 2021.

   Овој труд предлага нов метод за компонирање на текст и музика за песни на македонски јазик со помош на длабоко учење. Резултатите покажуваат дека алгоритамот е способен да компонира текст и да генерира музика за истиот текст.
4. I. Kiprijanovska, S. Stankoski, **H. Gjoreski**, “Multi-Sensor Human Energy Expenditure Estimation Using Ensemble Learning”, ETAI, 2018.

   Овој труд предлага нов метод за машинско учење за оценка на потрошена енергија при секојдневни активности. Резултатите покажуваат дека алгоритамот успешно ја оценува енергијата и може да се користи во секојдневието.
5. E. Merdzanovska, S. Kalabakov, I. Milanova, **H. Gjoreski**, “Large-Scale Smartphone-Based Transportation Recognition Using Machine Learning”, ETAI 2018.

   Овој труд предлага нов метод за препознавање на активности и транспорт. Резултатите покажуваат дека алгоритамот успешно ги препознава активностите и транспортот во податоците собрани со паметни телефони.
6. A. Nikolovska, N. Mladenovska, **H. Gjoreski**, “Combining Lexicon-based and Machine Learning Approach for Twitter Sentiment Analysis”, ETAI 2018.

   Овој труд предлага нов метод за препознавање на сентимент во твитови со помош на машинско учење и лексикон. Резултатите покажуваат дека алгоритамот успешно го препознава сентиментот во твитовите.

**Труд со оригинални научни/стручни резултати, објавен во зборник на трудови од научен/стручен собир каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји**

1. Milanova, Ivona; Sarvanoska, Ksenija; Srbinoski, Viktor; **Gjoreski, Hristijan**; Automatic text generation in Macedonian using recurrent neural networks International Conference on ICT Innovations 12-Jan 2019 Springer, Cham.

6. Работилница за Federated Learning, Hasso Plattner институт, Потсдам, Германија, виртуелно учество, 2021, предавач.
7. Зимска школа „WideHealth Winter School on e-Health & Pervasive Technologies“, ФЕИТ, УКИМ, Скопје, РС Македонија, јануари 2022, предавач.
8. Летна школа за мултимедиски технологии, Институт за електроника при ФЕИТ, УКИМ, Скопје, 2015, РС Македонија, учесник.

**Дејности од поширок интерес**
М-р Ана Чолакоска има работено на повеќе истражувачки активности од нејзините потесни и пошироки дејности на интерес.

1. „Развој на филтер на мрежни пакети“ – истражувачки активности во рамките на магистерските студии. Во овие активности е работено на дизајн и имплементација на филтер на мрежни пакети со помош на VHDL и FPGA.
2. „Детектирање на аномалии во мрежен сообраќај со помош на федерирано машинско учење“ – истражувачки активности во рамки на докторските студии. Во оваа активност се работи на примена на длабоко и федерирано машинско учење за откривање на аномалии во мрежен сообраќај.

**Оценка од самоевалуација**
Кандидатката м-р Ана Чолакоска во сите досегашни извештаи за самоевалуација на Факултетот, од анонимно спроведените анкети на студентите на Факултетот за електротехника и информациски технологии, има добиено позитивна оценка.

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: м-р Ана Чолакоска**
**Институција: Факултет за електротехника и информациски технологии**
**Научна област: компјутерски технологии и инженерство**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: магистер по електротехника и информациски технологии | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот циклус и вториот циклус на академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,00.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски<br>2. Назив на документот: Cambridge ESOL Level 2 Certificate — First Certificate in English (FCE) C1<br>3. Издавач на документот: University of Cambridge<br>4. Датум на издавање на документот: 18.8.2011 | да |

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Ана Чолакоска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од почетокот на кариерата до денес, Комисијата заклучи дека м-р Ана Чолакоска поседува научни и стручни квалитети според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со што ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето асистент во научната област компјутерски технологии и инженерство.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје, м-р Ана Чолакоска да биде избрана во звањето асистент во научната област компјутерски технологии и инженерство.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Вонр. проф. д-р Даниел Денковски**, **претседател, с.р.**
**Доц. д-р Данијела Ефнушева, член, с.р.**
**Доц. д-р Христијан Ѓорески, член, с.р.**

# РЕФЕРАТ
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ОБЛАСТИ ОД НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ПОЛИЊА ИНФОРМАТИКА И КОМПЈУТЕРСКА ТЕХНИКА И ИНФОРМАТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 14 јуни 2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 39, донесена на 23 јуни 2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Сузана Лошковска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Иван Чорбев, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Ивица Димитровски, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика (позиција 4), во предвидениот рок се пријави само кандидатот Иван Китановски, доктор по техничко-технолошки науки и доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот д-р Иван Китановски е роден на 18 септември 1986 година, во Битола. Средно образование завршил во Битола, во гимназијата „Јосип Броз-Тито“ во 2005 година. Со високо образование се стекнал на Факултетот за електротехника и информациски науки, при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на кој се запишал во учебната 2005/2006 година, а дипломирал во август 2009 година, со просечен успех 9,77.

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик.

Во 2012 година завршил втор циклус (магистерски) студии на студиската програма Софтверско инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Студиите ги завршил со просечен успех 10. На 26 март 2012 година го одбранил магистерскиот труд на тема: *Техники за подобрување на ефикасноста на системите за содржински базирано пребарување во медицината*, под менторство на д-р Сузана Лошковска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и се стекнал со титулата магистер по информатички науки и компјутерско инженерство – област: софтверско инженерство.

Докторска дисертација пријавил на 26 септември 2015 година на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство. Дисертацијата на тема: *Пребарување на медицински документи со мултимодални податоци* ја одбранил на 14 август 2017 година, пред Комисија во состав: д-р Сузана Лошковска, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Дејан Ѓорѓевиќ, професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Ивица Димитровски, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Ѓорѓи Маџаров, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје и д-р Цвета Мартиновска-Банде, редовен професор на Факултетот за информатика, Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Со тоа се стекнал со научниот степен доктор по техничко-технолошки науки, специјалност – компјутерски науки и инженерство.

Во септември 2009 година е ангажиран како демонстратор на Факултетот за електротехника и информациски технологии, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за изведување настава на аудиториски и лабораториски вежби по предметите од Институтот за компјутерска техника и информатика.

Од септември 2011 година е ангажиран како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за изведување на часови вежби од повеќе различни предмети, што подразбира подготвување на материјали за учење и вежбање, организирање на испити, колоквиуми и консултации, задавање и прегледување на проектни задачи.

На 22 октомври 2015 година е избран во звањето асистент докторанд од областа на информатиката и компјутерското инженерство на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

На 12 декември 2017 година е избран во звањето доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во сите наставно-научни области од наставно-научното поле информатика и наставно-научното поле компјутерска техника и информатика.

Во моментот е доцент на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1158 од 1 декември 2017 година.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтен бр. 1108 од 1 октомври 2015 и Билтен бр. 1158 од 1 декември 2017 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство, кандидатот д-р Иван Китановски изведува настава и вежби на прв циклус студии на сите студиски програми, како и настава на втор циклус студии на студиската програма: Софтверско инженерство.

Кандидатот бил ментор на 104 дипломски трудови, а учествувал и како член во комисија за оцена и одбрана на 88 дипломски и на 7 магистерски труда.

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Иван Китановски, во извештајниот период, има објавено вкупно 6 научни трудови од сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика, од кој 1 труд во списание со фактор на влијание. Дополнително, кандидатот има објавено 4 апстракти во зборник на конференција.

Кандидатот водел 3 национални научни проекти иучествувал во 1 национален научен проект и во 3 меѓународни научни проекти.

Кандидатот бил ментор на 1 магистерски труд.

Кандидатот бил рецензент на 12 научни трудови за 6 меѓународни научни конференции и собири.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Д-р Иван Китановски активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје.

Кандидатот д-р Иван Китановски учествувал во подготовката и пријавувањето на 4 национални научни проекти, од кои во 3 бил носител, а во 1 бил учесник. Учествувал во дизајн и изработка на 1 информациски систем, како и во развој на 12 нови софтверски пакети.

Во рамки на Факултетот, учествувал во Комисијата за уписи во 2018, Комисијата за попис во 2018 и Комисијата за избор на ректор во 2020. Учествувал во промотивни активности на Факултетот во 2018 и 2019 година.

Кандидатот бил претседател на организациониот одбор и уредник на зборникот на трудови на 1 меѓународна научна конференција. Бил и член на програмскиот одбор на 7 други меѓународни научни собири, во извештајниот период.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Иван Китановски доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство согласно со Извештајот за самоевалуација на Факултетот.

**Оцена на наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност на кандидатот д-р Иван Китановски**

Од Анексот кон Извештајот за избор во наставно-научно звање, може да се види дека кандидатот д-р Иван Китановски има 125,292 поени од наставно-образовната дејност, 78,298 поени од научноистражувачката дејност и 41 поен од стручно-апликативната дејност, или вкупно 244,59 поени. Според ова, д-р Иван Китановски има значително поголем број на поени од потребниот минимален број на поени за избор во звањето за кое конкурира.

## Заклучок и предлог

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Иван Китановски.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Иван Китановски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето вонреден професор во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика.

Според гореизнесеното, Комисијата има особена чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Иван Китановски да биде избран во звањето вонреден професор во сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Лошковска, редовен професор,**
**ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Иван Чорбев, редовен професор,**
**ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Ивица Димитровски, редовен професор,**
**ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Иван Кире Китановски
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР**

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,77.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00. | Да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: компјутерски науки и инженерство; поле: компјутерска техника и информатика; подрачје: техничко-технолошки науки. | Да |
| 3 | Објавени најмалку пет рецензирани научни труда во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | Да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>3.1.1<br>1. Назив на научното списание: **IEEE Access**<br>2. Назив на електронската база на списанија: **Web of Science, Impact factor (2018) IF=4.098**<br>3. Наслов на трудот: **Longitudinal Brain MRI Retrieval for Alzheimer’s Disease Using Different Temporal Information**<br>4. Година на објава: **2018** | Да |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>3.5.1<br>1. Назив на зборникот: **Companion Proceedings of the Web Conference 2020**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **The Web Conference 2020**<br>3. Имиња на земјите: **Шпанија, Германија, САД, Франција, Канада, Индија, Јужна Кореја, Швајцарија итн.**<br>4. Наслов на трудот: **FairSearch: A Tool For Fairness in Ranked Search Results.**<br>5. Година на објава: **2020**<br><br>3.5.2<br>1. Назив на зборникот: **Web Proceedings of the 12th ICT Innovations Conference 2020**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **12th ICT Innovations Conference 2020**. | Да |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Имиња на земјите: **Австрија, Холандија, Италија, Словенија, Јапонија, САД итн.**<br>4. Наслов на трудот: **An Overview of GraphQL: Core Features and Architecture**<br>5. Година на објава: **2020**<br><br>3.5.3<br>1. Назив на зборникот: **Proceedings of the 18th International Conference on Informatics and Information Technologies**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **18th International Conference on Informatics and Information Technologies**<br>3. Имиња на земјите: **Португалија, Австралија, Холандија итн.**<br>4. Наслов на трудот: **Overview of testing and visualization tools for GraphQL**<br>5. Година на објава: **2021**<br><br>3.5.4<br>1. Назив на зборникот: **Proceedings of the 15th International Conference on Informatics and Information Technologies**<br>2. Назив на меѓународниот собир: **15th International Conference on Informatics and Information Technologies**<br>3. Имиња на земјите: **Словенија, Србија, Америка итн.**<br>4. Наслов на трудот: **Re-ranking candidates using fairness criteria**<br>5. Година на објава: **2018** | |
| 4 | Претходен избор во наставно-научно звање – доцент, датум: 21.12.2017, по објава во Билтен бр. 1158 | Да |
| 5 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | Да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 5 (пет) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Сузана Лошковска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Иван Чорбев, редовен професор,**

**ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

**Проф. д-р Ивица Димитровски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

1.

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Иван Кире Китановски
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** сите наставно-научни области од наставно-научните полиња информатика и компјутерска техника и информатика

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** (Прилог 1)

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Одржување на настава – прв циклус (2017 – 2022) | 41,300 |
| 2 | Одржување на вежби – прв циклус (2017 – 2022) | 24,900 |
| 3 | Консултации со студенти – прв циклус (2017 – 2022) | 18,240 |
| 4 | Одржување на настава – втор циклус (2017 – 2022) | 0,750 |
| 5 | Одржување на вежби – втор циклус (2017 – 2022) | 0,900 |
| 6 | Консултации со студенти – втор циклус (2017 – 2022) | 0,002 |
| 7 | Подготовка на нов предмет – предавања | 5,000 |
| 8 | Подготовка на нов предмет – вежби | 2,500 |
| 9 | Ментор на дипломска работа (104*0,2) | 20,800 |
| 10 | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд (7*0,3) | 2,100 |
| 11 | Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа (88*0,1) | 8,800 |
| | **Вкупно** | **125,292** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** (Прилог 2)

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Ментор на магистерски труд (1*2) | 2,000 |
| 2 | Раководител на национален научен проект (3 * 6) | 18,000 |
| 3 | Учесник во национален научен проект (1 * 3) | 12,000 |
| 4 | Учесник во меѓународен научен проект (3 * 5) | 15,00 |
| 5 | Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | 8,898 |
| 6 | Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји | 16,000 |
| 7 | Апстракт објавен во зборник на конференција (меѓународна) | 4,000 |
| 8 | Рецензија на научен/стручен труд | 2,400 |
| | **Вкупно** | **78,298** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** (Прилог 3)

| Ред. број | Назив на активноста | Поени |
|---|---|---|
| 1 | Дизајн или изработка на информациски систем | 1,00 |

| | | |
|---|---|---|
| 2 | Изработка на нов софтверски пакет | 24,00 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| 1 | Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир (1*1) | 1,00 |
| 2 | Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (1*2) | 2,00 |
| 3 | Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир (7*1) | 7,00 |
| 4 | Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект (1*0.5+3*1) | 3,5 |
| 5 | Член на факултетска комисија (3*0.5) | 1,50 |
| 6 | Учество во промотивни активности на Факултетот (2*0,5) | 1,00 |
| | **Вкупно** | **41,00** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 125,292 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 78,298 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | / |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 41,000 |
| **Вкупно** | **244,59** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Сузана Лошковска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Иван Чорбев, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Ивица Димитровски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

***Прилог 1***

**Наставно-образовна дејност**

Ангажираност во наставниот процес по семестри и предмети на доц. д-р Иван Китановски во периодот од декември 2017 до јуни 2022

| Одржување на настава – прв циклус | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | Поени | | |
| **Година** | **Семестар** | **Предмет** | **Часови предавања/неделн** | **Часови вежби/неделно** | **Часови лаб. вежби/неделно** | **Студенти** | **Одржување на настава** | **Одржување на вежби** | **Консултации со студенти** |
| 2017/2018 | ЗИМСКИ | Вовед во интернет | 2 | 2 | 0 | 306 | 1,2 | 0,9 | 0,612 |
| | | Вовед во информатика | 4 | 2 | 0 | 262 | 2,4 | 0,9 | 0,524 |
| | | Интерактивни апликации | 0 | 2 | 0 | 326 | 0 | 0,9 | 0,652 |
| | | Интернет програмирање | 0 | 1 | 0 | 154 | 0 | 0,45 | 0,308 |
| 2017/2018 | ЛЕТЕН | Основи на веб-дизајн | 4 | 3 | 2 | 409 | 2,4 | 2,25 | 0,818 |
| | | Кориснички интерфејси | 0 | 2 | 4 | 315 | 0 | 2,7 | 0,63 |
| 2018/2019 | ЗИМСКИ | Вовед во интернет | 2 | 2 | 2 | 359 | 1,2 | 1,8 | 0,718 |
| | | Вовед во информатика \ Вовед во компјутерски науки | 2 | 2 | 0 | 499 | 1,2 | 0,9 | 0,998 |
| | | Интерактивни апликации | 0 | 2 | 2 | 564 | 0 | 1,8 | 1,128 |
| | | Интернет програмирање | 2 | 1 | 0 | 411 | 1,2 | 0,45 | 0,822 |
| 2018/2019 | ЛЕТЕН | Основи на веб-дизајн | 3,5 | 4 | 2 | 804 | 2,1 | 2,7 | 1,608 |
| | | Кориснички интерфејси | 2 | 2 | 4 | 725 | 1,2 | 2,7 | 1,45 |
| 2019/2020 | ЗИМСКИ | Вовед во информатика \ Вовед во компјутерски науки | 2 | 1 | 0 | 342 | 1,2 | 0,45 | 0,684 |
| | | Интернет програмирање на клиентска страна / Интернет програмирање | 3 | 0 | 0 | 194 | 1,8 | 0 | 0,388 |
| | | Шаблони за дизајн на кориснички интерфејси / Интерактивни апликации | 2 | 0 | 0 | 155 | 1,2 | 0 | 0,31 |
| 2019/2020 | ЛЕТЕН | Основи на веб-дизајн | 3 | 0 | 0 | 252 | 1,8 | 0 | 0,504 |
| | | Кориснички интерфејси | 1 | 1 | 2 | 415 | 0,6 | 1,35 | 0,83 |
| 2020/2021 | ЗИМСКИ | Вовед во компјутерски науки | 2 | 1 | 0 | 288 | 1,2 | 0,45 | 0,576 |
| | | Интернет програмирање на клиентска страна | 2,67 | 0 | 0 | 245 | 1,6 | 0 | 0,49 |
| 2020/2021 | ЛЕТЕН | Основи на веб-дизајн | 2 | 0 | 0 | 160 | 1,2 | 0 | 0,32 |
| | | Дизајн на интеракцијата човек-компјутер/Кориснички интерфејси | 2 | 1 | 0 | 124 | 1,2 | 0,45 | 0,248 |
| 2021/2022 | ЗИМСКИ | Вовед во компјутерски науки | 2 | 1 | 0 | 318 | 1,2 | 0,45 | 0,636 |
| | | Интернет програмирање на клиентска страна | 2,67 | 1,33 | 0 | 476 | 1,6 | 0,599 | 0,952 |
| 2021/2022 | ЛЕТЕН | Основи на веб-дизајн | 20 | 0 | 0 | 199 | 12 | 0 | 0,398 |
| | | Дизајн на интеракцијата човек-компјутер/ Кориснички интерфејси / Human-computer interaction design | 3 | 2 | 4 | 819 | 1,8 | 2,7 | 1,638 |
| | | | **ВКУПНО** | | | | **41,3** | **24,90** | **18,24** |

| Одржување на настава – втор циклус | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Година | Семестар | Предмет | Часови предавања/неделно | Часови вежби/неделно | Часови лаб. вежби/неделно | Студенти | Поени | | |
| | | | | | | | Одржување на настава | Одржување на вежби | Консултации со студенти |
| 2020/2021 | ЗИМСКИ | Медицинска информатика | 1 | 2 | 0 | 1 | 0,75 | 0,9 | 0,002 |
| | | | | ВКУПНО | | | **0,75** | **0,9** | **0,002** |

| Член на комисија за оцена или одбрана на магистратура | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред. бр. | Кандидат | Наслов | Година | Поени |
| 1 | Ивица Пешовски | Системи за препораки во реално време | 2019 | 0,3 |
| 2 | Ивана Митева | Концепциски стратегии при миграција на ERP системи на облак | 2020 | 0,3 |
| 3 | Владимир Николовски | Трансформација на монолитна архитектура во микросервисна архитектура со контејнеризација | 2020 | 0,3 |
| 4 | Марија Пемова | Примена на машинско учење во банкарскиот сектор | 2020 | 0,3 |
| 5 | Трајче Стојковски | Пристапи за фазна подготовка на настански податоци за екстракција на метрични индикатори | 2020 | 0,3 |
| 6 | Анита Петреска | Адаптивни биометриски системи | 2022 | 0,3 |
| 7 | Александар Трајковски | Подесување на хиперпараметри со оптимизација базирана на колонии на мравки | 2022 | 0,3 |
| | | ВКУПНО | | **2,1** |

| Подготовка на нов предмет – предавања | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Предмет | Поени |
| 1 | Вовед во интернет (2017/2018 зимски семестар) | 1,0 |
| 2 | Вовед во компјутерски науки (2018/2019 зимски семестар) | 1,0 |
| 3 | Шаблони за дизајн на кориснички интерфејси (2019/2020 зимски семестар) | 1,0 |
| 4 | Интернет програмирање на клиентска страна (2020/2021 зимски семестар) | 1,0 |
| 5 | Дизајн на интеракцијата човек-компјутер (2020/2021 зимски семестар) | 1,0 |
| | ВКУПНО | **5,0** |

| Подготовка на нов предмет – вежби | | |
|---|---|---|
| Ред. бр. | Предмет | Поени |
| 1 | Вовед во интернет (2017/2018 зимски семестар) | 0,5 |
| 2 | Вовед во компјутерски науки (2018/2019 зимски семестар) | 0,5 |
| 3 | Шаблони за дизајн на кориснички интерфејси (2019/2020 зимски семестар) | 0,5 |
| 4 | Интернет програмирање на клиентска страна (2020/2021 зимски семестар) | 0,5 |
| 5 | Дизајн на интеракцијата човек-компјутер (2020/2021 зимски семестар) | 0,5 |
| | ВКУПНО | **2,5** |

***Прилог 2***

**Научноистражувачка дејност**

| Ментор на магистерски труд | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Кандидат** | **Наслов** | **Година** | **Поени** |
| 1 | Влатко Спасев | Имплементација и анализа на користење на GraphQL во реален систем за достава на пратки | 2021 | 2 |
| | | **ВКУПНО** | | **2** |

| Раководител на национални научни проекти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Финансиран** | **Проект** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | ФИНКИ | Длабоко учење и кластерирање за анализа на слики | 2019 – 2020 | раководител | 6,0 |
| 2 | ФИНКИ | Длабоко учење и кластерирање за анализа на слики [Продолжување] | 2020 – 2021 | раководител | 6,0 |
| 3 | ФИНКИ | Анализа на методи од длабоко учење за класификација на сателитски слики | 2021 – 2022 | раководител | 6,0 |
| | | | **ВКУПНО** | | **30,0** |

| Учество во национални научни проекти | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Финансиран** | **Проект** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | ФИНКИ | Длабоко учење за анализа на медицински слики [Продолжување] | 2018 – 2019 | учесник | 3,0 |
| | | | **ВКУПНО** | | **3,0** |

| Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание кое има импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Автори** | **Наслов** | **Списание** | **Година** | **Фактор на влијание** | **Поени** |
| 1 | K. Trojachanec<br>I. Kitanovski<br>I. Dimitrovski<br>S. Loshkovska | Longitudinal Brain MRI Retrieval for Alzheimer’s Disease Using Different Temporal Information | IEEE Access, vol. 6, pp. 9703-9712 | 2018 | 4,098 | 8,898 |
| | | | **ВКУПНО** | | | **8,898** |

| Учество во меѓународни научни проекти |
|---|

| Ред. бр. | Финансиран | Проект | Период на траење | Позиција | Поени |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | European High-Performance Computing Joint Undertaking | *EuroCC: National Competence Centres in the framework of EuroHPC* | 2020 – 2022 | учесник | 5,0 |
| 2 | European Comission | JRC/E/01 CT-EX2020D394980-101 | 2020 – 2021 | учесник | 5,0 |
| 3 | Technische Universität Berlin | FA*IR and DELTR search | 2019 – 2020 | Учесник | 5,0 |
| | | | **ВКУПНО** | | **15,0** |

| **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Автори** | **Наслов** | **Конференција** | **Година** | **Поени** |
| 1 | I. Kitanovski<br>K. Trojachanec<br>I. Dimitrovski<br>S. Loshkovska | Re-ranking candidates using fairness criteria | Proc. of the 15th Conference on Informatics and Information Technology, 20-22 Apr. 2018, Mavrovo, Macedonia, pp. 34-37 | 2018 | 3,00 |
| 2 | Sasho Gramatikov, Ivan Kitanovski, Igor Mishkovski, Milos Jovanovik | Last Mile Delivery with Autonomous Vehicles: Fiction or Reality? | 16th International Conference on Informatics and Information Technologies, pp. 32-36 | 2019 | 3,00 |
| 3 | V. Spasev<br>I. Dimitrovski<br>I. Kitanovski | An Overview of GraphQL: Core Features and Architecture | ICT Innovations 2020, Web Proceedings, ISSN 1857-7288, pp. 110-123 | 2020 | 4,00 |
| 4 | V. Spasev<br>I. Kitanovski<br>I. Dimitrovski<br>I. Chorbev | Overview of testing and visualization tools for GraphQL | Proc. of the 18th Conference on Informatics and Information Technology, 6-7 May 2021 | 2021 | 3,00 |
| 5 | Meike Zehlike, Tom Sühr, Carlos Castillo, Ivan Kitanovski | FairSearch: A Tool For Fairness in Ranked Search Results | Companion Proceedings of the Web Conference 2020 (WWW '20 Companion) April 20--24, 2020, Taipei, Taiwan | 2020 | 3,00 |
| | | | **ВКУПНО** | | **16,00** |

| Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Автори | Наслов | Конференција | Година | Поени |
| 1 | K. Trojachanec<br>G. Strezoski<br>I. Kitanovski<br>I. Dimitrovski<br>S. Loshkovska | Longitudinal Feature Representation Learning with Deep Networks for Image Retrieval Applied to Alzheimer's Disease | HBP Student Conference - Transdisciplinary Research Linking Neuroscience, Brain Medicine and Computer Science, 14-16 February 2018, Ljubljana, Slovenia | 2018 | 1,00 |
| 2 | Meike Zehlike, Carlos Castillo, Ivan Kitanovski | FairSearch: A Programming Library for Fair Search Results. | Data Science for Social Good Workshop. San Francisco, USA | 2019 | 1,00 |
| 3 | Ivica Dimitrovski, Ivan Kitanovski, Nikola Simidjievski, Žiga Kokalj, Sašo Džeroski, Panče Panov, Dragi Kocev | AiTLAS: A toolbox of AI methods tailored for Earth Observation data | Space and AI, Online Conference, in associtation with ECAI2020 | 2020 | 1,00 |
| 4 | Ivica Dimitrovski, Ivan Kitanovski, Pance Panov, Nikola Simidjievski, Dragi Kocev | AiTLAS: Artificial Intelligence Toolbox for Earth Observation | ESA Φ-week 2021 | 2021 | 1,00 |
| | | | **ВКУПНО** | | **4,00** |

| Рецензија на научни / стручни трудови | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Ред бр. | Конференција / Научно списание | Месец и година | Број на рецензирани трудови | Поени |
| 1 | CIIT 2018: 15th International Conference for Informatics and Information Technology | март 2018 | 3 | 0,6 |
| 2 | CIIT 2019: 16th International Conference for Informatics and Information Technology | март 2019 | 3 | 0,6 |
| 3 | CIIT 2020: 17th International Conference for Informatics and Information Technology | март 2020 | 2 | 0,4 |
| 4 | CIIT 2022: 19th International Conference for Informatics and Information Technology | март 2022 | 1 | 0,2 |
| 5 | ICT Innovations 2020 | јуни 2020 | 2 | 0,4 |
| 6 | ICT Innovations 2021 | мај 2021 | 1 | 0,2 |
| | | **ВКУПНО** | | **2,4** |

***Прилог 3***

**Стручно-применувачка дејност и дејност од поширок интерес**

| **Дизајн или изработка на информациски систем** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Информациски систем** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | Дизајн и имплементација на систем за управување со пратки. | 2019 – 2022 | Софтверски архитект | 1.00 |
| | | | **ВКУПНО** | **1,00** |

| **Изработка на нов софтверски пакет** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Име на софтверскиот пакет** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | AiTLAS – софтверска алатка за обработка на сателитски податоци, Апликативен проект во соработка со Институтот „Јожеф Стефан“ во Љубљана, Словенија https://github.com/biasvariancelabs/aitlas | 2020 – 2022 | Експерт за вештачка интелигенција и софтверски инженер | 2.00 |
| 2 | Мулти-биометриски систем за идентификација | 2019 | Софтверски инженер | 2,00 |
| 3 | Софтвер за определување на просечна брзина на возила во сообраќајот и изрекување на казни | 2020 | Софтверски инженер | 2,00 |
| 4 | Python библиотека за FA*IR пребарување https://github.com/fair-search/fairsearch-fair-python | 2019 | Истражувач и софтверски инженер | 2,00 |
| 5 | Java библиотека за FA*IR пребарување https://github.com/fair-search/fairsearch-fair-java | 2019 | Истражувач и софтверски инженер | 2,00 |
| 6 | Додаток (plugin) за ElasticSearch за овозможување на FA*IR пребарување https://github.com/fair-search/fairsearch-fair-for-elasticsearch | 2019 | Истражувач и софтверски инженер | 2,00 |
| 7 | Python библиотека за DELTR пребарување https://github.com/fair-search/fairsearch-deltr-python | 2019 | Истражувач и софтверски инженер | 2,00 |
| 8 | Java библиотека за DELTR пребарување https://github.com/fair-search/fairsearch-deltr-java | 2019 | Истражувач и софтверски инженер | 2,00 |
| 9 | Додаток (plugin) за ElasticSearch за овозможување на DELTR пребарување https://github.com/fair-search/fairsearch-deltr-for-elasticsearch | 2019 | Истражувач и софтверски инженер | 2,00 |
| 10 | Пакет за системот „Social Media Disaster Risk Management Platform“ при JRC European Commission, кој прави автоматска класификација (обработка) текст од твитови. Пакетот детектира дали содржината на твитовите се однесува на некој пожар во дадена локација (wildfire). | 2021 | Истражувач и софтверски инженер | 2,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Пакетот поддржува работа со повеќе јазици (англиски, италијански, шпански, француски). https://ec-jrc.github.io/smfr/ | | | |
| 11 | Систем за дистрибуција и синхронизација на каталози од продукти | 2017 – 2019 | Софтверски инженер | 2,00 |
| 12 | Систем за генерирање на препораки и пребарување на продукти | 2017 – 2019 | Софтверски инженер | 2,00 |
| | | | **ВКУПНО** | **24,00** |

| **Уредник на зборник на трудови од научен/стручен собир** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Зборник** | **Година** | **Место** | **Поени** |
| 1 | Proceedings of the 18th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2021) ISBN 978-608-4699-11-8 | 2021 | онлајн | 1,00 |
| | | **ВКУПНО** | | **1,00** |

| **Претседател на организационен/програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Име на научен/стручен собир** | **Година** | **Место** | **Поени** |
| 1 | 18th International Conference for Informatics and Information Technology (CIIT 2020) | 2021 | онлајн | 2,00 |
| | | **ВКУПНО** | | **2,00** |

| **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Име на научен/стручен собир** | **Година** | **Место** | **Поени** |
| 1 | CIIT 2018: 15th International Conference for Informatics and Information Technology | 2018 | Маврово | 1,00 |
| 2 | CIIT 2019: 16th International Conference for Informatics and Information Technology | 2019 | Маврово | 1,00 |
| 3 | CIIT 2020: 17th International Conference for Informatics and Information Technology | 2020 | онлајн | 1,00 |
| 4 | CIIT 2022: 19th International Conference for Informatics and Information Technology | 2021 | онлајн | 1,00 |
| 5 | ICT Innovations 2019 | 2019 | Охрид | 1,00 |
| 6 | ICT Innovations 2020 | 2020 | онлајн | 1,00 |
| 7 | ICT Innovations 2021 | 2021 | онлајн | 1,00 |
| | | **ВКУПНО** | | **7,00** |

| **Изготвување и пријавување на научен/образовен национален проект** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Финансиран** | **Проект** | **Период на траење** | **Позиција** | **Поени** |
| 1 | ФИНКИ | Длабоко учење и кластерирање за анализа на слики | 2019-2020 | носител | 1,0 |
| 2 | ФИНКИ | Длабоко учење и кластерирање за анализа на слики [Продолжување] | 2020-2021 | носител | 1,0 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 3 | ФИНКИ | Анализа на методи од длабоко учење за класификација на сателитски слики | 2021-2022 | носител | 1,0 |
| 4 | ФИНКИ | Длабоко учење за анализа на медицински слики [Продолжување] | 2018-2019 | учесник | 0,5 |
| | | | **ВКУПНО** | | **3,5** |

| **Член на факултетски и универзитетски комисии и функции** | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Комисија** | **Поени** |
| 1 | Комисија за уписи, 2018 | 0,50 |
| 2 | Комисија за попис, 2018 | 0,50 |
| 3 | Комисија за избор на ректор, 2020 | 0,50 |
| | **ВКУПНО** | **1,50** |

| **Учество во промотивни активности на Факултетот** | | |
|---|---|---|
| **Ред. бр.** | **Активност** | **Поени** |
| 1 | Отворен ден на ФИНКИ, 2018 | 0,50 |
| 2 | Отворен ден на ФИНКИ, 2019 | 0,50 |
| | **ВКУПНО** | **1,00** |

**ЧЛЕНОВИ НА КОМИСИЈАТА**

**Проф. д-р Сузана Лошковска, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Иван Чорбев, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**
**Проф. д-р Ивица Димитровски, редовен професор, ФИНКИ, УКИМ, Скопје, с.р.**

*Прилог бр. 2*

# Р Е Ф Е Р А Т

## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО- НАУЧНАТА ОБЛАСТ (ДИСЦИПЛИНА): ВИДОВИ ИНСТРУМЕНТИ (ХАРМОНИКА) (60910) НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА МУЗИЧКА УМЕТНОСТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултет за музичка уметност – Скопје, објавен во весникот „Вечер“ на 14.3.2022, за избор на наставник во сите наставно-научни звања по областа: видови инструменти (хармоника) (60910), без засновање работен однос, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот и уметнички совет, бр. 03-297/1, донесена на 14.4.2022 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: проф. м-р Зорица Каракутовска, проф. м-р Катерина Костадиновска-Гелебешева и проф. д-р Марија Ѓошевска.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација, го поднесуваме следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за наставник во сите наставно-научни звања по областа видови инструменти (пијано), во предвидениот рок се пријави кандидатот вонр. проф. м-р Златко Мадевски.

**ЗЛАТКО МАДЕВСКИ**
**БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ**

Во 1996 година го завршил основното музичко образование во УОМО „Боро Џони” Струмица, Македонија.
Во 2000 година го завршил средното образование во ДМБУЦ „Илија Николовски-Луј” во Скопје, Македонија.
Во 2004 година завршил на Факултетот за музичка уметност во Скопје, отсек хармоника, најпрво во класата на проф. Војин Васовиќ (Србија), а по две години продолжил во класата на проф. Зорица Каракутовска.
Во 2007 година ги завршил постдипломските студии на Факултетот за музичка уметност во Скопје, отсек хармоника, во класата на проф. Војин Васовиќ (Србија).

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

Од 2007 година е доцент на Факулетот за музичка уметност во Скопје, каде што ја остварува својата креативност, творечка и уметничка дејност со своите студенти на инструментот хармоника, камерна музика и ансамбл. Со педагошка дејност започнува од 2004 год. во Основното музичко училиште „Панче Пешев” во Куманово.
Од 2017 година е унапреден во вонреден професор на Факулетот за музичка уметност во Скопје.

**Награди**

Во текот на студирањето, зема учество на повеќе интернационални и државни натпревари, од кои:
**прва награда – Акордеонна пролет** 2003 год., на интернационалниот натпревар во Р Бугарија;
**втора награда – Акордеонна пролет** 2002 год., во Р Бугарија;
**трета награда** на интернационалниот натпревар во Р Македонија – Охридски бисери 2003 год.;
**специјална награда** на државниот натпревар 2000 год. како трио хармоники;
учество на интернационалниот натпревар во Кастелфидардо, Италија, 1999 год.

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

Има одржано повеќе солистички концерти низ Р Македонија како солист и со своите студенти.

**ПРЕГЛЕД НА КОНЦЕРТНАТА ДЕЈНОСТ ВО ПЕРИОДОТ ОД 2017 ДО 2022 ГОДИНА**

**Концерт** – МАНУ(фоаје) – 6.11.2018 г.
**Концерт – „ХАРПИЈАН ”** – Крушево, 19.8.2020 г.
**Концерт – „ВЕЧЕР НА ТАНГО”** - Центар за култура „Трајко Прокопиев” – Куманово, 26.8.2020 г.
**Концерт – „Звуците на тангото преку песната”,** Центар за култура „Трајко Прокопиев” – Куманово, 26.6.2021 г.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на Златко Мадевски. Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидадот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Златко Мадевски поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува условите да биде реизбран во звањето вонреден професор во научната област: видови инструменти (хармоника) (60910).

Според гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност во Скопје, м-р Златко Мадевски да биде избран во звањето вонреден професор во научната област: видови инструменти (хармоника) (60910), без засновање работен однос.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. м-р Зорица Каракутовска, с.р.**
**Проф. м-р Катерина Костадиновска-Гелебешева, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ѓошевска, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Златко Васил Мадевски
**Институција:** Факултет за музичка уметност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје
**Научна област: видови инструменти (клавишни инструменти – хармоника**) **(60910)**

**ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗНАЊА - ДОЦЕНТ, ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР И РЕДОВЕН ПРОФЕСОР НА СТРУЧНО-УМЕТНИЧКИ ПРЕДМЕТИ**

| **ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ:** | **Исполнителност на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1. | За доцент, вонреден професор и редовен професор по стручно-уметничките предмети може да биде избрано и лице без научен степен – доктор на науки, кое има завршено соодветно високо образование од втор циклус | **ДА** |
| 2. | Признати уметнички и стручни дела, односно остварувања кои се од особено значење за афирмација на културата и уметноста во и надвор од земјата<br>(да се наведат/опишат)<br>**Концерт - МАНУ (фоаје) –** 6.11.2018г. (изводоци од оперски дела)<br>**Концерт – „ХАРПИЈАН“,** Крушево, Дом на културата „Наум Наумовски Борче”, 19.8.2020 г.<br>**Концерт – „ВЕЧЕР НА ТАНГО”** – Центар за култура „Трајко Прокопиев” – Куманово, 26.8.2020 г.<br>**Концерт – „Звуците на тангото преку песната”,** Центар за култура „Трајко Прокопиев” – Куманово, 26.6.2021г. | **ДА** |
| 3. | Има способност за наставна работа | **ДА** |

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Златко Васил Мадевски
**Институција:** Факултет за музичка уметност, Универзитет „Св. Кирил и Методиј” – Скопје
**Научна област: видови инструменти (клавишни инструменти – хармоника)** (60910)

**НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | поени |
|---|---|---|
| 1. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2017/2018, индивидуална настава по предметот Хармоника | 4,8 |
| 2. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2017/2018, индивидуална настава по предметот Хармоника | 4,8 |
| 3. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2018/2019, индивидуална настава по предметот Хармоника | 6 |
| 4. | Настава од прв циклус студии (летен семестар) 2018/2019, индивидуална настава по предметот Хармоника | 6 |
| 5. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2019/2020, индивидуална настава по предметот Хармоника | 3,6 |
| 6. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2019/2020, индивидуална настава по предметот Хармоника | 3,6 |
| 7. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2020/2021, индивидуална настава по предметот Хармоника | 3,6 |
| 8. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2020/2021, индивидуална настава по предметот Хармоника | 3,6 |
| 9. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2021/2022, индивидуална настава по предметот Хармоника | 4,8 |
| 10. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2017/2018, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 1,2 |
| 11. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2017/2018, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 1,2 |
| 12. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2018/2019, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 1,2 |
| 13. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2018/2019, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 1,2 |
| 14. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2019/2020, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 0,6 |
| 15. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2019/2020, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 0,6 |
| 16. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар) 2020/2021, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 0,6 |
| 17. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2020/2021, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 0,6 |
| 18. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2021/2022, по предметот Камерна музика – инструмент хармоника | 0,6 |
| 19. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2017/2018, по предметот Ансамбл – инструмент хармоника | 0,6 |
| 20. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2017/2018, по предметот Ансамбл – инструмент хармоника | 0,6 |
| 21. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2018/2019, по предметот Ансамбл – инструмент хармоника | 0,6 |
| 22. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2018/2019, по предметот Ансамбл - инструмент хармоника | 0,6 |
| 23. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2019/2020, по предметот Ансамбл – инструмент хармоника | 0,6 |

| | | |
|---|---|---|
| 24. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2019/2020, по предметот Ансамбл – инструмент хармоника | 0,6 |
| 25. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2020/2021, по предметот Ансамбл – инструмент хармоника | 0,6 |
| 25. | Настава од прв циклус студии (летен семестар), 2020/2021, по предметот Ансамбл – инструмент хармоника | 0,6 |
| 27. | Настава од прв циклус студии (зимски семестар), 2021/2022, по предметот Ансамбл – инструмент хармоника | 0,6 |
| | **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ОБЛАСТ – втор циклус** | |
| 28. | Настава од втор циклус студии – Музичка интерпретација и композиција (летен и зимски семестар), 2019/2020, индивидуална настава по предметот Хармоника | 3 |
| 29. | Настава од втор циклус студии – Музичка интерпретација и композиција (летен и зимски семестар), 2020/2021, индивидуална настава по предметот Хармоника | 3 |
| 30. | Настава од втор циклус студии – Музичка интерпретација и композиција (летен и зимски семестар), 2019/2020, индивидуална настава по предметот Камерна музика | 1,5 |
| 31. | Настава од втор циклус студии – Музичка интерпретација и композиција (летен и зимски семестар), 2020/2021, индивидуална настава по предметот Камерна музика | 1,5 |
| | **Член на комисија за оцена или одбраба на магистерска работа** | |
| 32. | Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски работи – 5 студенти | 1,5 |
| | **вкупно** | **64.5** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Ментор на магистерска работа – 2** | 4 |
| | **вкупно** | **4** |

**СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Концерт** – МАНУ (фоаје) - 6.11.2018.<br>(извадоци од оперски дела) | 4 |
| 2. | **Концерт – „ХАРПИЈАН”** – Крушево, 19.8.2020 г.<br>(покровител: Министерство за култура на РС Македонија) | 4 |
| 3. | **Концерт – „ВЕЧЕР НА ТАНГО”,** Центар за култура „Трајко Прокопиев” – Куманово, 26.8.2020 г.<br>(покровител: Министерство за култура на РС Македонија) | 4 |
| 4. | **Концерт – „Звуците на тангото преку песната”,** Центар за култура „Трајко Прокопиев” – Куманово, 26.6.2021 г.<br>(покровител: Министерство за култура на РС Македонија) | 4 |
| | **вкупно** | **16** |

**СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **поени** |
|---|---|---|
| | | |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| | | |
| **Спортски дејности** | | |
| | **вкупно** | |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | 64,6 |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | 4 |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | 16 |
| **СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ** | |
| **вкупно** | **84,6** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. м-р Зорица Каракутовска, член, с.р.**
**Проф. м-р Катерина Костадиновска-Гелебешева, член, с.р.**
**Проф. д-р Марија Ѓошевска, член, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ВЛИЈАНИЕТО НА СРЕДИНАТА И НА НЕКОИ ПСИХОСОЦИЈАЛНИ И ДЕМОГРАФСКИ ФАКТОРИ ВРЗ ФИЗИЧКАТА АКТИВНОСТ КАЈ МЛАДИТЕ НА ВОЗРАСТ ОД 11 ДО 14 ГОДИНИ“ ОД М-Р ЛИНДА ЗЕЌИРИ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 21.6.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Линда Зеќири со наслов: „Влијанието на средината и на некои психосоцијални и демографски фактори врз физичката активност кај младите на возраст од 11 до 14 години“, во состав: проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (претседател), проф. д-р Георги Георгиев (ментор), проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска (член), вонр. проф. д-р Серјожа Гонтарев (член) и вонр. проф. д-р Абдула Елези (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатката м-р Линда Зеќири, со наслов: „Влијанието на средината и на некои психосоцијални и демографски фактори врз физичката активност кај младите на возраст од 11 до 14 години“, содржи 117 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12 и 154 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 9 глави, вовед, досегашни истражувања, проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето, методи на истражувањето, резултати, дискусија, теоретско и практично значење на истражувањето и литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во првата глава, „Вовед“, кандидатката го потенцира значењето на физичката активност, особено кај испитаници од адолесцентската возраст. Низ цитирање на повеќе соодветни извори ги истакнува и последиците од физичката неактивност и ризикот од заболувања. Кандидатката понатаму наведува дека во голем број научни истражувања, докажана е незаменливата улога на физичката активност во унапредување на здравјето.

Во втората глава, „Досегашни истражувања“, наведени се повеќе истражувања кои посредно или непосредно се поврзани со предметот на истражувањето. Притоа, прикажани се оние досегашни истражувања кои ја проучуваат физичката активност и факторите кои влијаат врз неа. Овие истражувања се основа за остварување на целите на истражувањето, а воедно го зголемуваат степенот на научната и апликативната вредност на докторската дисертација.

Во третата глава, „Проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето“, презентирани се целите на истражувањето кои се во согласност со научните потреби. Тие, исто така, се засновуваат и произлегуваат од резултатите на досегашните истражувања и насоките за решавање на основниот проблем во предлог-проектот за изработка на докторската дисертација. Целите се претставени во 12 точки, кои доволно и коректно го исцрпуваат предметот на истражувањето. Тие се реално и објективно дефинирани, овозможувајќи нивна успешна и оптимална реализација. Одговорите на целите на истражувањето се остварливи поради тоа што предвидените методи за обработка на податоците се избрани според барањето на нивната основна содржина. Хипотезите на истражувањето се надоврзуваат на целите на истражувањето. Кандидатката, на методолошки коректен начин, поставила 12 алтернативни хипотези, кои во целост одговараат на поставениот проблем, предмет и цели на истражувањето.

Четвртата глава, „Методи на истражувањето“, е добро структурирана и во неа доста прецизно се дефинирани дизајнот на студијата, примерокот на испитаниците, варијаблите и инструментите за мерење, како и соодветните методи на обработка на податоците кои се анализирани со софтверските статистички пакети SPSS for Windows Version 26.0 и STATISTICA for Windows 10.0.

Во петтата глава, „Резултати“, извршена е анализа и интерпретација на добиените резултати од применетите статистички процедури во истражувањето. Во зависност од проблемот, предметот и целите на истражувањето, направена е современа, коректна и исцрпна статистичка анализа. Добиените резултати се прикажани во табели и графикони со што се добива целосна слика за истите.

Во шестата глава, „Дискусија“, кандидатката, преку еден компаративен приод и споредба со досегашните истражувања, дава исцрпна и современа дискусија.

Во седмата глава, „Теоретско и практично значење на истражувањето“, изнесени се можностите за примена на резултатите од истражувањето во практичен и теоретски аспект.

Во осмата глава, „Заклучоци“, систематски и концизно се извлечени, формулирани и презентирани најважните заклучоци, кои се однесуваат на сите поставени цели на истражувањето. Тие

даваат одговори на поставените научни хипотези во докторската дисертација. Заклучоците се логички, синтетизирани, интерпретабилни и очекувани, така што ги задоволуваат научните, методолошките и концепциските потреби на истражувањето. Тие може да послужат како основа за генерализација на добиените резултати и за концепирање нови слични истражувања.

Деветтата глава, „Литература“, ги задоволува основните логички и методолошки принципи за изборот на објавените научни и стручни трудови кои се во непосредна врска со предметот и целите на истражувањето. Тие се претежно од понов датум и се прикажани според АПА-стилот. Од структурата на библиографските единици може да се согледа нивната методолошки оправдана искористеност при реализацијата на докторската дисертација. Од методолошко-технички аспект, изворите во оваа глава се адекватно презентирани.

**Предмет на истражувањето**

Проблем на ова истражување е физичката активност и влијанието на средината и некои психосоцијални и демографски фактори врз нивото на физичката активност кај младите на возраст од 11 до 14 години. Предмет на истражувањето се: физичката активност, животната средина, психосоцијалните и демографските фактори. Врз основа на проблемот и предметот на истражувањето, поставени се и повеќе конкретни цели, и тоа: да се утврди дали постојат разлики во нивото на физичката активност во однос на возраста на испитаниците; да се утврди дали постојат разлики во нивото на физичката активност во однос на полот на испитаниците; да се утврди дали постојат разлики во психосоцијалните фактори во однос на возраста на испитаниците; да се утврди дали постојат разлики во психосоцијалните фактори во однос на полот на испитаниците; да се утврди како влијаат психосоцијалните фактори врз нивото на физичката активност и кои психосоцијални фактори се значајни во диференцирањето на индивидуата која има различно ниво на физичка активност; да се утврди како влијае средината (квалитетот на населбата) во близината на која живее испитаникот врз нивото на физичката активност; да се утврди поврзаноста меѓу демографските фактори и физичката активност; да се утврди поврзаноста меѓу демографските и психосоцијалните фактори; да се утврди дали постојат разлики во индикаторите на физичката активност во опсервираната недела и седентарните навики меѓу учениците кои не се занимаваат и учениците кои организирано се занимаваат со спорт; да се утврди дали постојат разлики во психосоцијалните фактори меѓу учениците кои не се занимаваат и учениците кои организирано се занимаваат со спорт; да се утврди дали постојат разлики во демографските фактори меѓу учениците кои не се занимаваат и учениците кои организирано се занимаваат со спорт; да се спореди влијанието на средината, психосоцијалните и демографските фактори врз физичката активност кај испитаниците од машки и женски пол.

**Податоди за состојбата на подрачтето во кое е работена дисертанијата**

Влијанието на физичката неактивност врз здравјето ја нагласува потребата подобро да се разберат обрасците и детерминатите кои влијаат на зголемување на физичката активност во средната училишна возраст. Голем број на досегашни истражувања укажуваат на намалување на физичката активност во текот на раната адолесценција, со понатамошно намалување во раните зрели години. Во светот и на оваа тематика се реализирани голем број на истражувања во многу држави (со различни географски средини), но се поставува прашањето дали добиените резултати од овие истражувања можат да се генерализираат и на популација на косовски адолесценти. Всушност, разбирањето на факторите кои придонесуваат кон намалување на физичката активност кај адолесцентите е од суштинско значење за развој на ефективни програми и стратегии за промовирање на физичката активност кај оваа популациска група.

**Краток опис на применетите методи**

Во однос на познавањето на проблемот, ова истражување претставува конфирмативно истражување, каде што врз основа на познати проблеми се спроведува проверувањето на поставените хипотези врз основа на соодветни методи и истражувачка скица. Во поглед на временската одреденост, истражувањето е од трансверзален карактер.

Примерокот на варијабли е избран согласно со предметот на истражувањето, и во него се применети вкупно 29 варијабли, од кои 3 варијабли за проценување на физичката активност, 4 варијабли за проценување како младите го минуваат слободното време, 5 варијабли за проценување на ставовите кон физичката активност, 4 варијабли за проценување на самоперцепцијата, 3 варијабли за проценување на социјалната поддршка, 5 варијабли со кои се проценува влијанието на околината и 5 демографски варијабли.

Во главата „Методи за обработка на податоците”, кандидатката истакнува дека при примена на методите со кои се обработени основните информации од ова истражување, се водеше сметка за можноста добиените резултати и заклучоци да може релативно едноставно да се разберат, да се интерпретираат и да се применат во научноистражувачката и педагошката практика. Податоците се обработени со повеќе параметриски и непараметриски методи. За сите варијабли кои се на интервалната и ратио (мерната) скала се применети параметриски методи (основните статистички параметри: аритметичка средина (X),

стандардна девијација (SD), коефициент на варијабилност (KV%), минималниот резултат (MIN) и максималниот резултат (MAX). За варијаблите кои се на ординалната и номиналната скала се применети непараметриски статистички методи: фреквенции; проценти; $\chi 2$ тест, Kruskal-Wallis H тест, Mann-Whitney U тест.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Резултатите од истражувањето укажуваат дека едукативните програми и стратегиите треба да бидат насочени кон зголемување на самоефикасноста, довербата во своите способности, зголемување на степенот на перципираните бенефиции кон физичката активност, намалување на бариерите, зголемување на социјалната поддршка од најблиските во средината (родителите и врсниците), како и да им се понудат активности на младите, кои сами ги бираат и уживаат во нив. Исто така, потребно е да се обезбедат атрактивни и безбедни места и зелени површини и спортски капацитети каде што тие можат да спортуваат и да се рекреираат. Акцент на едукативните програми за промовирање на физичката активност треба да се даде во раната фаза на адолесценцијата.

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, реализирала меѓународна мобилност во времетраење од 8 (осум) дена и ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

1. **Zeqiri, L., Georgiev, G., & Gontarev, S. (2022).** Impact of psychosocial factors on adolescents’ physical activity in Republic of Kosovo. *Research in Physical Education, Sport and Health, 11*(1), 303-308.
2. **Zeqiri, L., Georgiev, G., & Gontarev, S. (2022).** Influence of social support and residential area quality on the physical activity of adolescents from the Republic of Kosovo. Pedagogical Almanac, 30(1), 100-104.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Главни научни придонеси на кандидатката.** Добиените резултати од истражувањето ќе овозможат изготвување на национален план и програма за промовирање на физичката активност со цел да им се помогне на младите да ги променат нездравите животни навики и да ја зголемат физичката активност, а со тоа да го подобрат и своето здравје. Овие стратегии, планови и програми треба да ги земат превид спецификите на животната средина, обичаите и културните карактеристики на регионот. Промени можат да се остварат преку широка промена во политиката и практиката, а особено преку зголемување на меѓусекторската соработка и усвојувањето на нови улоги од различни субјекти кои се веќе добро утврдени и почитувани во своите области на надлежност. Во основа, потребни се мали промени во политиката и практиката, со цел промовирање и зголемување на физичката активност кај младата популација.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Потенцијални корисници на резултатите од ова истражување би биле воспитно-образовните организации, а особено основните училишта, спортските организации на младите, здравствените организации и институции, локалната самоуправа и државата, односно сите организации кои креираат државни политики.

Ограничување на докторатот е тоа што се потпира на самопријавени податоци и дизајнот на студијата која е од трансверзален тип со користење на дескриптивна статистика. За да се добијат податоци кои ќе имаат уште поголема научна вредност за утврдување на факторите кои ја детерминираат физичката активност, потребни се повеќе лонгитудинални студии. Исто така, во идните истражувања треба да се применат, покрај самоизвестување, и објективни методи за мерење на предиктивните фактори и детерминанти на физичката активност. Одредено ограничување претставува и примерокот на испитаници кој не е репрезентативен за целата популација на оваа возраст од Република Косово.

Препорачуваме, идните студии да се применат на репрезентативен примерок ученици од целата територија на Република Косово. Освен испитаници од 11 до 14 години, да се вклучат испитаници од 6 до 18 години. Исто така, вакви истражувања може да се применат и на студентска популација, кај деца од предучилишна возраст, возрасна популација и деца со посебни потреби. Потребно е да се применат објективни методи за мерење на предиктивните фактори и детерминанти на физичката активност. Исто така, примена и на објективни инструменти (монитори за физичка активност) за мерење на физичката активност и седентарните активности.

**Можни понатамошни истражувања.** Препорачуваме, во идните студии да се вклучи репрезентативен примерок на испитанции од целата територија на Република Косово, примена на повеќе логитудинални истражувања. Употребата на повеќе теоретски модели и конструкции во истражувањето на физичката активност се важни за разбирање на промените во однесувањето и водењето на развојот на ефективни интервенции. Моделите можат да ги земат предвид можностите за индиректни и умерени ефекти на варијаблите и да се утврдат ефектите на интеракцијата помеѓу варијаблите или насоката на нивните ефекти.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ НА КОМИСИЈАТА**

Врз основа на извештајот за докторската дисертација на кандидатката м-р Линда Зеќири под наслов: „Влијанието на средината и на некои психосоцијални и демографски фактори врз физичката активност кај младите на возраст од 11 до 14 години“, Комисијата во состав: проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (претседател), проф. д-р Георги Георгиев (ментор), проф. д-р Даниела Шукова Стојмановска (член), вонр. проф. д-р Серјожа Гонтарев (член) и вонр. проф. д-р Абдула Елези (член), им предлага на Советот за трет циклус студии – Кинезиологија и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје да го прифатат позитивниот извештај, со цел да се закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (претседател), с.р.**
**Проф. д-р Георги Георгиев (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Даниела Шукова-Стојмановска (член), с.р.**
**Вонр. проф. д-р Серјожа Гонтарев (член), с.р.**
**Вонр. проф. д-р Абдула Елези (член), с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „СОСТОЈБАТА НА ФИЗИЧКИОТ И МОТОРИЧКИОТ РАЗВОЈ КАЈ ДЕЦАТА ОД РАНАТА УЧИЛИШНА ВОЗРАСТ ВО СКОПСКИОТ РЕГИОН“ ОД М-Р БЛЕРТА КАЧИУ, ПРИЈАВЕНА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ ВО СКОПЈЕ

Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје, на седницата одржана на 21.6.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатот м-р Блерта Качиу со наслов: **Состојбата на физичкиот и моторичкиот развој кај децата од раната училишна возраст во Скопскиот Регион**, во состав: проф. д-р Ленче Алексовска-Величковска (претседател), вонр. проф. д-р Руждија Калач (ментор), проф. д-р Георги Георгиев (член), вонр. проф. д-р Серјожа Гонтарев (член) и вонр. проф. д-р Абдула Елези (член).

Комисијата во наведениот состав, со внимание ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко образование, спорт и здравје во Скопје му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација на кандидатот м-р Блерта Качиу, со наслов: „Состојбата на физичкиот и моторичкиот развој кај децата од раната училишна возраст во Скопскиот Регион“, содржи 120 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12 и 154 библиографски единици, меѓу нив научни трудови, статии, книги, национални прописи, меѓународни акти и интернет-ресурси.

Трудот е структуриран во 9 глави, вовед, досегашни истражувања, проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето, методи на истражувањето, резултати, дискусија, теоретско и практично значење на истражувањето и литература. Деловите се систематизирани во точки и потточки со наслови и поднаслови, со што се обезбедува соодветно следење на материјата која е обработена во истражувањето.

Во воведот на трудот, кандидатот низ цитирање на повеќе соодветни извори наведува дека следењето на физичкиот фитнес е моќен показател на здравствената состојба како во детството, адолесценцијата, така и во зрелата возраст. Дури и кај децата и адолесцентите, физичкиот фитнес е во негативна корелација со кардиореспираторните заболувања, високиот крвен притисок, абдоминалната адипозност, вкупната дебелина, нарушеното здравје на скелетот, хиперинсулинемијата, инсулинската резистенција, атерогениот профил на липиди и големиот број на метаболички ризик-фактори. Покрај тоа, физичкиот фитнес е поврзан со академските перформанси кои вклучуваат когнитивни вештини и ставови (внимание, меморија, разбирање), академско однесување (организација, присуство, контрола на импулсите) и достигнувања (подобри постигнувања во тестовите на знаење, повисоки просечни оценки).

Во втората глава (Досегашни истражувања), наведени се повеќе истражувања кои посредно или непосредно се поврзани со предметот на истражувањето во докторската дисертација. Врз основа на презентираниот материјал може да се види дека изборот на приложените трудови се од понов датум. Овие истражувања се основа за остварување на целите на истражувањето, а воедно го зголемуваат степенот на научната и апликативната вредност на докторската дисертација.

Во третата глава, „Проблем, предмет, цели и хипотези на истражувањето“, кандидатот јасно го дефинира предметот на неговото истражување. Во таа смисла, предмет на неговото истражување претставуваше утврдувањето на состојбата на физичкиот и моторичкиот развој кај децата од раната училишна возраст во Скопскиот Регион. Понатаму, проблем на ова истражување е изработка на нормативни референтни стандарди преку кои децата, младите и нивните родители ќе можат да го следат нивниот физички и моторички развој, додека наставниците и лекарите ќе добијат важни информации потребни за планирање и реализирање на интервенции во случај кога децата имаат некој проблем во нивниот физички и моторички развој или насочување на децата во некоја спортска активност, ако тие покажуваат високо ниво на способности. Врз основа на проблемот на истражувањето, кандидатот поставил шест цели кои се во согласност со научните потреби. Тие, исто така, се засновуваат и произлегуваат од резултатите на досегашните истражувања и насоките за решавање на основниот проблем во дисертацијата. Тие се реално и објективно дефинирани, овозможувајќи нивна успешна и оптимална реализација. Одговорите на целите на истражувањето се остварливи поради тоа што предвидените мерни инструменти и методи за обработка на податоците се избрани според барањето на нивната основна содржина. Хипотезите на истражувањето (трета глава) се надоврзуваат на целите на истражувањето. Кандидатот на методолошки и коректен начин поставил шест алтернативни хипотези кои во целост одговараат на поставениот проблем, предмет и цели на истражувањето.

Во четвртата глава, „Методи на истражувањето“, поцелосно се прикажани подглавите кои се однесуваат на примерокот на испитаниците, примерокот на варијаблите, како и планот и програмата на мерењето и примената на методите за обработка на податоците.

Истражувањето е реализирано на примерок од 2197 испитаници, извлечени по случаен избор од повеќе основните училишта од Скопскиот Регион. Примерокот е поделен на два суппримерока според полот, и тоа 1096 испитаници од машки и 1101 испитаник од женски пол. Секој од суппримероците е поделен и според хронолошката возраст во 5 возрасни групи во распон од една календарска година.

Во истражувањето се применети вкупно 12 варијабли, од кои 4 варијабли за проценка на антропометриските карактеристики, 2 варијабли за проценка на телесниот состав и 6 варијабли за проценка на моторичките способности. Изборот на сите тестови и мерни инструменти е извршен според потребата за утврдувања на задоволителен степен на нивните мерни карактеристики. Во таа насока, пред сè, се водеше сметка предвидените тестови и мерни инструменти да имаат задоволителна валидност и релијабилност.

Во натамошниот дел на проектот јасно се опишани тестовите и мерните инструменти и организационите услови на мерењето. Во подглавата „Методи за обработка на податоците”, за секоја варијабла се применети основните дескриптивни статистички параметри и тестирање на нормалноста на дистрибуцијата со Колмогоров-Смирновата постапка. Покрај овие методи, применети се и повеќе мултиваријатни и униваријатни параметриски и непараметриски статистички методи. Перцентилните референтни стандардни се формирани со LMS-методот.

Во петтата глава, „Резултати“, извршена е анализа и интерпретација на добиените податоци од применетите статистички процедури во истражувањето. Во зависност од проблемот, предметот и целите на истражувањето, направена е современа, коректна, исцрпна статистичка анализа. Тие се прикажани во табели и графикони, со што се добива целосна слика за нив.

Во шестата глава, „Дискусија“, кандидатот преку еден компаративен приод и споредба со досегашните истражувања дава исцрпна и современа дискусија. Тој истакнува дека законитостите во развојот на повеќето моторички тестови (освен тестот претклон во сед) се во согласност со законите на растот и развојот. Нивото на моторичките тестови во текот на анализираните години константно ја следат кривата на растот. Може да се забележи дека најголеми разлики се добиени во способностите кои во поголема мера се вродени (брзина, координација и експлозивна сила), а во помала мера во способностите кои се под поголемо влијание на физичкото вежбање.

Во седмата глава, „Теоретско и практично значење на истражувањето“, изнесени се можностите за примена на резултатите од истражувањето во практиката и теоријата во физичкото образование, како и за конципирањето на натамошни научноистражувачки проекти.

Во осматта глава, „Заклучоци“, систематски и концизно се извлечени, формулирани и презентирани најважните заклучоци, кои се однесуваат на сите поставени цели на истражувањето. Тие даваат одговори на поставените научни хипотези во докторската дисертација. Заклучоците се логички, синтетизирани, интерпретабилни и очекувани, така што ги задоволуваат научните, методолошките и концепциските потреби на истражувањето. Тие, исто така, може да послужат како основа за генерализација на добиените резултати и за конципирање нови слични истражувања.

Последната глава, „Литература“, ги задоволува основните логички и методолошки принципи за изборот на објавените научни и стручни трудови кои се во непосредна врска со предметот и целите на истражувањето. Тие претежно се од понов датум и се пишувани во АПА-стил. Наведени се сите трудови кои се цитирани во докорскта дисертација. Од структурата на библиографските единици може да се согледа нивната методолошки оправдана искористеност за реализацијата на темата на докторската дисертација. Од методолошко-технички аспект, библиографијата е адекватно презентирана.

**<u>Предмет на истражувањето</u>**

Предметот на оваа дисертација се антропометриските мерки, телесниот состав и мотричките спсобности кај учениците од 6 до 10-годишна возраст. Проблем на истражувањето е да се утврди состојбата на физичкиот и моторичкиот развој кај децата од раната училишна возраст во Скопскиот Регион. Врз основа на проблемот и предметот на истражувањето, поставени се и повеќе конкретни цели, и тоа: да се утврди дали постојат статистички значајни разлики во антропометриските мерки, телесниот состав и моторичките тестови меѓу момчињата и девојчињата во секоја возрасна категорија; да се утврди дали постојат статистички значајни разлики во антропометриските мерки, телесниот состав и моторичките тестови меѓу момчињата од различна возрасна категорија; да се утврди дали постојат статистички значајни разлики во антропометриските мерки, телесниот состав и моторичките тестови меѓу девојчињата од различна возрасна категорија; да се утврди дали постојат статистички значајни разлики во моторичките тестови меѓу групите ученици формирани врз основа на масната компонента; да се утврди дали постојат статистички значајни разлики во моторичките тестови меѓу групите ученици формирани врз основа на индексот на телесната маса; да се утврди состојбата на ухранетоста кај учениците од раната училишна возраст и да се утврди дали постојат статистичко значајни полови и возрасни разлики.

**<u>Податоди за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Силни и конзистентни докази потврдуваат дека физичкиот и моторичкиот развој (физичкиот фитнес) е силен маркер на здравјето кај децата и адолесцентите. Помеѓу различните фитнес-компоненти, кардиореспираторниот фитнес и мускулната сила покажаа најсилна и најконзистентна поврзаност со голем

број на здравствени придобивки и поради тоа се сметаат за фитнес-компоненти поврзани со здравјето, заедно со мускулната издржливост, флексибилноста, моторниот фитнес и составот на телото/антропометријата (висината, тежината, индексот на телесна маса и обемот на половината). Новите истражувања и резултати од големите регистри додадоа убедливи докази кои ги поврзуваат кардиореспираторниот фитнес и мускулната сила во доцната адолесценција со смртноста од сите причини во зрелоста, како и смртноста од кардиоваскуларни болести и рак. Покрај тоа, постојат докази дека овие две фитнес-компоненти предвидуваат тешки, хронични и иверзибилни болести од сите причини 30 години подоцна. Поточно, ниското ниво на физичкиот фитнес ги предвидува идните кардиоваскуларни, мускулно-скелетни, невролошки и психијатриски заболувања што е утврдено од бројот на добиени инвалидски пензии. Конкретно, кардиореспираторниот фитнес е најмногу проучениот и најсилен предиктор за идното здравје. Имено, ставот на Американското здружение за срце ја истакна клиничката вредност на кардиореспираторниот фитнес во младоста и препорачува тој редовно да се проценува.

Покрај добро документираната поврзаност на физичкиот фитнес со физичкото и менталното здравје кај младите, новите докази укажуваат дека подобриот физички фитнес е поврзан со подобра когниција, академски перформанси и поздрава структурна функционалност на мозокот. Имено, неодамнешните набљудувања од проектот ActiveBrains покажаа дека дури и целата големина на мозокот, како и вкупниот волумен на сивата и белата материја, се поголеми кај децата со поголемо ниво на фитнес во споредба со децата кои имаат пониско ниво на фитнес и прекумерна тежина/дебелина. Ова е важно, бидејќи големината на мозокот е позитивно поврзана со интелигенцијата. Бидејќи проценката на фитнесот е релевантна и важна, се поставува прашањето кои се најдобрите методи за да се процени кај децата и адолесцентите. Овој докторат беше дизајниран да одговори на ова прашање. Главната цел е да направи важен чекор кон имплементација на фитнес мониторинг на цела територија на Република С. Македонија како едукативна алатка за физичка писменост. Во овој контекст, тестирањето на фитнес-компонентите треба да биде многу повеќе од само „уште едно училишно оценување“. Особено училиштата се во единствена позиција позитивно да влијаат врз физичката активност и физичката подготвеност на нивните ученици не само на краток рок, туку со всадување на вредности и вештини кои ќе ги следат овие деца во текот на нивниот живот.

**Краток опис на применетите методи**

Во однос на познавањето на проблемот, ова истражување претставува комфирмативно истражување, каде што врз основа на познати проблеми се спроведува проверувањето на поставените хипотези врз основа на соодветни методи и истражувачка скица. Во поглед на временската одреденост, истражувањето е од трансверзален карактер, кое се состои од еднократно мерење на соодветните антропометриски мерки, телесниот состав и моторичките способности кај учениците од раната училишна возраст во Скопскиот Регион.

Примерокот на варијабли е избран согласно со предметот на истражувањето, и во него се применети вкупно 12 варијабли, од кои 4 варијабли за проценка на антропометриските карактеристики, 2 варијабли за проценка на телесниот состав и 6 варијабли за проценка на моторичките способности. При изборот на варијаблите (антропометриските мерки, телесниот состав и мотричките спсобности) земени се предвид возраста на испитаниците и нивните можности, резултатите од досегашните истражувања и препораките на авторите кои го истражувале овој проблем кај испитаници од иста или приближно иста возраст како и во нашето истражување.

Во главата „Методи за обработка на податоците”, кандидиатот истакнува дека при примена на методите, со кои се обработени основните информации од ова истражување, се водеше сметка за можноста добиените резултати и заклучоци да можат релативно едноставно да се разберат, да се интерпретираат и да се применат во научноистражувачката и педагошката практика. За секоја варијабла е предвидено примена на основните дескриптивни статистички параметри и тестирање на нормалноста на дистрибуцијата со Колмогоров-Смирновата постапка. Разликите во антропометриските мерки, телесниот состав и моторичките тестови во однос на возрасните категории е утврдено со еднофакторска мултиваријантна и униваријатна анализа на варијансата (MANOVA и ANOVA). За да се утврди кои суппримероци меѓусебно статистички значајно се разликуваат, во варијаблите каде што постои статистички значајна разлика е применет и ЛСД-тестот. Половите разлики во антропометриските мерки и моторичките тестови меѓу групите ученици се утврдени со Т-тест за големи независни примероци. Разликите во моторичките тестови кај испитаниците од машки и женски пол, категоризирани во различни дистинктни групи според процентот на мускулна маса и индекс на телесна маса, се утврдени со еднофакторска мултиваријантна и униваријатна анализа на варијансата (MANOVA и ANOVA), како и ЛСД-тестот. Разликите меѓу испитаниците од машки и женски пол категоризирани во различни дистинктни групи според индекс на телесна маса се утврдени со $\chi 2$-квадрат тестови. Перцентилните референтни стандардни се формирани со LMS-методот.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Според резултатите на ова истражување може да се констатира дека во сите возрасни категории девојчињата покажуваат подобри резултати во тестот „длабок претклон во сед“. Во останатите тестови за

проценување на нивото на физичкиот фитнес (скок во далечина од место, подигнување на трупот за 30 секунди, флексија на дланката, чунесто трчање 4 x 10 метри и трчање на 20 метри со прогресивно зголемување на брзината), во сите возрасни категории, момчињата постигнуваат подобри резултати. Врз основа на структурата на дискриминативните фактори може да се види дека разликите во моторичкиот простор (најголемо растојание на центроидите) постојат во осмата година. Постојат статистички значајни разлики во сите антропометриски мерки, мерките за проценување на телесниот состав и моторичките тестови кај момчињата и девојчињата од 6, 7, 8, 9 и 10-годишна возраст. Законитостите во развојот на повеќето моторички тестови (освен тестот претклон во сед) се во согласност со законите на растот и развојот. Нивото на моторичките тестови во текот на анализираните години константно ја следи кривата на растот. Може да се забележи дека најголеми разлики се добиени во способностите кои во поголема мера се вродени (брзина, координација и експлозивна сила), а во помала мера во способностите кои се под поголемо влијание на физичкото вежбање. Врз основа на добиените резултати може да се констатира дека моторниот статус кај испитаниците од двата пола е под големо влијание на процентот на масно ткиво и индексот на телесна маса. Учениците од двата пола од раната училишна возраст кои имаат умерено повисок или висок процент на масна компонента или индекс на телесна маса постигнуваат послаби резултати во тестовите за проценување на релативната силина, експлозивната силина, брзината, агилноста, рамнотежата и имаат помал аеробен капацитет. Негативното влијание на масната компонента врз моторните способности е поизразено кај момчињата за разлика од девојчињата. Постојат статистички значајни разлики во нивото на исхранетост меѓу момчињата и девојчињата. Процентуалните вредности покажуваат дека поголем процент од девојчињата се класифицирани со прекумерна тежина (25,10 % девојчиња, наспроти 21,50 % момчиња), додека поголем дел од момчињата се класифицирани како дебели (15,70 % момчииња, наспроти 12,60 % девојчиња).

**ИСПОЛНЕТОСТ НА ЗАКОНСКИТЕ УСЛОВИ ЗА ОДБРАНА НА ТРУДОТ**

Кандидатот, пред одбраната на докторскиот труд, реализирал меѓународна мобилност во времетраење од 8 (осум) дена и ги објавил (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

3. Blerta Kaciu, Ruzdija Kalac, Miodrag Todorovic, Nena Gontareva (2022). Gender differences in the anthropometric measures and physical fitness of school children aged 6 in the Skopje region. *Research in Physical Education, Sport and Health*, 11(1), 83-90.
4. Blerte Kaçiu, Daniela Shukova Stojmanovska, Ruzdija Kalac, Nena Gontareva (2022). Level of physical fitness in adolescents with different status of body weight, categorized according to the percentage of adipose tissue. *Research in Physical Education, Sport and Health*, 11(1), 91-97.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

**Главни научни придонеси на кандидатот.** Добиените резултати од истражувањето ќе овозможат да се добијат научни сознанија и заклучни согледувања за состојбата и развојот на антропометриските карактеристики, телесниот состав и моторичките способности на децата од 6 до 10 години. Врз основа на научни сознанија ќе бидат конципирани повеќе препораки кои можат да најдат соодветна примена во проектните и програмските активности на одделни организации и институции, чија работа е поврзана со третманот на физичкиот развој и моторните способности на младите. Притоа, резултатите од истражувањето рационално и ефикасно ќе можат да се искористат во програмирањето на наставните и слободните активности по предметот Физичко и здравствено образование и спортските активности на младите, а во таа смисла и за дијагностицирањето, контролирањето, компарирањето и следењето на развојните процеси на нивните антропометриски карактеристики, телесниот состав и моторичките способности, како и на нивниот здравствен статус.

**Подрачје на примена и ограничувања.** Потенцијални корисници на резултатите од ова истражување би биле воспитно-образовните организации, а особено основните училишта, спортските организации на младите и здравствените организации и институции. Покрај другото, тие резултати ќе можат да ги користат и применуваат и спортските организации при постапките за селектирање на спортисти. Користењето на резултатите од страна на здравствените организации, пред сѐ, би било во доменот на дијагностицирањето, контролирањето и компарирањето на психофизичкиот развој и физичките способности на младите од дефинираните возрасни категории и полот во ова истражување.

Ограничувањата на студијата е примерокот на испитаниците во кој беа вклучени испитаници само од Скопскиот Регион. Исто така, беа вклучени испитаници само од раната училишна возраст (од 6 до 10 години). Ограничување на студијата е и самиот дизајн, истражувањето беше од трансверзален карактер со што е оневозможено утврдување на причинско-последичната поврзаност.

Препорачуваме, идните студии да се реализираат на репрезентативен примерок испитаници на возраст од 6 до 10 години, од целата територија на РС Македонија. Освен испитаници од 6 до 10 години, да се вклучат испитаници од 11 до 18 години. Исто така, вакви истражувања може да се реализираат на студентска популација, кај деца од предучилишна возраст, возрасна популација и деца со попреченост.

**Можни понатамошни истражувања.** Препорачуваме, идните студии да вклучат репрезентативен примерок на испитанции од целата територија на РС Македонија, лонгитудинално следење на способностите и особините кај учениците, вклучување на софистицирни инструменти и слично.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултетот за физичко воспитување, спорт и здравје да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатот м-р Блерта Качиу, со наслов: „Состојбата на физичкиот и моторичкиот развој кај децата од раната училишна возраст во Скопскиот Регион“.

КОМИСИЈА

**Проф. д-р Ленче Алексовска Величковска (претседател), с.р.**
**Вонр. проф. д-р Руждија Калач (ментор), с.р.**
**Проф. д-р Георги Георгиев (член), с.р.**
**Вонр. проф. д-р Серјожа Гонтарев (член), с.р.**
**Вонр. проф. д-р Абдула Елези (член), с.р.**

**ПРЕГЛЕД НА ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ФИЗИЧКО ОБРАЗОВАНИЕ, СПОРТ И ЗДРАВЈЕ**

**ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Арјета Аземи | „Споредба на два различни физиотерапевтски протоколи во рехабилитација на цервикалната радикулопатија)“ | “Comparison of two different physiotherapy protocols in the rehabilitation of cervical radiculopathy” | Проф. д-р Вујица Живковиќ | 21.06.2022 година бр. 0201-535/3.6 |

Скопје
22.6.2022

**Раководител на докторски студии по кинезиологија**
**проф. д-р Георги Георгиев**

# РЕЦЕНЗИЈА
## НА РАКОПИСОТ „СТАРОГРЧКО-МАКЕДОНСКИ РЕЧНИК (РАЗВОЕН)“ ОД АВТОРОТ ПРОФ. Д-Р ВАЛЕРИЈ СОФРОНИЕВСКИ

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет, бр. 13-944/5 од 9.5.2022 г., за членови на Рецензентската комисија за рецензирање на учебното помагало „Старогрчко-македонски речник (развоен)“ од авторот: проф. д-р Валериј Софрониевски, наменет за студентите на Институтот за класични студии / Институтот за историја на уметноста и археологија и Институтот за историја, за предметите: Старогрчки јазик (почетен, продолжителен, напреден курс), Старогрчки автори, Читање старогрчки текстови, Јазична анализа на старогрчки текстови, Новозаветен и византиски грчки, избрани се: проф. д-р Елена Џукеска и проф. д-р Весна Димовска.

По добивањето на ракописот и неговото детално разгледување и анализа, до Наставно-научниот совет на Филозофскиот факултет во Скопје, рецензентите го поднесуваат следниов

## ИЗВЕШТАЈ

**III. ОПШТ ДЕЛ**

**Основни податоци за ракописот**

| | |
|---|---|
| **Назив на ракописот:** | Старогрчко-македонски речник (развоен) |
| **Назив на предметната програма:** | Старогрчки јазик (почетен, продолжителен, напреден курс), Старогрчки автори, Читање старогрчки текстови, Јазична анализа на старогрчки текстови, Новозаветен и византиски грчки |
| **Назив на студиската програма:** | Класична филологија, Старогрчки јазик и античка книжевност, Латински јазик и античка книжевност |
| **Фонд на часови и ЕКТС-кредити** (доколку ракописот е наменет за повеќе предмети, да се наведат сите предмети): | 3+3 (6 кредити), 3+3 (6 кредити), 3+3 (6 кредити), 2+4 (6 кредити), 2+2 (6 кредити), 2+2 (6 кредити), 2+2 (6 кредити) |
| Предметот Старогрчки јазик (почетен курс) на Филозофскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 3+3, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во I семестар.<br>Предметот Старогрчки јазик (продолжителен курс) на Филозофскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 3+3, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во II семестар.<br>Предметот Старогрчки јазик (напреден курс) на Филозофскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 3+3, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во III семестар.<br>Предметот Старогрчки автори на Филозофскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 2+4, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во IV семестар.<br>Предметот Читање старогрчки текстови на Филозофскиот факултет е задолжителен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во V семестар.<br>Предметот Јазична анализа на старогрчки текстови на Филозофскиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во VIII семестар.<br>Предметот Новозаветен и византиски грчки на Филозофскиот факултет е изборен предмет со фонд на часови 2+2, број на ЕКТС-кредити – 6 и се слуша во VI семестар. | |
| **Реден број на изданието:** | трето издание (се разликува од претходното издание 40 %). |
| **Општи податоци за ракописот:** | Ракописот кој е предаден на рецензија содржи 754 страници (формат B5), напишани на компјутер, со големина на фонтот 9pt. Текстот е поделен во 26 поглавја (вклучувајќи ја литературата) и содржи 0 слики и 0 табели. |

**РЕЦЕНЗЕНТИ**
**Проф. д-р Елена Џукеска, с.р.**
**Проф. д-р Весна Димовска, с.р.**

## IV. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ: проф. д-р Елена Цукеска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | Учебното помагало содржи Предговор (стр. 1-3), Скратеници (стр. 4-6), Речник распореден во две колони на секоја страници и поделен според алфабетен редослед во 24 поглавја со над 14 500 лексички единици (стр. 7-739), Список на автори и на публикации (стр. 740-754). |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Учебното помагало е целосно усогласено со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | нема |
| **Оцена на ракописот:** | Учебното помагало „Старогрчко-македонски речник (развоен)“ ги задоволува современите стандарди за ваков тип учебни помагала, и од методолошки и од содржински аспект. Со опфатениот лексички материјал се покриени сите зборови присутни во програмата по која се изведува наставата по старогрчки јазик за студентите од нашиот факултет и, воопшто, голем број зборови што се во фреквентна употреба во старогрчкиот јазик, но исто и некои што не се среќаваат во стандардните лексикони од овој тип. Македонските корелати наместа се покриени со ретки архаизми присутни во нашиот јазик, а објаснувањата кај поединечни лексеми се навистина детални и широки. Развојноста истакната во насловот упатува на отвореноста на Речникот кон натамошни доработки и проширувања. Речникот има свое посебно значење како прилог кон развојот на македонската лексика во превод од старогрчки. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Учебното помагало„Старогрчко-македонски речник“ претставува неодминлива и неопходна поддршка за студентите од Институтот за класични студии, но и за сите други студенти кои слушаат предмети по старогрчки јазик. Ова учебно помагало ќе придонесе за полесно и поефективно изучување на старогрчкиот јазик. Затоа сметаме дека треба да се објави и топло го препорачуваме. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да го предложам да се отпечати како учебно помагало по предметите Старогрчки јазик (почетен, продолжителен, напреден курс), Старогрчки автори, Читање старогрчки текстови, Јазична анализа на старогрчки текстови, Новозаветен и византиски грчки, примарно наменет за студентите на Филозофскиот факултет.

Во Скопје, 16.5.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Елена Цукеска, с.р.**

**III. ПОСЕБЕН ДЕЛ ОД РЕЦЕНЗЕНТОТ:** проф. д-р Весна Димовска

| | |
|---|---|
| **Краток опис на содржината:** | На почетните страници од овој ракопис (стр.1-3), како што е вообичаено, е поместен Предговорот кон ова издание, а веднаш по него (стр. 4-6) и скратениците што се користат во ова дело. Од 7 до 739 стр. е сместен самиот Речник, кој е распореден во две колони и е поделен во 24 поглавја (според алфабетен редослед) со над 14 500 лексички единици. На самиот крај (стр. 740-754) се наоѓа Список на автори и на публикации. |
| **Оцена за усогласеноста со предметната програма:** | Ракописот е во целост усогласен со предметната програма. |
| **Предлози за потребни корекции:** | Наместа може да се направи поефективна хифенација, за да не остануваат бели празнини оддесно кај лексичките единици. |
| **Оцена на ракописот:** | Ракописот „Старогрчко-македонски речник (развоен)“ ги задоволува сите лексикографски стандарди и помошен методолошки апарат вообичаен во делата од овој вид. Лексичкиот материјал опфатен во него ги покрива сите лексеми присутни во програмите по кои се изведува настава по старогрчки јазик и содржи голем број зборови што се во фреквентна употреба во старогрчкиот јазик. Кај одредени лексички единици постои голема разгранетост во однос на синтагматската експликација, и по хоризонтала и по вертикала (т.е. употреба во литературна видова разновидност, но и во развојните фази на грчкиот јазик). Концептот на развојност, назначен во насловот на ракописот, упатува на отвореноста на овој проект кон натамошни проширувања, што му дава посебна гравитас, затоа што во неговото натамошно градење може да учествуваат и други истражувачи и изучувачи на старата хеленска култура, и тоа во текот на својата практична работа со текстовите. |
| **Категоризација:** | учебно помагало |
| **Заклучок со предлог за оправданоста за објавување:** | Ракописот „Старогрчко-македонски речник (развоен)“ веднаш ќе се наметне како нужна помошна алатка во изучувањето на старогрчкиот јазик и тоа не само за студентите од Институтот за класични студии, туку и за сите други кои го следат овој предмет. Сигурни сме дека неговото издавање ќе помогне за подинамично и полесно преведување на текстовите предвидени со предметните програми што ја третираат оваа материја. Оттаму, сесрдно го поддржуваме и топло го препорачуваме неговото печатење и објавување. |

Врз основа на изнесеното, чест ми е и задоволство овој ракопис да го поддржам и да предложам да се отпечати како учебно помагало по предметите Старогрчки јазик (почетен, продолжителен, напреден курс), Старогрчки автори, Читање старогрчки текстови, Јазична анализа на старогрчки текстови, Новозаветен и византиски грчки, примарно наменет за студентите на Филозофскиот факултет.

Во Скопје, 13.5.2022 година

**РЕЦЕНЗЕНТ**
**Проф. д-р Весна Димовска, с.р.**

***Прилог бр. 2***

# РЕФЕРАТ

## ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕТО РЕДОВЕН ПРОФЕСОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ: ИСТОРИЈА НА КНИЖЕВНОСТА НА ГЕРМАНСКИТЕ НАРОДИ (61212) (АНГЛИСКА КНИЖЕВНОСТ И АМЕРИКАНСКА КНИЖЕВНОСТ) НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје, објавен во весниците „Слободен печат“ и „Коха“ од 23.5.2022 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научната област (дисциплина) историја на книжевноста на германските народи (61212) (Англиска книжевност и Американска книжевност), и врз основа на Одлуката од седумдесет и третата редовна седница на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, одржана на 15.6.2022 година, бр. 04-859/10, донесена на 16.6.2022, формирана е Рецензентска комисија во состав:

д-р Зоран Анчевски, редовен професор,
д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор, и
д-р Соња Витанова-Стрезова, редовен професор.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник во сите наставно-научни звања во научната област историја на книжевноста на германските народи (61212) (Англиска книжевност и Американска книжевност), во предвидениот рок се пријави кандидатката д-р Калина Малеска.

### БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатката д-р Калина Малеска е родена на 29.7.1975 година, во Скопје. Средно образование завршила во средното училиште „Јосип Броз-Тито“ во Скопје. Со високо образование се стекнала на Катедрата за англиски јазик и книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, каде што се запишала во 1993 година. Дипломирала во 1997 година, со просечен успех 9,3. Во октомври и ноември 1994 година, посетувала настава на неколку курсеви на NYCU (Њујорк Сити-универзитетот) во Њујорк, САД, додека во текот на летниот семестар во 1999 година, посетувала предавања од областа на книжевноста на Универзитетот „Принстон“ во Њу Џерси, САД.

Во 2001 година се запишала на втор циклус (магистерски) студии по англиска книжевност на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. Студиите ги завршила со просечен успех 9,7. Во 2006 година го одбранила магистерскиот труд на тема: „Деконструкција на текстовната логика во дела од Џорџ Орвел, Марк Твен и Венко Андоновски“. Малеска пријавила тема за изработка на докторска дисертација на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ под наслов „Дискурси на моќ во современата англо-американска и македонска литература, теорија и критика“, која ја одбранила во 2012 година. Со тоа се стекнала со научниот степен доктор на филолошки науки.

Во 2013 година била избрана во звањето доцент, а во 2017 година во звањето вонреден професор на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во областа историја на книжевноста на германските народи (Англиска книжевност). Во моментот е вонреден професор. Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1158 од 1.12.2017 година. Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од почетокот на кариерата, објавени при изборот на кандидатката во звањето доцент и наведени во Билтен бр. 1048, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатката од последниот избор на кандидатката како вонреден професор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

### 3 НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТКАТА ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, Филолошки факултет „Блаже Конески“, од последниот избор до денот на пријавата, кандидатката д-р Калина Малеска учествувала во изведувањето на наставата на следните предмети: Англиска книжевност 1 – поезија, Англиска книжевност 2 – драма, Англиска книжевност 4, Англиска книжевност 5, а ги предава и предметите: Утопии и антиутопии, Преглед на теми во американската книжевност и Постколонијална книжевност на додипломските студии. На втор циклус студии го предава предметот Современата утописка мисла. Во овој период, кандидатката

менторирала 15 дипломски трудови. Таа учествувала како член во комисија за оцена/или одбрана на 47 дипломски трудови и 1 магистерски труд.

Освен редовната настава, Малеска учествувала и во изведување настава на повеќе работилници, меѓу кои за пишување рецензии, за детски раскази, за пишување апстракти и структурирање на дипломски трудови, а може да се истакне и нејзиното учество како кораководителка и копредавач на серијата меѓународни работилници на тема: Пишување современи приказни преку преобмислување на традиционалните бајки, во текот на 2021 и 2022 година. Малеска одржала предавања за своето творештво и на покана на неколку универзитети, како што се Универзитетот во Алмати, Казахстан (март 2022) и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (декември 2021).

**Научноистражувачка дејност**

Д-р Малеска има објавено повеќе научни трудови од областа на англофонската и македонската книжевност и култура. Особено може да се издвојат научните трудови во меѓународни списанија и публикации: "The Appearance of Dystopian Fiction in Macedonia and Its Ethical Concerns" во книгата *Ethical Futures and Global Science Fiction* во издание на Палгрејв Мекмилан; "Encounters of Cultures in Climate Change Narratives" во книгата *Aspects of Transnationality in American Literature and American English*; "Clones are humans: dystopian elements in Kazuo Ishiguro's *Never Let Me Go*" во меѓународното списание *Journal of Contemporary Philology*; "Why Has London's *The Minions of Midas* Been Disregarded and Undervalued Story?" во меѓународното списание *Vermilion*. Учествувала во бројни национални и меѓународни конференции и собири со свое излагање, организирани од Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот во Ниш (Србија), македонскиот ПЕН-центар, Прато-центарот (Италија) на Универзитетот во Монаш (Австралија), Здружението на преведувачи МАТА, Институтот за духовно и културно наследство на Албанците, Кападокија-универзитетот (Турција). Во периодот од претходниот избор во звањето вонреден професор до сега, кандидатката бил ментор на 3 магистерски труда.

Централен труд во научноистражувачката дејност на д-р Калина Малеска е монографијата *Дискурси на моќ во современата книжевност*, во која го истражува и анализира феноменот на моќта во општествено-политичкиот, културниот и книжевниот контекст, со што прави интердисциплинарна студија во која поврзува повеќе општествени и хуманистички науки, а ги следи и современите текови во општеството и културата.

Д-р Малеска била учесник во неколку национални научни проекти, како и во неколку меѓународни истражувачки проекти, меѓу кои: *(Un)Ethical Futures: Utopia, Dystopia and Science Fiction*, Monash University (Универзитет Монаш), Австралија; и *Awake not Sleeping: Reimagining Fairy Tales for a New Generation*, во организација на UN Women Europe and Central Asia Regional Office (раководител: Анџела Хантер Волш) (септември 2020 – ноември 2021), и тоа како уредник на книга, кораководител на работилници, учесник во сесии за уредување, активности за промоција. Научноистражувачкиот, но и општествениот ангажман на д-р Малеска се забележителни и во нејзините истражувачки трудови што се занимаваат со современи феномени од општественото опкружување, кои ги доведува во корелација со книжевноста и културата, објавувани во списанијата *Окно*, *Културен живот* и *Литературен збор*.

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

Освен остварувањата во науката за книжевност, Калина Малеска е, исто така, истакната авторка на книжевни дела. Од последниот избор до моментот на пријавата, таа објавила три авторски книги, меѓу кои две прозни дела: цикличниот роман за деца *Арно ама* во 2018 година, збирката раскази *Скопје во високата зона* во 2021 година, како и поемата за деца *Вонземјанинот Лу-Ру-Су* во 2021 година. Таа е застапена и во голем број антологии, а нејзините раскази се преведени на неколку јазици и објавени се во повеќе списанија во земјава и во странство.

Д-р Малеска активно се занимава и со книжевен превод, при што има преведено повеќе раскази, книжевно-теоретски и книжевно-критички статии, извадоци од романи, а во овој период го превела и романот *Волшебникот од Оз* од Л. Френк Баум. Понатаму, таа е активна и на полето на уредништвото, и тоа била член на уредувачкиот одбор на списанието *Блесок*, претседател на организацискиот одбор на меѓународната конференција *Студии по англистика: интердисциплинарност во истражувањата и практиката ЕСИДРП* (*English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice – ESIDRP 2019*, член на уредувачкиот одбор на Зборникот од истата конференција, како и член на организацискиот одбор на *ESIDRP 2022*. Во моментов е главен уредник на меѓународното списание *Современа филологија*.

Стручно усовршување во странство остварила со двомесечен студиски престој на Универзитетот во Љубљана, од јуни до август 2018 година, како добитник на стипендијата Civil Society Scholar Award (CSSA). Меѓу 2018 и 2021 година, д-р Малеска е член на Управниот одбор на македонскиот ПЕН-центар.

Д-р Малеска активно е вклучена во работата на бројни комисии на УКИМ, и тоа како: член на Комисијата за Конкурс за доделување на наградата „Блаже Конески“ за студентски есеј, член на комисија за унапредување на наставата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ од октомври 2020 до септември

2021, член на Работната група за првата фаза од постапката за акредитација на студиски и предметни програми од прв циклус студии, ноември 2020 – април 2021.

**Заклучок и предлог**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на д-р Калина Малеска.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатката од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Калина Малеска поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избрана во звањето редовен професор во научната област англиска книжевност и американска книжевност.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, д-р Калина Малеска да биде избрана во звањето редовен професор во научната област историја на книжевноста на германските народи (61212) (Англиска книжевност и Американска книжевност).

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Зоран Анчевски, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Соња Витанова-Стрезова, редовен професор, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:**
Калина Денко Малеска
**Институција:**
Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје
**Научна област:**
(61212) историја на книжевноста на германските народи (Англиска книжевност и Американска книжевност)

### ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус *<br><br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,3.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,7.<br>Просечниот успех изнесува 9,5 за интегрираните студии. | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира<br>Назив на научната област: англистика, поле: наука за книжевноста, подрачје: хуманистички науки. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да |
| 3.1 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: __________<br>2. Назив на електронската база на списанија:___________<br>3. Наслов на трудот: ______________<br>4. Година на објава: ______________ | |
| 3.2 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови<br>**I**<br>1. Назив на научното списание: *Vermilion (Journal of Literature and Art)*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 8 – по 2 од Хонг Конг и од Македонија, по 1 од Србија, САД, Босна и Херцеговина и од Словенија<br>3. Наслов на трудот: “Why Has London’s *The Minions of Midas* Been Disregarded and Undervalued Story?”<br>4. Година на објава: 2017<br>**II**<br>1. Назив на научното списание: *Journal of Contemporary Philology*<br>2. Меѓународен уредувачки одбор (вкупен број членови, број и припадност по земји): 19 – 3 од Македонија, 2 од Русија, 2 од | да<br>2 |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | Полска, по еден од Иран, Белгија, Данска, Романија, САД, Шпанија, Фанција, Хрватска, Канада, Германија, Србија и Италија.<br>3. Наслов на трудот: “Clones are humans: dystopian elements in Kazuo Ishiguro’s *Never Let Me Go*”<br>4. Година на објава: 2019 | |
| 3.3 | Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е објавено во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Назив на научното списание: _________<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД________<br>3. Наслов на трудот: _____________<br>4. Година на објава: _____________ | |
| 3.4 | Книга или дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на Европската Унија и/или ОЕЦД<br>1. Наслов на книгата: *Ethical Futures and Global Science Fiction*, eds. Zachary Kendal, Aisling Smith, Giulia Champion and Andrew Milner. Поглавје: “The Appearance of Dystopian Fiction in Macedonia and Its Ethical Concerns”.<br>2. Назив на членката на ЕУ/ОЕЦД: Австралија<br>3. Издавач, година и место на издавање/објавување: Cham: Palgrave Macmillan, 2020. | да<br>1 |
| 3.5 | Зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји<br>**I**<br>1. Назив на зборникот: *Folia Philologica Macedono-Polonica 9-10/ Зборник на трудови од X македонско-полска научна конференција*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *X македонско-полска научна конференција во рамките на Меѓународниот славистички собир*<br>3. Имиња на земјите: Полска, Македонија, САД<br>4. Наслов на трудот: „Улогата на книжевноста во разнишување на политичката моќ во *Заробениот ум* на Милош“<br>5. Година на објава: 2018<br>**II**<br>1. Назив на зборникот: *Зборник на трудови од X македонско-северноамериканска конференција за македонистика*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *X македонско-северноамериканска конференција за македонистика*<br>3. Имиња на земјите: Македонија, САД, Канада<br>4. Наслов на трудот: „Фокализација и прекршување на времето во избрани раскази на Бирс и на Урошевиќ“<br>5. Година на објава: 2019<br>**III**<br>1. Назив на зборникот: *Proceedings from the international conference English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice – ESIDRP*<br>2. Назив на меѓународниот собир: *English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice – ESIDRP*<br>3. Имиња на земјите: Велика Британија, САД, Србија, С. Македонија, Бугарија, Канада, Литванија<br>4. Наслов на трудот: “Harmonious Coexistence of Incongruous Worlds in *Game of Thrones*”<br>5. Година на објава: 2020<br>**IV**<br>1. Назив на зборникот: *Aspects of Transnationality in American Literature and American English* | да<br>4 |

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| | 2. Назив на меѓународниот собир: *Aspects of Transnationality in American Literature and American English*<br>3. Имиња на земјите: Србија, Хрватска, Босна и Херцеговина, САД<br>4. Наслов на трудот: “Encounters of Cultures in Climate Change Narratives”<br>5. Година на објава: 2020 | |
| 3.6 | Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност<br>1. Наслов на преведеното капитално дело: *Волшебникот од Оз* од Л. Френк Баум<br>2. Датум на објава: 2018<br>3. Издавач, место на издавање и година: Скопје: Арс Ламина, 2018. | да<br>1 |
| 4 | Објавен рецензиран учебник, монографија, практикум или збирка задачи од научната област за која се избира ***<br>1. Наслов на учебникот, монографијата, практикумот или збирката задачи: *Облици на моќ во современата книжевност*<br>2. Место и година на објава: Скопје, 2020. | да<br>1 |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1.12.2017, бр. 1158 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат засновan работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Републиа Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.

***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Зоран Анчевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Соња Витанова-Стрезова, редовен професор, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 2
## КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Калина Денко Малеска**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Филолошки факултет „Блаже Конески“ – Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: (61212) историја на книжевноста на германските народи (Англиска книжевност и Американска книжевност)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| 1. | **Одржување настава**<br>(на матичната институција: Катедра за англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ) | |
| 1.1. | **од прв циклус студии** | |
| | 2017/2018 (зимски семестар)<br>Утопии и антиутопии (2+0), Англиска книжевност 5 (0+2), Англиска книжевност 1 (поезија) (0+2), Англиска книжевност 1 (драма) (0+2)<br>8x15x0,04 | 4,8 |
| | 2017/2018 (летен семестар)<br>Еден американски автор: специјална студија (2+0), Англиска книжевност 2 (драма) (0+4), Англиска книжевност 4 (0+4)<br>10x15x0,04 | 6 |
| | 2018/2019 (зимски семестар)<br>Утопии и дистопии (2+0), Англиска книжевност 5 (0+2), Англиска книжевност 1 (драма) (0+4), Современ англиски јазик 5 – Пишување (2+0)<br>10x15x0,04 | 6 |
| | 2018/2019 (летен семестар)<br>Преглед на теми во американската книжевност (2+0), Англиска книжевност 4 (0+4), Англиска книжевност 2 (драма) (0+2), Современ англиски јазик 6 – Пишување (2+0)<br>10x15x0,04 | 6 |
| | 2019/2020 (зимски семестар)<br>Утопии и дистопии (2+0), Англиска книжевност 5 (0+2), Англиска книжевност 1 (драма) (0+4)<br>8x15x0,04 | 4,8 |
| | 2019/2020 (летен семестар)<br>Преглед на теми во американската книжевност (2+0), Англиска книжевност 4 (0+4), Англиска книжевност 2 (драма) (0+2)<br>8x15x0,04 | 4,8 |
| | 2020/2021 (зимски семестар)<br>Утопии и дистопии (2+0), Англиска книжевност 5 (0+2), Англиска книжевност 1 (драма) (0+4)<br>8x15x0,04 | 4,8 |
| | 2020/2021 (летен семестар)<br>Преглед на теми во американската книжевност (2+0), Англиска книжевност 4 (0+4), Англиска книжевност 2 (драма) (0+2), Постколонијална книжевност (2+0)<br>10x15x0,04 | 6 |
| | 2021/2022 (зимски семестар)<br>Англиска книжевност 5 (2+4), Утопии и дистопии (2+0)<br>8x15x0,04 | 4,8 |
| | 2021/2022 (летен семестар) | 3,6 |

| | | |
|---|---|---|
| | Англиска книжевност 2 (поезија) (2+0), Преглед на теми во американската книжевност (2+0), Постколонијална книжевност (2+0)<br>6x15x0,04 | |
| **1.2.** | **од втор циклус студии** | |
| | 2019/2020 (зимски семестар)<br>Современата утописка мисла<br>3x5x0,05 | 0,75 |
| | 2020/2021 (зимски семестар)<br>Современата утописка мисла<br>3x5x0,05 | 0,75 |
| | 2021/2022 (летен семестар)<br>Современата утописка мисла<br>3x5x0,05 | 0,75 |
| **2.** | **Настава во школи и работилници** | |
| | Пишувачка работилница за новинска критика: рецензии на македонски книжевни дела, раководителка (февруари 2018) | 1,5 |
| | Работилница и трибина на „Литера“ – меѓународен фестивал за детска литература и илустрација, предавач (13 и 14 април 2019) | 1 |
| | Работилница на тема: Академско пишување и пишување апстракти, организирано од одборот на студентската конференција *Како си ми*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, предавач, заедно со д-р Мира Беќар (21.12.2019) | 1 |
| | Работилница одржана онлајн на тема: Пишување резиме за дипломски труд, организирана од Факултетското студентско собрание, Филолошки факултет „Блаже Конески“, предавач, заедно со д-р Мира Беќар (27.06.2020) | 1 |
| | Учество во серија работилници: *Психосоцијална поддршка на наставниците и студентите од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во услови на пандемија*, март – јуни 2021. | 1 |
| | Серија работилници за пишување приказни за деца – reimagining fairy tales, кораководителка, заедно со Анцела Волш, (четири пати дводневни работилници, февруари 2021 – март 2022) | 4 |
| **3.** | **Подготовка на нов предмет** | |
| | Подготовка на предметот *Преглед на теми во американската книжевност*, воведен во студиската програма за прв циклус студии по англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“, акредитирана во 2018 год. | 1 |
| | Подготовка на предметот *Постколонијална книжевност*, воведен во студиската програма за прв циклус студии по англиски јазик и книжевност, Филолошки факултет „Блаже Конески“, акредитирана во 2018 год. | 1 |
| **4.** | **Консултации со студенти** | |
| | Консултации со студенти во академските 2017/2018 (летен семестар), 2018/2019, 2019/2020, 2020/2021, 2021/2022<br>≈ 160 студенти x 0,002 x 9 семестри | 2,9 |
| **5.** | **Ментор на дипломска работа** | |
| | Ментор на дипломска работа: 15 кандидати<br>15x0,2 | 3 |
| **6.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на магистерски труд** | |
| | Член на комисијата за оцена и одбрана на магистерскиот труд на Наталија Стевановиќ под наслов „Шекспир како драма и филм: Интермедијалност, машки поглед и андроцентризам“, ноември 2019. | 0,3 |
| **7.** | **Член на комисија за оцена или одбрана на дипломска работа** | |
| | 47 кандидати x 0,1 | 4,7 |
| **8.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | |
| | Пакет материјали за предметите: | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Утопии и дистопии, Преглед на теми во американската книжевност, Постколонијална книжевност | |
| | **Вкупно** | **79,25** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Ментор на магистерски труд** | |
| | Ментор на магистерскиот труд на Симона Локвенец под наслов „Алузии кон митот на Икар во современата англо-американска поезија“, одбранет во февруари 2020. | 2 |
| | Ментор на магистерскиот труд на Теа Дуза под наслов „Поет / пророк: Демистификација на традиционалната визија на себството во поезијата на Волт Витман и Ален Гинзбер“, одбранет во септември 2020. | 2 |
| | Ментор на магистерскиот труд на Санберк Јусуф под наслов „Модернистичките елементи во поезијата на Езра Паунд и Вели Каник“, одбранет во декември 2020. | 2 |
| **2.** | **Учесник во национален научен проект**: | |
| | Учесник во научноистражувачки проект: *Методи на книжевната херменевтика (интерпретативни стратегии).* Раководител: Катица Ќулавкова. Скопје: МАНУ (2016 – 2018) | 3 |
| | Учество во проектот *Книжевници, книжевни преведувачи и проучувачи на јазикот и книжевноста од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, 2019, раководител: Зоран Анчевски. | 3 |
| **3.** | **Учесник во меѓународен научен проект** | |
| | Учество во меѓународниот истражувачки проект: *(Un)Ethical Futures: Utopia, Dystopia and Science Fiction*, Monash University (Универзитет Монаш), Австралија. Раководители: Ендру Милнер, Зекари Кендал, Ејслинг Смит и Џулија Чемпион, февруари 2018-јануари 2020. | 5 |
| | Учество во меѓународниот проект: *Awake not Sleeping: Reimagining Fairy Tales for a New Generation* (*25 Stories for 25 Years: Telling Feminist Stories Initiative*), во организација на UN Women Europe and Central Asia Regional Office, септември 2020 – ноември 2021. Уредник на книга, учесник во работилници, кораководител на работилници, сесии за уредување, активности за промоција. Раководител: Анцела Хантер Волш. | 5 |
| | Учество во проектот: “Gender equality today for a sustainable tomorrow” („Родова еднаквост денес за одржливо утре) како консултант (Content Writer and Editor), во организација на Канцеларијата на UN Women во Скопје, февруари – март 2022. | 5 |
| | Учество во проектот: “Development of poetic and prose creativity in Russian and English in Tajikistan” како консултант, во организација Open Society Institute Assistance Foundation - Tajikistan (OSIAF Tajikistan), раководител: Зебунисо Мансурова, февруари – мај 2022. | 5 |
| **4.** | **Монографија** | |
| | *Облици на моќ во современата книжевност*, Скопје: Или-Или, 2020. | 8 |
| **5.** | **Дел од монографија** | |
| | Малеска, Калина. „Деконструкцијата како стратегија која ги поткопува доминантните идеологии “. *Методи и толкувања на книжевната херменевтика*. Том II. Редактор: академик Катица Ќулавкова. Скопје: МАНУ, 2018. 143-160. | 4 |
| | Малеска, Калина. „Има ли духови во куќата во ‘Духови в куќа’?“. *Методи и толкувања на книжевната херменевтика*. Том II. Редактор: академик Катица Ќулавкова. Скопје: МАНУ, 2018. 161-178. | 4 |
| **6.** | **Дел од монографија објавена во странство** | |

| | | |
|---|---|---|
| | Maleska, Kalina. “The Appearance of Dystopian Fiction in Macedonia and Its Ethical Concerns”. *Ethical Futures and Global Science Fiction*, eds. Zachary Kendal, Aisling Smith, Giulia Champion and Andrew Milner. Palgrave Macmillan, 2020. 261-281. | 6 |
| **7.** | **Труд со оригинални научни резултати, објавен во научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор во кој учествуваат членови од најмалку три земји, при што бројот на членови од една земја не може да надминува две третини од вкупниот број на членови** | |
| | Maleska, Kalina. “Why Has London’s *The Minions of Midas* Been Disregarded and Undervalued Story?” *Vermilion (Journal of Literature and Art)* No 2, 2017. 44-59. | 5 |
| | Maleska, Kalina. “Clones are humans: dystopian elements in Kazuo Ishiguro’s *Never Let Me Go*” („Клоновите се луѓе: елементи на дистопија во „Никогаш не ме напуштај“) од Казуо Ишигуро“. *Journal of Contemporary Philology* (*Современа филологија*), јуни 2019. 127-142. | 5 |
| **8.** | **Трудови со оригинални научни/стручни резултати, објавени во зборник на рецензирани научни трудови, презентирани на меѓународни академски собири каде што членовите на програмскиот или научниот комитет се од најмалку три земји** | |
| | Малеска, Калина. „Улогата на книжевноста во разнишување на политичката моќ во *Заробениот ум* на Милош“, *Зборник на трудови од меѓународната X македонско-полска научна конференција*. Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2018. 231-241. | 5 |
| | Малеска, Калина. „Фокализација и прекршување на времето во избрани раскази на Бирс и на Урошевиќ“. *Зборник на трудови од X македонско-северноамериканска конференција за македонистика*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, 2019. 265-280. | 5 |
| | Maleska, Kalina. “Harmonious Coexistence of Incongruous Worlds in *Game of Thrones*”, *Proceedings from the international conference English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice – ESIDRP*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, 2020. 173-185. | 5 |
| | Maleska, Kalina. “Encounters of Cultures in Climate Change Narratives”, *Aspects of Transnationality in American Literature and American English*, eds. Aleksandra Izgarjan, Dubravka Đurić and Sabina Halupka-Rešetar. Novi Sad: Filozofski fakultet, 2020. 314-329. | 5 |
| **9.** | **Преводи на капитални дела во области кои ги утврдува Националниот совет за високо образование и научноистражувачка дејност** | |
| | *Волшебникот од Оз* од Л. Френк Баум. Скопје: Арс ламина, 2018 (превод од англиски јазик) | 5 |
| **10.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно/стручно списание** | |
| | Малеска, Калина. „Подземните светови на имагинацијата како можност за алтернативна реалност“. *Литературен збор 1-6*, Скопје, 2017. 17-24. | 3 |
| | Малеска, Калина. „Обликот на национализмот“, *Окно* јануари 2018. https://okno.mk/node/69276 | 3 |
| | Малеска, Калина. „Постои ли неангажирана книжевност?“, *Окно*, 01.08.2018. https://okno.mk/node/72837 | 3 |
| | Малеска, Калина. „Хибридните аспекти на *Бдеењето на Одисеј*“. *Културен живот 1-2, 2018*, стр. 106-107. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Малеска, Калина. „Чудновија: земја создадена од бајки и отстапки“ *Културен живот* 3-4, 2018. | 3 |
| | Малеска, Калина. „Стекнување знаење во *Игра на тронови*“, *Културен живот* 1-2/ 2019. 84-89. | 3 |
| | Maleska, Kalina. “The Ethical, Aesthetic and Political through a War Story”, *The Macedonian P.E.N. Review 2019*, Скопје: Македонски ПЕН центар, 2019. 127-129. | 3 |
| | Малеска, Калина. „По повод сто години од раѓањето на Владо Малески: преведување на *Она што беше неб* на англиски – лично искуство“. *Литературен збор 1-6*, Скопје 2019. 25-30. | 3 |
| | Малеска, Калина. „‘Cripples and bastards and broken things’: Поткопување на идеологии и на биолошки детерминизам во *Игра на тронови*“. *Окно*, 10.6.2019. https://okno.mk/node/78747 | 3 |
| | Малеска, Калина. „Короната и социјалните медиуми“, *Окно*, 14.04.2020 https://okno.mk/node/83951 | 3 |
| | Maleska, Kalina. “What do We Become when almost All the Known World Disappears: about *The Road* by Cormac McCarthy” („Што останува кога скоро сè што ни е познато ќе исчезне“), *Blesok* 130-132, 2020. | 3 |
| | Малеска, Калина. „Лични приказни со општочовечка димензија: кон збирката *Во главата слушам песна* од Елизабета Баковска“. *Културен живот* 3-4/2020, стр. 86-8. | 3 |
| | Малеска, Калина. „Родови аспекти во македонската романескна продукција во 2020 година“. *Стожер* бр. 139, 2021. | 3 |
| | Малеска, Калина. „Помалку контрола за помалку препишување: една можна идеја“, *Окно,* 11.11.2021 https://okno.mk/node/91419 | 3 |
| **11.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во зборник на трудови од научен собир** | |
| | Малеска, Калина. „Има ли молк во преиспитувањето на големите имиња од македонската книжевност?“ Зборник трудови од меѓународната конференција *Критика и молк: читање на македонската литература и култура (Criticism and Silence: Reading of Macedonian Literature and Culture)*. Институт за македонска литература – Скопје, 2017. 309-316. | 2 |
| | Maleska, Kalina. “Violence Used for Various Purposes: Warning, Sensationalism, Characterization”. Proceedings from the international writers’ meeting in Bled, Slovenia, 23-26.09.2020. *52nd International Writers’ Meeting*. Ljubljana: Slovenski center PEN. | 2 |
| | Малеска, Калина. „Албански ликови во македонската книжевност“, *Балканологија* 2. Скопје: Институт за духовно и културно наследство на Албанците, 2020. 226-334. | 2 |
| **12.** | **Труд објавен во зборник на трудови на в.о. институција** | |
| | Малеска, Калина. „Приказ на конференцијата ESIDRP – English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice 2019“. *Годишен зборник на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, бр. 45, 2019. 255-258. | 2 |
| **13.** | **Рецензија на научен/стручен труд** | |
| | Малеска, Калина. „Островград – град што не е само остров“. *Блесок* блог, април 2018. | 0,2 |
| | Малеска, Калина „Суптилни приказни за болката и неприспособеноста: кон *Антарктик* од Клер Киган“, *Медуза*, декември 2021. | 0,2 |
| | Малеска, Калина. „Кон *Молчи со отворена уста* од Снежана Младеновска Анѓелков“, *Heroj na eden den*, 02.12.2019 | 0,2 |
| | „Исечоци од два (или еден разделен на два) живота: кон *Шрапнел* од Игор Анѓелков, *Heroj na eden den*, 24.08.2020. | 0,2 |
| **14.** | **Секциско предавање на научен/стручен собир** | |

| | | |
|---|---|---|
| | „Меѓу јазикот на децата и јазикот на авторот“, 7. годишна конференција на МАТА *Безброј нијанси на книжевниот превод*, организирана од Здружението на преведувачи на Република Северна Македонија, Скопје 14.12.2019. | 1 |
| **15.** | **Секциски предавања на научен собир со меѓународно учество** | |
| | “Combining Theories in Analyzing Jack London’s Stories”, меѓународна конференција *Language, Literature, Theory*, Филозофски факултет при Универзитетот во Ниш, 27 – 28 април 2018. | 2 |
| | “Undertaking Vocabulary Research in the Translation of *Tristram Shandy*”. *3rd International Conference on Social Sciences and Humanities (IBU-ICSSH2018)*. International Balkan University Skopje, 4 – 6 мај 2018. | 2 |
| | „Заеднички елементи во расказите на Бирс и Урошевиќ“. *X македонско-северноамериканска конференција за македонистика*, Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, Охрид, 30.8 – 1.9.2018. | 2 |
| | “Harmonious Coexistence of Incongruous Worlds in *Game of Thrones*”, меѓународна конференција *English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice – ESIDRP*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, 21 – 23 март 2019. | 2 |
| | “The Ethical, Aesthetic and Political through a War Story”, *17. регионална конференција на македонскиот ПЕН-центар*. Отешево, Преспа, 6 – 9 јуни 2019. | 2 |
| | “Global Warming and Local Pollution: Environmental Issues in Kim Stanley Robinson’s *Forty Signs of Rain*, Branko Prlja’s *Apocalypse.mk* and Ivan Shopov’s *The Chronicles of Arslan Novinarski*”, меѓународна конференција *Utopia, Dystopia and Climate Change: The 20th Conference of the Utopian Studies Society*, organized by *Utopian Studies Society*, Monash University Prato Centre, Italy, 1-5 July, 2019. | 2 |
| | „Албански ликови во македонската книжевност“, меѓународна конференција *Сликата на Другиот во балканската култура*, Скопје: Институт за духовно и културно наследство на Албанците – Скопје, 26 – 27 октомври 2019. | 2 |
| | “Future Vision and Present Reality of Pandemics in *Rabies* and *Quarantine Stories*. Меѓународна конференција: *Living in the End Times: Utopian and Dystopian Representations of Pandemics in Fiction, Film and Culture*, на Cappadocia University, 13-15 January 2021. | 2 |
| | „И отсуството е индикација: родови аспекти во македонски романи“. *XLVIII меѓународна научна конференција при Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура*, Охрид, 3 – 4 септември 2021. | 2 |
| | „Книжевните истражувања на литературата на Блаже Конески“, Меѓународен научен собир *100 години Блаже Конески и 75 години Филолошки факултет*, на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ – Скопје, УКИМ, 13 – 14 декември 2021. | 2 |
| | “Integrating Narratives into Textbooks”, меѓународна конференција *English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice – ESIDRP*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, 7 – 9 април 2022. | 2 |
| **16.** | **Одржано предавање по покана на универзитет** | |
| | Гостин предавач на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, кај проф. Јованка Денкова, за книгата *Вонземјанинот Лу-Ру-Су*, декември 2021. | 1 |
| | Гостин предавач на Универзитетот во Алмати, Казахстан (преку видеоплатформа), кај проф. Анастасија Нам, на тема: Раскази за деца, март 2022. | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| 17. | **Апстракти објавени во зборник на конференција (меѓународна)** | |
| | “Combining Theories in Analyzing Jack London’s Stories”, *Language, Literature, Theory Conference: Book of Abstracts*. Niš: University of Niš: Faculty of Philology, 2018. | 1 |
| | “Undertaking Vocabulary Research in the Translation of *Tristram Shandy*”. *3rd International Conference on Social Sciences and Humanities: Book of Abstracts*. Skopje: International Balkan University, 2018. | 1 |
| | “*The Court Poet in a Flying Machine* as a Postapocalyptic Novel”, *Книга со апстракти за Трета меѓународна научна конференција ’ФИЛКО’ – филологија, култура и образование*. Штип: Универзитет „Гоце Делчев“, 2018. | 1 |
| | “Global Warming and Local Pollution: Environmental Issues in Kim Stanley Robinson’s *Forty Signs of Rain*, Branko Prlja’s *Apocalypse.mk* and Ivan Shopov’s *The Chronicles of Arslan Novinarski*”. *Utopia, Dystopia and Climate Change: Book of Abstracts*. Prato: Monash University Prato Centre & *Utopian Studies Society*, 2019. | 1 |
| | **Вкупно** | **168,8** |

**СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| 1. | **Книга од стручна област – автор** | |
| | Малеска, Калина. *Арно ама*. Скопје: Или-Или, 2018. | 8 |
| | Малеска, Калина. *Скопје во високата зона*. Скопје: Или-Или, 2021. | 8 |
| | Малеска, Калина. *Вонземјанинот Лу-ру-су*. Скопје: Или-Или, 2021. | 8 |
| 2. | **Поглавје во книга – автор** | |
| | Maleska, Kalina. “A Different Kind of Weapon”, *Best European Fiction 2018*, edited by Alex Andriesse. Dalkey Archive Press, 2017. | 3 |
| | Maleska, Kalina. “The Nonhuman Adversary”, *Contemporary Macedonian Fiction*, edited and translated by Paul Filev. Dalkey Archive Press, 2019. | 3 |
| | Малеска, Калина. „’Следбениците на Мида’ – истражување на последиците од систем на неправди“, *Десетте најдобри раскази на светот*, Скопје: Темплум, 2019. 74-78. | 3 |
| | Maleska, Kalina. “Mizat” – расказ во превод на албански јазик во антологијата *Раскажувачки светови. Botë Narrative*. Уредници: Лорета Георгиевска, Мишел Павловски, Арлин Фаризи. 40-44. | 3 |
| | Раскази во превод на српски во ПОЉА/POLJA 2019. | 3 |
| | “The Master of the Mahala” во меѓународното списание за литература *Asymptote*, октомври 2019. | 3 |
| | “Nečovečni antagonist” (расказ на српски јазик, превод: Сашо Огненовски). *Sinhrono*, 01.06.2020. | 3 |
| | “Mravi” (расказ на хрватски јазик, превод: Борјана Прошев-Оливер). *čovjek-časopis*, 24.08.2020. | 3 |
| | Малеска, Калина. „Немирни сеќавања со траги во сегашноста“, поговор кон *Во главата слушам песна* од Елизабета Баковска, Скопје: Или-Или, 2020. 91-95. | 3 |
| | Maleska, Kalina. “The Child without Golden Hair” во збирката *Awake not Sleeping: Reimagining Fairy Tales for a New Generation*, 2021. | 3 |
| | Maleska, Kalina. “The Room with Formulas on the Wall” во збирката *Awake not Sleeping: Reimagining Fairy Tales for a New Generation*, 2021. | 3 |
| | Малеска, Калина. „Врвки“, „Колачиња од Шкофја Лока“, „Бунтот на знаците“. *Цинцуце во земјата на афионите: антологија на македонскиот краток расказ*, Темплум 2022. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | Малеска, Калина. „Роман што се преиспитува самиот себеси“. Поговор кон *Адамовото ребро* од Оливера Николова. Скопје: Арс Ламина, 2022. | 3 |
| **3.** | **Авторство на одредница во речник или енциклопедија** | |
| | Малеска, Калина. Одредници: „Постапокалиптична проза“; „Нефикција“; „Минимализам“, „Меганаратив“. *Поимник на книжевната теорија*, второ дополнето издание. Приредувач: академик Катица Ќулавкова. Скопје: МАНУ, 2022. (0,05/1875 знаци) | 0,2 |
| | Малеска, Калина. „Одредница за Румена Бужаровска“ во *Книжевници – наставници од Филолошкиот факултет I том. Книжевници, книжевни преведувачи и проучувачи на јазикот и книжевноста од Филолошкиот факултет „Блаже Конески“*, уредник Зоран Анчевски et al., Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2019. 369-375. (0,05/1875 знаци) | 0,3 |
| **4.** | **Член на национална жири-комисија** | |
| | Член на жири-комисијата на Седмиот годишен натпревар по читање за ученици од средно училиште (Seventh Annual Reading Competition for High School Students Celebrating the Bicentenary of the Birth of Emily Brontë and the literary output of the Brontë family), организиран од University American College Skopje, 2018. | 1 |
| | Член на жири-комисија за доделување награда за најдобар млад преведувач ВАВИЛОН, во организација на Здружението на преведувачи (МАТА) и ЕУ Инфоцентарот, 2019. | 1 |
| | Член на жири-комисија за доделување награда за најдобар млад преведувач ВАВИЛОН, во организација на Здружението на преведувачи (МАТА) и ЕУ-инфоцентарот, 2020. | 1 |
| | Член на жири-комисија за наградата „Роман на годината“, 2021. | 1 |
| **5.** | **Превод на дел од книга** | |
| | Превод на седум текстови во *Македонско-словачки книжевни, културни и јазични врски II / Macedónsko-slovenské literárne, kultúrne a jazykové vzťahy II / Macedonian_Slovak Literary, Cultural and Linguistic Relations II*. Уредници: Маја Јакимовска-Тошиќ, Звонко Танески, Славчо Ковилоски. Скопје: Институт за македонска литература, 2017. | 1 |
| | Превод на Предговорот на Иван Цепароски кон антологијата *Арката на Ное: Поезија и Animalia*, во издание на Струшки вечери на поезијата 2019. | 1 |
| | Превод на извадок од романот *Страв од варвари* од Петар Андоновски за European Union Prize for Literature, 2020. | 1 |
| | Превод на извадок од романот *Неверство* од Петар Андновски за словенечката издавачка куќа Goga Publishing House, 2020. | 1 |
| **6.** | **Превод на статија** | |
| | „Одење на прошетка“ од Макс Бирбом. Превод од англиски на македонски. *Блесок* 117, 2017. | 0,5 |
| | “I want to write another good song in my life” интервју на Љупчо Јолевски со Влатко Стефановски. Превод од македонски на англиски. *Блесок 118*, 2018. | 0,5 |
| | “Recommendation for Translation: A Novel with the Colour of Saffron” (Arudhati Roy: “The Ministry of Utmost Happiness”, Knopf, London, 2017) од Оливера Ќорвезироска. Превод од македонски на англиски. *Блесок 119*, 2018. | 0,5 |
| | “The Established Woman’s Voice in Macedonian Prose” од Весна Мојсова Чепишевска. Превод од македонски на англиски. *Vermilion Journal 3*, 2018. | 0,5 |
| | “The War through Double Lens: Fictional and Epistolary Testimonies about the First World War in Macedonian Context” од Роберт Алаѓозовски. Превод од македонски на англиски. *The Macedonian P.E.N. Review 2018*. | 0,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | "Vlada Urošević – a Sketch for a Poetic Portrait" од Лидија Капушевска-Дракулевска. Превод од македонски на англиски: Милан Дамјаноски и Калина Малеска. *The Macedonian P.E.N. Review 2019*. | 0,5 |
| | "The Power of Poetry" од Лидија Капушевска-Дракулевска. Превод од македонски на англиски. *The Macedonian P.E.N. Review 2019*. | 0,5 |
| | "Search for a Story" од Лидија Капушевска-Дракулевска. Превод од македонски на англиски. *The Macedonian P.E.N. Review 2019*. | 0,5 |
| | "Chronysteric, Tribune, Clown" од Александар Прокопиев. Превод од македонски на англиски. *The Macedonian P.E.N. Review 2019*. | 0,5 |
| | "The Ethical, Aesthetic and Political in Daša Drndić's Novels" од Анастасија Ѓурчинова. Превод од македонски на англиски. *The Macedonian P.E.N. Review 2020*. | 0,5 |
| | "The Literature has been Gone for Too Long!" од Оливера Ќорвезироска. Превод од македонски на англиски. *The Macedonian P.E.N. Review 2020*. | 0,5 |
| | "Macedonian Poetry through the Lens of the Sublime" од Лидија Капушевска-Дракулевска. Превод од македонски на англиски. *The Macedonian P.E.N. Review 2020*. | 0,5 |
| **7.** | **Предавање на институции од јавен интерес, културно-информатини центри** | |
| | Учество на фестивали/читања/иницијативи:<br>„Креативни точки“, во организација на ЦККС, Лешок, 2017, и октомври 2018;<br>„Бук-стар“, октомври 2017, ноември 2018 и октомври 2019;<br>„Астални проекции“, ноември 2017;<br>„ПичПрич – вечери на раскажување на женски приказни“, Велес, октомври 2019;<br>„Друга приказна“, септември 2020;<br>„Прво па женско“ #9, јуни 2021. | 3 |
| | Учество во Меѓународната книжевна средба 'S otoka na kopnu k otoku na moru', одржана во Зларин, Хрватска, 19 – 20 мај 2018. | 0,5 |
| | Учество во дискусија при доделувањето на наградата за најдобар млад преведувач „Вавилон“, во организација на ЕУ-инфоцентарот во Скопје и Здружението на преведувачи на РМ, септември 2018. | 0,5 |
| | Учество на меѓународниот фестивал ПРО-ЗА Балкан, септември 2020. | 0,5 |
| | Гостин предавач во меѓународното училиште „Нова“ кај Деспина Мукоска за книгата *Арно ама*, декември 2021. | 0,5 |
| **8.** | **Лекторирање на трудови на странски/македонски јазик** | |
| | Лектура на стручни текстови за *Социолошка ревија/The Sociological Review* бр. 1 за 2017, во издание на Здружението на социолози на Република Македонија и Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје. | 1 |
| | Лектура на стручни текстови за *Социолошка ревија/The Sociological Review* бр. 2 за 2017, во издание на Здружението на социолози на Република Македонија и Институтот за социологија при Филозофскиот факултет во Скопје. | 1 |
| **9.** | **Стручна редакција на трудови на странски/македонски јазик** | |
| | Редактирање на романот *Сула* од Тони Морисон на македонски, во превод на Љубица Арсовска. Скопје: Арт конект 2020. | 1 |
| | Редактирање / уредување на сликовницата за деца *Медена земја* од 10-12 години, октомври – ноември 2020. | 1 |
| | Редактирање на романот *Антарктик* од Клер Киган на македонски, во превод на Ацо Пероски. Скопје: Арт конект 2021. | 1 |
| **Дејности од поширок интерес** | | |
| **10.** | **Уредник на меѓународно научно списание** | |
| | Уредник на меѓународното списание *Современа филологија*, од јуни 2021. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| **11.** | **Член на уредувачки одбор на научно/стручно списание** | |
| | Член на уредувачкиот одбор на деловите „Критики, есеи“ и „Проза“ во меѓународното електронско списание *Блесок* (до октомври 2018) | 0,5 |
| | Член на уредувачкиот одбор на *The Macedonian P.E.N. Review* 2018 и 2019 година. | 0,5 |
| **12.** | **Уредник на зборник на трудови од научен собир** | |
| | Член на уредувачкиот одбор на Зборникот од меѓународната конференција *English Studies at the Interface of Disciplines* (ESIDRP), Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, 2019. | 1 |
| **13.** | **Претседател на организационен или програмски одбор на меѓународен научен/стручен собир** | |
| | Претседателка на организацискиот одбор на меѓународната конференција *Студии по англистика: интердисциплинарност во истражувањата и практиката ЕСИДРП* (*English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice – ESIDRP 2019)*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, 2019. | 2 |
| **14.** | **Член на организационен или програмски одбор на меѓународен научен собир** | |
| | Член на организацискиот одбор на меѓународната конференција *English Pronunciation: Issues and Practices* Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, мај 2019. | 1 |
| | Член на организацискиот одбор на меѓународната конференција *Студии по англистика: интердисциплинарност во истражувањата и практиката ЕСИДРП* (*English Studies at the Interface of Disciplines: Research and Practice – ESIDRP 2022)*, Скопје: Филолошки факултет „Блаже Конески“, УКИМ, 2022. | 1 |
| **15.** | **Студиски престој во странство – до три месеци** | |
| | Престој на Универзитетот во Љубљана, 15.6. – 20.8.2018, како добитник на стипендијата Civil Society Scholar Award (CSSA). | 0,5 |
| **16.** | **Член на факултетска комисија** | |
| | Филолошки факултет, УКИМ: член на Комисијата за Конкурс за доделување на наградата „Блаже Конески“ за студентски есеј, 2018. | 0,5 |
| | Член на комисија за унапредување на наставата на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“, октомври 2020 – септември 2021. | 0,5 |
| | Член на Работната група за првата фаза од постапката за акредитација на студиски и предметни програми од прв циклус студии, ноември 2020 – април 2021. | 0,5 |
| | **Координатор на студиска програма** | |
| | Координатор за ЕКТС на Катедрата за англиски јазик и книжевност при Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје. | 1 |
| | **Раководител на постдипломски или докторски студии** | |
| | 2017 – 2019, Филолошки факултет, УКИМ: раководителка на Одбор за постдипломски студии. | 2 |
| | **Учество во комисии и тела на државни и други органи** | |
| | Член на управниот одбор на македонскиот ПЕН-центар (2018 – 2021). | 1 |
| | Член на Националната комисија за учебници за основно и средно образование (август 2017 – август 2019). | 1 |
| | **Вкупно** | **103,5** |

| ПРОФЕСИОНАЛНИ РЕФЕРЕНЦИ НА КАНДИДАТОТ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ | Поени |
|---|---|
| **НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ** | **79,25** |
| **НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **168,8** |
| **СТРУЧНО-УМЕТНИЧКА ДЕЈНОСТ** | **/** |
| **СТРУЧНО-ПРИМЕНУВАЧКА ДЕЈНОСТ** | **103,5** |
| **Вкупно** | **351,55** |

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Зоран Анчевски, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Рајна Кошка-Хот, редовен професор, с.р.**
**Проф. д-р Соња Витанова-Стрезова, редовен професор, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА ТЕКСТОТ „ТЕРМИНИ И ТЕРМИНОЛОШКИ ИЗРАЗИ ОД ДОМЕНОТ НА ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19 ВО МАКЕДОНСКИОТ, ВО ФРАНЦУСКИОТ И ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК“ (ТЕРМАКФРИТ) ОД ПРОФ. Д-Р СЛАВИЦА ВЕЛЕВА, ПРОФ. Д-Р ИРИНА БАБАМОВА И ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА САРЖОСКА

„Термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик“ е едногодишен научноистражувачки проект за учебната 2021/2022 година, финансиски поддржан од УКИМ во Скопје, носител на проектот е Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, а истражувачи се Славица Велева, Ирина Бабамова и Александра Саржоска.

Текстот, предложен за печатење, содржи: Предговор, Прв дел, Поимник, Втор дел и Користена литература и има 113 страници.

Во **предговорот,** авторките истакнуваат дека пандемијата на КОВИД-19 предизвика промени во општествените контексти на глобален план што директно се одразија на јазичен план. Во речиси сите јазици се наметна зголемена потреба за соодветни термини и терминолошки изрази поврзани со пандемијата. Од крајот на 2019 година, а особено од март 2020 г., кога СЗО прогласи пандемија на КОВИД-19, па до денес, сѐ уште е актуелен процесот на справување со јазичниот предизвик за именување на појавите и на процесите, тесно поврзани со пандемијата.

**Поимникот** е главниот дел од овој проект. Содржи над 250 термини и терминолошки изрази. Бројот на термини и терминолошки изрази не е конечен со оглед на тоа што во моментот на завршувањето на работата врз овој научноистражувачкиот проект во предвидениот рок (31 јануари 2022 г.), сѐ уште не беше означен крај на  пандемијата. Примерите се дадени на трите јазици, следи нивното толкување и контекстот каде што се употребени. Најголем број од нив се од областа на медицината (аносмија, асимптоматски, вакцина, соеви, вирологија); називи на институции;  називи на средства за дезинфекција, називи на вакцини и др.

Во **вториот дел** следува споредбена синтеза на согледувањата  во врска со термините и терминолошките изрази од доменот на пандемијата на ковид-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик. Авторките, прво, даваат преглед на проучувањата на оваа специфична лексика во повеќе држави, како и во институтите за јазик во кои се објавени, главно поимници и мали речници на оваа проблематика. Потоа се задржуваат на начините на создавање термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19: преку морфолошкиот начин на зборообразување и создавање низи зборови од ист корен (*вакцина / вакцинација / вакцинира / вакциниран / вакцинален*), лексичко-семантички начин при што на збор од општиот јазик му се додава дополнително значење што води до  терминологизација (*епицентар*), со прифаќање  називи од други јазици, како резултат на заемање или на калкирање, најчесто од англискиот јазик, што се еден вид глобални англизми ( *инфодемија, имунитет на стадо, локдаун, бустер*) и др. Пандемијата предизвика и актуализирање на низа терминолошки изрази од други сфери на општествениот живот, особено во образованието што се реализираше во специфични услови, а како резултат на тие процеси се зголеми фреквентноста на изразите: *учење на далечина, настава со физичко присуство (физичка настава), комбинирана/хибридна настава, ТВ-училница, онлајн настава, онлајн платформа (Zoom, Microsoft Teams, Google classroom)*, но овие примери не се наведени во Поимникот. Авторките во две поглавја се задржуваат и на структурата на термините и нивните изведенки, како и на составот на терминолошките изрази во трите јазика.

### ЗАКЛУЧОК

Проучувањето на терминолошкиот потенцијал во трите засегнати јазици и посочувањето на сличностите и разликите во именувањето на појавите и на процесите предизвикани од пандемијата на КОВИД-19 е заеднички за трите јазични средини (македонската, француската и италијанската). Акцентот е ставен на евидентирањето на називите и на начинот на кој секој од овие јазици изнаоѓа терминолошки решенија за именување на иста појава и ист процес.

Ова истражување е прво од ваков тип и опфаќа евидентирање, јазично проучување и споредба на термините и терминолошките изрази во трите јазици, а резултатите од него ќе бидат во функција на промовирањето на македонскиот јазик во однос на два јазика од Европската Унија (францускиот и италијанскиот).

Од сето кажано досега, топло препорачувам печатење на  текстот од проектот „Термини и терминолошки изрази од доменот пандемијата на КОВИД-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик“ (ТЕРМАКФРИТ), но и негова електронска верзија за да биде достапен до што поголем круг читатели.

**19.6.2022 г.**

**Рецензент**
**Проф. д-р Катерина Велјановска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## НА ТРУДОТ ПОД НАСЛОВ:
## „ТЕРМИНИ И ТЕРМИНОЛОШКИ ИЗРАЗИ ОД ДОМЕНОТ НА ПАНДЕМИЈАТА НА КОВИД-19 ВО МАКЕДОНСКИОТ, ВО ФРАНЦУСКИОТ И ВО ИТАЛИЈАНСКИОТ ЈАЗИК“ (ТЕРМАКФРИТ) ОД ПРОФ. Д-Р СЛАВИЦА ВЕЛЕВА, ПРОФ. Д-Р ИРИНА БАБАМОВА И ПРОФ. Д-Р АЛЕКСАНДРА САРЖОСКА

Врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, бр. 09-155/12, донесена на седумдесет и втората редовна седница одржана на 18.5.2022 година, бев избрана за рецензентка за оцена на трудот под наслов „Термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик“ (ТЕРМАКФРИТ) од проф. д-р Славица Велева, проф. д-р Ирина Бабамова и проф. д-р Александра Саржоска.

Прифаќајќи ја со задоволство доверената задача, чест ми е да го поднесам следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Трудот под наслов „Термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик (ТЕРМАКФРИТ)“ содржи 113 страници компјутерски обработен текст, кој е поделен на следниве делови: Предговор; Прв дел (под наслов: *Македонско-францускo-италијански поимник на термини и терминолошки изрази поврзани со пандемијата на КОВИД-19*); Втор дел (под наслов: *Споредбена синтеза на согледувањата во врска со термините и терминолошките изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик*), во кој се поместени и следниве поднаслови: *Начини на создавање термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19, Некои карактеристики на термините и на терминолошките изрази во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик, Структура на термините и терминолошките изрази во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик, Терминолошки изрази во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик*; Користена литература и Сајтографија.

Во предговорот, авторките ги наведуваат причините поради кои е создаден овој труд, односно потребата да се согледа терминолошкиот потенцијал во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик во однос на актуелната пандемија на КОВИД-19 и да се посочат сличностите и разликите во именувањето на појавите и на процесите предизвикани од пандемијата, заеднички за трите јазични средини, што ќе резултира со изработка на поимник, кој може да најде научна, стручна и практична примена во понатамошните јазични и научни истражувања.

Во првиот дел, кој претставува најобемен дел од трудот, под наслов: *Македонско-француско-италијански поимник на термини и терминолошки изрази поврзани со пандемијата на КОВИД-19*, следува преглед на повеќе од 250 термини и терминолошки изрази избрани врз основа на нивната функционалност и поврзаност со тематики од областа на пандемијата на КОВИД-19, ексцерпирани од објавени текстови кои се наоѓаат на официјалните интернет-страници на државни институции, на дневни весници, на новински агенции, стручни списанија и сл. При претставувањето на термините, покрај евидентираниот термин/терминолошки израз, се наведува и значењето на македонски јазик, формулирано врз основа на постојните значења во речниците на македонски јазик, во текстови од закони или во научни и стручни текстови. За значењето на дел од евидентираните примери, за кои не се најдени соодветни толкувања во овие бази, се наведуваат преводи на значење од електронски лексички бази или речници од францускиот и од италијанскиот јазик. По значењето се наведува пример за употребата на терминот/терминолошкиот израз заедно со изворот со кој се потврдува таа употреба. Потоа се наведува еквивалентот на француски и на италијански јазик.

Во вториот дел, под наслов: *Споредбена синтеза на согледувањата во врска со термините и терминолошките изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик*, авторките даваат краток преглед на новонастанатата реалност од аспект на лингвистиката и терминологијата, наведувајќи конкретни примери на делување во регионов, во Европа и во светот.

Во делот насловен *Начини на создавање термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19*, кој претставува, исто така, значаен дел од трудот, авторките ги наведуваат начините на создавање термини и терминолошки изрази од овој домен во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик (1. преку активирање на

зборообразувачкиот систем, т.е. преку морфолошкиот начин на зборообразување, при што се добиваат зборообразувачки низи, како на пример: *вакцина / вакцинација / вакцинира / вакциниран / вакцинален*; 2. преку лексичко-семантички начин на зборообразување, при што на збор од општиот јазик му се додава дополнително значење што води до терминологизација, а јазичните единици активираат определени семантички прототипови, метафори, слики и чувства, како во примерите со зборовите *епицентар, жариште, криза*; 3. со преземање називи од други области, т.е. преку ретерминологизација, како, на пример, зборовите: *кластер, сој, скафандер, алгоритам*; 4. со навлегување на голем број зборови од медицинската стручна терминологија во општојазична употреба, како, на пример, зборовите: *коморбидитет, респиратор, сатурација, вирологија, епидемија, пандемија, инфекција, имунитет* и други; 5. со прифаќање називи од други јазици, како резултат на заемање или на калкирање, најчесто од англискиот јазик, како, на пример, зборовите: *инфодемија, имунитет на стадо, локдаун, бустер*).

Во поднасловот *Некои карактеристики на термините и на терминолошките изрази во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик*, се наведува дека
промените на лексички план се рефлектираат и врз јазичните стандарди во трите јазици при што, во македонскиот јазик, дел од називите се усогласени со фонолошките, морфолошките, зборообразувачките и синтаксичките карактеристики на јазикот, а дел од нив сѐ уште се предизвик за лингвистите во однос на нивната стандардизација. Во францускиот јазик, лексикографите интензивно ги евидентирале овие зборови кои се веќе воведени најнапред во електронските, а потоа и во печатените лексикографски изданија на речникот на францускиот јазик *Le petit Robert*, со што е означено нивното официјално влегување во францускиот јазик, како и стандардизирање во однос на правописот. Во италијанскиот јазик, се констатира дека дел од називите сѐуште не се прифатени во речниците, што значи дека нема можност да се утврди ставот на лексикографите во однос на адаптацијата на термините. Авторките наведуваат дека во трите јазици се забележува и навлегување на голем број заемки и калки од и преку англискиот јазик и покрај нивната формална и семантичка неприспособливост кон јазичните стандарди (на пример, во македонскиот јазик: *локдаун, бустер, корона-парти* и др.), како и актуализирање на низа терминолошки изрази од други сфери на општествениот живот, особено во образованието (на пр., *комбинирана/хибридна настава, ТВ-училница, онлајн настава, онлајн платформа* и др.).

Во делот под наслов: *Структура на термините и терминолошките изрази во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик* се наведува дека како лексички единици се среќаваат именки, придавки и глаголи и детално се претставуваат начините на создавање нови термини во соодветните зборовни класи.

Следува делот под наслов: *Терминолошки изрази во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик*, во кој се наведуваат структурите *придавка + именка, именка + придавка, именка+именка, придавка + придавка + именка, именка + придавка+ придавка, именка + предлог + именка/именска група, именка + предлог + именка,* засведочени поединечно во секој од соодветните три јазици и проследени со соодветни примери.

На крајот од трудот се поместени: *Користена литература* и *Сајтографија*.

Би сакале да наведеме дека ова истражување, во кое се прави споредба на термини и терминолошки изрази во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик, е прво од ваков тип во нашата средина, а резултатите од него ќе бидат во функција на промовирање на македонскиот јазик во однос на два јазика од Европската Унија (францускиот и италијанскиот).

Токму поради сето горе наведено, и поаѓајќи од фактот дека изделувањето и стандардизирањето на овие термини и терминолошки изрази во голема мера ќе биде од корист при преведувањето текстови од и на македонски, француски и италијански јазик, а во македонскиот јазик ќе придонесе кон нивна стандардизација, топло препорачуваме овој труд под наслов „Термини и терминолошки изрази од доменот на пандемијата на КОВИД-19 во македонскиот, во францускиот и во италијанскиот јазик“ (ТЕРМАКФРИТ), од проф. д-р Славица Велева, проф. д-р Ирина Бабамова и проф. д-р Александра Саржоска, да биде одобрен за печатење и објавување.

Со почит,

**Рецензент**
**Проф. д-р Маргарита Велевска, с.р.**

Скопје, 22.6.2022

# П Р Е Г Л Е Д

**ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“**

**МАГИСТЕРСКИ ТЕМИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | Јулија Јанева | „Влијанието на активноста симултано повторување врз говорната флуентност на англиски јазик како странски кај учениците во средно образование“ | The effect of shadowing activity on utterance fluency in secondary school learns of L2 English | Проф. д-р Анастазија Киркова-Наскова | 17.6.2022<br>10-23/4 |
| 2. | Кристијан Стефановски | „Влада Урошевиќ и Бруно Шулц - модалитети на сродност од аспект на фантастичното“ | Vlada Uroshevikj and Bruno Schulz-modalities of kinship from the aspect of the fantastic | Проф. д-р Лидија Капушевска-Дракулевска | 17.6.2022<br>10-998/4 |

# П Р Е Г Л Е Д

## ОДОБРЕНИ ТЕМИ НА ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ„ БЛАЖЕ КОНЕСКИ“

**ДОКТОРСКИ ТРУДОВИ**

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на Одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1. | м-р Идаете Синани | „Албанскиот говор на жителите од скопските села со потекло од Горна Река – Гостиварско“ | Albanian colloquial of inhabitants in Skopje villages coming from Gostivar's Upper Reka | Проф. д -р Ајтен Ќамили | 17.6.2022 10-45/14 |
| 2. | м-р Нертиља Рамадани | „Говорните чинови и нивната употреба помеѓу албанците во Република Северна Македонија“ | Speech acts and their use among albanians in the republik of North Macedonian | Проф. д -р Ајтен Ќамили | 21 .6.2022 10-47/13 |

# П Р Е Г Л Е Д
## НА ПРИФАТЕНИ ТЕМИ НА ИНСТИТУТ ЗА ЗЕМЈОТРЕСНО ИНЖЕНЕРСТВО И ИНЖЕНЕРСКА СЕИЗМОЛОГИЈА-ИЗИИС, СКОПЈЕ

1. Докторски трудови

| Ред. бр. | Име и презиме на кандидатот | Назив на темата | | Име и презиме на менторот | Датум и бр. на одлука на ННС/НС за прифаќање на темата |
|---|---|---|---|---|---|
| | | на македонски јазик | на англиски јазик | | |
| 1 | М-р Елена Ангелова | Динамичко однесување на мешавина од песок и летечка пепел | Dynamic behaviour of sand -fhy ash mixture | Д-р Проф. Влатко Шешов | 09-1009/1 22.06.2022 |

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОМЕНИ ВО НАУЧНИТЕ ДЕЛА НА ПРОФ. Д-Р СЕЈФЕДИН СУЛЕЈМАНИ“ ОД М-Р ИМРАНЕ СУЉЕЈМАНИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА СОЦИОЛОШКИ И ПОЛИТИЧКО-ПРАВНИ ИСТРАЖУВАЊА ВО СКОПЈЕ

Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања во Скопје, на седницата одржана на 27.4.2022 година, формираше Комисија за оцена на докторската дисертација на кандидатката м-р Имране Суљејмани со наслов „Општествените промени во научните дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани“, во состав: проф. д-р Емилија Симоска (претседател), проф. д-р Петар Атанасов (ментор), проф. д-р Славејко Сасајковски, проф. д-р Ружица Цацаноска и вонр. проф. д-р Бојана Наумовска.

Комисијата, во наведениот состав, ја прегледа и ја оцени докторската дисертација и на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања му го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

### Анализа на трудот

Докторската дисертација на кандидатката м-р Имране Суљејмани, со наслов „Општествените промени во научните дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани“, содржи 236 страници компјутерски обработен текст во фонт Times New Roman, со 1,5 проред и големина на букви 12, како и 133 библиографски единици – релевантни трудови објавени во меѓународни публикации, научни монографии и списанија, книги од авторот Сејфедин Сулејмани што се предмет на истражување на кандидатката, како и други извори и документи, од соодветните области: социологија, социологија на организација, социологија на промени, филозофија, критичка теорија, марксизам и либерализам. Покрај апстрактот, воведот и основниот текст, трудот содржи богата библиографија и прилози.

Трудот е структуриран во три дела и 15 поглавја. Поглавјата се систематизирани според анализата и се претставени преку посебни наслови, со што се обезбедува соодветна континуираност на прашањата што се обработени во истражувањето.

На почетокот се дава вовед во темата, по што се елаборира биографијата за животот и делото на проф. д-р Сејфедин Сулејмани. Следува текстот на дисертацијата, кој е систематизиран во три дела. Првиот дел е за општествените промени, систематизиран во 9 поглавја: за општествените процеси воопшто, теоретско-социолошки пристап за промените, социолошки гледишта за марксизмот и либерализмот, за општествените структури, за конфликтот, социо-економската трансформација, за транзицијата, за општествената организација, како и за демократските процеси. Вториот дел е за хуманистичките аспекти на општествените промени, систематизиран во 4 поглавја: за филозофијата на промените, за логиката и моралот, за цивилизациите и хуманистичкото општество и за општествената функција на социолингвистиката. Третиот дел е за Македонија, систематизиран во 2 поглавја: општествените промени во Македонија и меѓународното признавање на Република Македонија.

**Првиот дел – *Општествените промени***, започнува со анализа за развојот на човекот и на општеството. Вообичаено, од социолошко гледиште се разликуваат две варијанти на промени: биолошката и социјалната. Биолошката се однесува на анатомско-биолошките природни промени, а социјалната ги опфаќа промените кои биле последица на општественото живеење на човекот, како и промените кои биле предизвикани од трудот – тие што ќе ни послужат како компарација за натамошно истражување. Кандидатката во трудот набројува три фази на општествени промени кои предизвикале квалитативен нов однос помеѓу човекот и природата, бидејќи и порано луѓето вршеле промени во природата, едноставно со своето присуство несвесно ја пустошеле околината – се мисли, пред сè, на екологијата. Подоцна започнуваат процесите на кооперација на трудот и природните сили, со што луѓето обезбедувале средства за живеење. На тој начин, преку усовршувањето на средствата за производство и преку самото производство, човекот дејствувал врз природата и ја менувал сè повеќе како општествено, а сè помалку како природно, биолошко суштество. Постоел долг период од човечката историја кога државата, како организирана институција, не постоела, иако општеството постоело и постојано се развивало.

Значајна карактеристика на овој научен труд е што првпат тематски се истражуваат научните дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани, особено прашањата за општествените промени, што како специфичен аспект ни се нуди еден нов социолошки глобалитет и поглед за општеството, преку обработен научноистражувачки пристап. Ова претставува дел од научната проблематика на неговите научни филозофски, методолошки и социолошки гледишта за општествените теории, преку компарација со европските социолошки претставници за општествениот развој и промени, како и преку дефинициите и поимите на општествените науки со систематско проучување на општествените промени. Конкретно, ова социолошко истражување е насочено кон откривањето на корените, причините и последиците за постоењето на општествените процеси, тоа што за нив е заедничко во однос на социјалните феномени, и

врз основа на тоа се развиваат различни теоретски концепти за изнаоѓање решенија за општествените прашања поврзани со промените.

Д-р Сејфедин Сулејмани е професор, научник и филозоф, припадник на современата филозофија на XX век. Според неговата стручна и научна филозофска и социолошка ориентација, тој се спротивставил на тогашните социјалистички партии обоени со националистички ставови. Бил противник на националистичките појави и еден од основачите на филозофијата, социологијата и на многу други општествени и природни науки и дисциплини. Во функција на политичките партии, кои, според него, го јакнат политичкиот идентитет на своите привrзаници, се повикува на едно учење или на конкретни цели што треба да се следат, кои доведуваат до распад на општеството (државата). На пример, класните партии (комунистичките и социјалистичките) поттикнуваат политички идентитет од социјален тип, други партии формираат идентитет претежно од економски тип, потоа, етничко-културните партии се втемелуваат врз идентитет од верски тип и слично. Исто така, може да се каже дека бил претставник и на демократијата, на либералната демократија што се залага за човековите права и слободи, се залагал за премин на демократијата од плуралистички тип во услови на голема економска и општествена криза, т.е. во време на транзиција.

Европската научна мисла за општествените промени, професор Сулејмани ја анализира преку историски и социолошки контекст, преку анализа на освојувачките војни во европската цивилизација, бурните историски промени, социјалните немири и различните конфликти меѓу европските држави, преку развојот на демократскиот граѓански систем во Европа, новата европска мисла за промените беше одговор за иднината на континентот. Елаборацијата и дефинирањето на промените се следи преку трансформацијата во повеќе општествени области, кои се квалитативни, преку промените кои дејствуваат едни врз други и се во една поврзаност што ја рефлектира општествената динамика. Преку своите сфаќања за општествените промени во контекст на социолошката мисла, проф. д-р Сејфедин Сулејмани создава континуитет на значењето на промените конкретно во една држава, со промените кои претставуваат предизвик во начинот на живеење во човечката заедница. На тој начин настанувале и се развивале општествата, кои како појава имаат амбивалентна улога во контекст на европските теории и врз појавата на општествените промени. Најанализирана тема во делата на проф. д-р Сејфедин Сулејмани се најшироко сфатени идеологиите и практиките на марксизмот и на либерализмот (новото демократско општество), кои тој ги согледувал преку едноставен методолошки пристап и филозофско-социолошко теоретизирање и ги изложувал преку информативен, општествен и научен дискурс. Марксовата концепција за социологијата, според него, е материјалистички принцип на сите важни историски случувања во економскиот развој, како и поделбата на општеството на класи и особено објаснувањето на класната борба. Дефиницијата за општествените промени, според концепцијата на марксистичкото истражување, расправа за општиот поим на општество, за основните законитости на општествениот развој, развојот на историските форми на човечкото општество, односно за општествената реалност земена во тоталитет во рамките на општествените промени. Теоријата на марксизмот, наспроти либерализмот, се гледа како материјалистичка филозофија и револуционерна идеологија преку кои се случувале револуционерни промени во битието на општествата и општествените односи, пазарите на трудот и сл. Поимот либерализам, пак, подразбира демократско уредување каде што основната цел е насочување кон заштитата на човековите прави и слободи и сеопшто ослободување на човекот од феудалните ограничувања. Либерализмот е новото време и модерен начин на живот.

Во овој дел од трудот се анализираат и социјалната стратификација, класната структура и нееднаквостите меѓу луѓето, општествата во транзиција, притоа се поставуваат многу прашања за луѓето, за причините на појавите, од каде потекнуваат тие и како се разрешуваат. Има многу причини за овие феномени во социологијата за општеството, за раслојувањето, објаснувањата за разликите во општеството, теориите поттикнати од постоењето на нееднаквата распределбата на материјалното богатство и политичката моќ, итн. За проф. д-р Сејфедин Сулејмани, социјалната стратификација претставува аспект на социјалната структура, при што се случуваат промени кои во транзицијата се исклучително брзи, динамични и неочекувани а присутни се и радикални трансформации. Со овие феномени се зафатени сите слоеви, сите сфери од општеството, луѓето и групите кои го формираат општествениот систем. Во овој дел е опфатена и анализата на социолошките гледишта за економските промени, каде што се разгледуваат различни теоретски гледишта, прашањата за производството и материјалната дејност, тенденциите за движење на современата технологија во различните општествено-економски услови што врши силно влијание врз формите на општество. Потоа, се елаборира и за економското уредување, за еднаквоста и слободата на човекот, економскиот систем и капиталистичкото општество, општествено-економските формации, потрошувачката во општеството и можните влијанија, како и развојот на економската основа преку производните сили и односи, што се главни одредници за гледиштата на професор Сејфедин Сулејмани.

Сулејмани го сфаќа конфликтот како главен фактор на социјалната стратификација, пред сè, преку условите за појава на конфликтот, како и за соодветните девијации. Конфликтот како општествена појава е во голема експанзија и како таков варира од време на време, од место до место. Неговите

истражувања зборуваат дека конфликтот се состои од бројни девијации, од девијантното однесување на политичките партии, во меѓунационалните односи, девијантното информирање на средствата за јавно информирање, кои како од технолошки, така и од гносеолошки аспект имаат тенденции за дезинформации, кои никогаш не даваат точни податоци, секогаш дезинформираат за настаните кои се претставуваат во обратна димензија. Транзицијата проф. д-р Сејфедин Сулејмани ја гледа како процес на посттоталитарно или општество во транзиција, каде што е препознатлив неговиот пристап во однос на социјализмот. Најзначајна карактеристика која ја определува динамиката на трансформацијата е формираната структура во периодот на транзицијата и формирањето на класата на приватните претприемачи во посткомунистичките општества. Транзицијата како суштински, општествен проблем, авторот ја дефинирал како економска категорија која се сведува на приватизација на општествениот капитал. Настанувањето на транзициските промени во општеството се случуваат во своевиден институциски вакуум, особено по уривањето на социјалистичките режими, под што подразбираме: период на трансформација во сите посткомунистички земји, модел на приватизацијата во транзициско време, општествен договор и транзиција, социјализмот во источноевропските земји, како и југословенската (кон)федерација, фази на транзицијата, раслојувањето на населението, економскиот парадокс, за потрошувачката и за образованието и други процеси и општествени категории, гледишта изложени во делото „За транзицијата“.

Организацијата како социјално уредување опфаќа важно место во општеството како социјална структура со заедничка општествена цел, која се стреми кон постојан развој во зависност од стопанската активност. Во последниве столетија се создадени повеќе организации кои се поврзани со општествените движења и во нивниот состав тие вклучуваат материјални, човечки, финансиски и кадровски ресурси. Марксистичката дефиниција за класното општество и неговата организациска функција, заедно со организацијата како општествена структура и постојните алтернативи, се дел од сфаќањата на професор Сулејмани. Демократијата, пак, ги објаснува предизвиците за постигнување на фундаменталните вредности или добра: правичен авторитет, политичка еднаквост, слобода, морално самоуправување, заеднички интерес, непристрасен морален компромис, соодветните одлуки кои го земаат предвид интересот на секој поединец, општествена корисност, ефикасни одлуки и друго. Притоа, историските општествени промени придонесуваат за појавување на либерална и либерално-демократска мисла, како многу сложени феномени. Во толкувањето на општествените промени либерализмот се стреми кон ослободувањето на општественото уредување од религиозна контрола и ослободување на граѓанското општество (личниот, семејниот и деловниот живот).

**Вториот дел – *Хуманистичките аспекти на општествените промени***, започнува со ставот дека филозофијата е начин на елаборирање, истражување, логичко изведување и обопштување за времињата, цивилизациите, духовниот и општествениот живот, за дијалектичкото поврзување на светската историја со глобалните настани: преку дијалектиката меѓу производните односи, противречностите и нивното решавање. Проф. д-р Сејфедин Сулејмани, социолошки, ги дефинира цивилизациите како комплексни општества, со глобална социјална стратификација, со објаснување на процесот на развој на општествата во централизирана, стратификациска структура. Променливоста е општо својство на светските појави и настани, дијалектичка негација на промените, дефиниција на логичките промени, како и видови промени од аспект на логичката смисла. Моралот проф. д-р Сејфедин Сулејмани го дефинира како наука за етички добродетелства, во контекст на општествените промени кои ги опфаќаат поединецот, народот, нацијата, етичката држава и моралната автономија. Граѓанските општествени промени, професорот Сулејмани, ги анализирал преку начелата за граѓанските општества, хуманизмот кој е стимуланс за општествените промени, човечката хуманост за граѓанското образование, когитанска пресвртница за општествените промени, како и размислата за реформа на граѓанските општества.

**Третиот дел, *Меѓународното признавање на Република Македонија***, е посебен дел кој проф. д-р Сејфедин Сулејмани го анализирал и го опфатил преку следниве општествено-политички теми: развојот на општествените промени во Македонија, за општествената слоевитост во Македонија, за европска Република Македонија, како и за признавањето на Република Македонија. За ова нешто повеќе во делот на извештајот за резултатите од истражувањето.

**<u>Предмет на истражување</u>**

Проф. д-р Сејфедин Сулејмани е автор на многу научни дела, што значи дека, како некогашен и натамошен чинител во нашата современа наука (за хуманистичките и општествените науки), ги користел научните, теоретските и филозофските начела, а на науката ѝ подарил научна и стручна оставштина, која се состои од 125 дела, со научен колорит од многу научни области, со над 5 000 илјади објавени научни написи публикувани во разни весници и повеќе години, објавени и необјавени поезии на: албански, македонски, српски и француски јазик, објавени четири драми (со филозофска содржина) и 25 необјавени научни дела.

Од неговите научни дела во оваа докторска дисертација се анализирани или цитирани делови од следниве објавени трудови: „Некои контемплативни аспекти на филозофијата на животот“, „Слободни социолошки теми“, „Јехона“ 1966-1970 година, „Што е естетика?“, „Филозофијата и уметностите“, „Есеи“, „Дијалектика на филозофското мислење“, „Скици и есеи од хуманистичката филозофија“, „Наим Фрашери

– живот и дело“, „Филозофски теми“, „Основоположникот на политиката на неврзаност“, „Концепциите за револуцијата“, „Филозофски студии на социологијата“, „Трудови и студии“, „Некои аспекти од меѓунационалните односи“, „Филозофски умови“, „Филозофски студии за општеството“, „Едвард Кардељ“, „Јосип Броз Тито“, „Естетика“ – Том 1, „Естетика“ - Том 2, „Паралипомени од естетиката“, „Студии од историјата на социологијата“, „Филозофските умови“, „Филозофија“ - Том 1, „Филозофија“ - Том 2, „Филозофија“ - Том 3 (на македонски јазик), „Панта реи“, „Хегел“, „Карл Маркс“, „По филозофските врвици“, „Естетика“, „Пансофија“, „Кант“, „Лема“, „Логика“, „Историја на филозофија“ - Том 1, „Историја на филозофија“ - Том 2, „Историја на филозофија“ - Том 3, „Естетика низ огледи“, „Gnothy seauton“, „Анатема на апсурдот“, „Џон Лок“, „Тези за анихилацијата“, „Апотеоза“, „Волтер“, „Ајнштајн“, „Религија – уметност – филозофија“, „За транзицијата“, „Филозофија на природните науки“, „Историја на филозофијата“, „Филозофија на општествените науки“, „Парадијастола“, „Мислата на вечноста“, „Кантовата - естетска рецептивност“, „Историја на албанската филозофија“, „Логичко – филозофска пропедевтика“, „Европска когитанска филозофија“, „Основи на филозофијата“- Том 1, „Основи на филозофијата“- Том 2, „Основи на филозофијата“- Том 3, „Песимизмот и нихилизмот“, „Логика“, „Знаменити ликови на духот“, „Основни социолошки поими“, „Филозофија на цивилизациите – паралипомени“, „Томас Хобс“, „Естетски опсервации“, „Hic Rhodus hic salta“, „Монографија за Педагошкиот факултет –Скопје“, „Логички опсервации“, „Теорија на релативитетот“, „Логика низ паралипомени“, „Ad libitum, Ad ocullum“, „Логика – филозофија – логос“, „Филозофија“, „Филозофија на знаењата“, „Глобализација на образованието“, „Нова логика“, „Филозофија на логосот“, „Естетика во фокус“, „Лаокон на нашето време“, „Научни трудови и студии“, „Дијалектика“, „Писма низ песни“, „Филозофското десетокнижение“, „Ниче – Еве го човекот“, „Лаокон и Тројанскиот коњ“, „Антропологија“, „Естетика и убавите уметности“, „Аксиологија“, „Тимологија“, „Етика“, „Европска Република Македонија“, „За меѓународното признавање на Република Македонија“ и „Основи на филозофијата“.

**<u>Податоци за состојбата на подрачјето во кое е работена дисертацијата</u>**

Овој труд е прв посериозен социолошки обид за научна анализа и опсервација на научните дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани, гледани преку темата за општествени промени. Ова е ретко дело и треба да го отвори патот за анализа на домашните научници, кои пишувале и твореле за време на еден транзициски период кога се уривал еден општествен систем, но тешко се градел или подигал нов. Професор Сулејмани пишува во рамките на филозофијата, естетиката, етиката, антропологијата, социологијата и социолингвистиката, со конкретизација на далекусежни резултати за социолошките тематски прашања. Во овој труд, кандидатката се обидува мислата на професор Сулејмани да ја насочи кон еден сегмент – кон општествените промени, кон општествените процеси на земјите во развој и кон степенот на развиеноста на општеството од стручен и научен аспект. Значи, од посебен интерес во споменатите дела е научното истражување за општествените промени кое се поврзува и се анализира преку споредба и аналогија со европската социологија. Во широката проблематика за општествените промени, проф. д-р Сејфедин Сулејмани ги анализирал следниве општествени прашања: теоријата за марксизмот и нејзиното поимно дефинирање, улогата на стратификацијата како проблем на процесот на социјализацијата, јазикот и комуникацијата, демократското општество и други, а сето тоа во функција како појасно да се согледаат и да се решаваат социјалните проблеми во услови на промени во нашата земја, па и пошироко. Од аспект на современата социологија и научното истражување, ова е навистина ретко дело. Многу малку од научен аспект се пишува за нашето поново минато, а оваа празнина ќе биде потребно некој да ја пополнува. Овој докторски труд е таков обид.

**<u>Краток опис на применетите методи</u>**

Структурата на докторската дисертација претставува реализација на истражувањето за општествените промени, за општествените настани и многу други општествени и глобални проблеми, сè до појавата на современото општество и индустриската револуција. Истовремено, се анализира и најновиот период на нашиот државно-општествен контекст. Тука се работи за големи општествени процеси и општествен развој, како и за општествените институции каде што се создаваат условите за општествените промени во одредените општества. Со пристапот, преку анализа и критички осврт на општествените промени, се изведуваат нови сознанија и премиси и се создаваат нови концепти, со примена на квалитативна истражувачка стратегија.

Предизвикот на оваа докторска дисертација претставува социолошка, општествена задача, што ќе ни помогне да ги анализираме и синтетизираме соодветните мислења и ставови за општествените промени во делата на проф. д-р Сејфедин Сулејмани. Оваа задача ќе ја оствариме преку: анализа, согледување на неговите гледишта, како и мислата во поширок опсег на ставови за општествените промени, кои треба да бидат сфатени преку променливото значење на општествениот дискурс низ времето – неговите концепти, теории и интереси. Ова истражување покрива значителен број на прашања, од кои е направена селективна обработка на повеќе дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани, кои директно се однесуваат на општествените промени, пред сè, преку научен и критички аспект.

Докторската дисертација користи метод на критичка анализа на содржина, со чија помош преку анализираните дела на професор Сулејмани се елаборира вредносната насоченост кон афирмативните

теми, т.е. социолошки мислења, ставови и теории, што се важни за компарација на процесите на општествени промени. Ова истражување е во улога на функција на социолошките гледишта кои се сведуваат на проверување на теоретските елаборации, кои на дедуктивен начин се изведени од постојните научни ставови и мислења за општествените промени. Исто така, застапена е димензијата на општествената целина, како одредено својство на општествените промени во нивната теоретска експликација.

**Краток опис на резултатите од истражувањето**

Научните дела на професор Сејфедин Сулејмани претставуваат автономни теоретски пристапи за општеството, расправи за прашањата кои се важни за нашето истражување за општествените факти, што е основа за поимањето или дефинирањето на општествените промени. Сулејмани расправал за општествените промени речиси во голем дел од неговите објавени книги, но и во други објавени статии, каде што посветува големо внимание на социјалните промени во различни временски периоди. Сепак, главно прашање за докторската студија е феноменот на општествените промени, преку анализа на историјата на човештвото, притоа во временска мера во која може да се издвојат научните фактори кои непрекинато влијаат врз општествените промени: културните фактори, физичкото опкружување и политичката организација. Исто така, се става акцент и врз поттикнувањето на глобализацијата на општествените промени, која е карактеристична од социолошки аспект, како корелација со светските процесите на општествени промени.

Истражуваната тематика на европската идеја за општествените промени се гледа низ методолошки пристап како анализа на содржина, преку научни елаборации на професор Сејфедин Сулејмани со конотативна дистинкција за европската мисла, која како севкупност за сознанијата за општествените промени се развивала во сите општествени систематски периоди. Тој особено ги истакнува придобивките од хуманизмот и ренесансата, сè до нашите дни, како составен дел од ова глобално социолошко истражување, каде што се разликуваат општествено-економските, политичките и културните установи. Социолошката анализа посочува дека општествената мисла за промените е појавата на хармонијата и појавата на општествената поврзаност, на структурален и динамичен аспект за промените, како благосостојба на луѓето низ целиот свет.

Генерално, професор Сејфедин Сулејмани општествените промени ги поима како социолошки појави, кои настануваат како резултат на критиката на општествената свест, кои се разликуваат од другите општествени појави и со критички став кон тоталитетот и кон општествената реалност. Општествените промени се развиваат во повеќе познати општествени епохи, а во првата половина од 19 век, во Европа се забележуваат голем број револуции кои придонеле за претворање од реалноста на политиката до социјалната фрагментација, кои се случиле како тренд кон романтизмот. Ова поглавје претставува фокусно јадро за појавата на државата, за која се укажува дека се работи за сложена целина, и претставува обид во историјата на социјалната мисла да се реализира преку постојани промени во различни државни уредувања. Меѓутоа, професор Сејфедин Сулејмани со учењата на европските социолози ни овозможил научен преглед и објаснување дека општествените промени се дејствителни, но како дел на заедницата не можат лесно да ги променат односите и состојбите во општествената средина. Професорот расправал за граѓанската социологија каде што општествените промени се резултат и на други променливи општествените феномени.

Сфаќањето на учењето за марксизмот, наспроти либерализмот, претставува научно-теоретско објаснување и синтетизирање, за потеклото и функциите на општествата преку генезата на државната заштита. Изразот на длабоките општествени промени е појавата на работничко-класната свест која особено се изразува низ политичката борба. Растежот на производните сили, развојот на индустријата и појавата на индустрискиот пролетаријат биле гласниците на новите општествени сили карактеристични за новите граѓански општествени односи и промени. Професор Сулејмани, елаборирајќи за социолошката елаборација на марксизмот спроти либерализмот, расправа за две научни учења или категории, во меѓусебно поврзување, дека марксизмот претставува свест во остварувањето на целокупниот натамошен развој на општеството, за непосредната пракса на револуционерното преобразување на општествените промени, кои постојат во рамките на општествата, како и важноста за оплодувањето на капиталот и брзите промени во општеството. Марксизмот и либерализмот ги претставува врз поставките на новото општествено искуство и творечки ги применувал во новите развојни процеси, карактеристични за нашето време, за настанатите општествени промени кај нас и во светот. Според истражувањето за социолошките гледишта на професор Сулејмани за марксизмот и либерализмот, се анализира дека за него марксизмот претставува протестна филозофија против дехуманизирањето и автоматизирањето на човекот која е поврзана со западниот индустријализам. Од своите научни теоретски аспекти за марксизмот наспроти лиерализмот, тој видливо ја изучувал и поддржувал теоријата на либерализмот. Како резултат на неговата филозофија во соодност на социологијата за општествените промени, либерализмот го елаборира како посебна област каде општествата отсекогаш биле предмет на размислувања и нови теоретски објаснувања. Во делото: „По филозофските врвици“, тој потенцира дека либерализмот е триумф на слободарските идеи изнесени пред триста години, како изворна идеологија, водечка идеја на граѓанското општество и означува можност за позитивни промени во општествата. Либерализмот најголемо внимание посветува на

поединецот, кој ги остварува своите граѓански слободи на економско, политичко и културно поле во рамките на граѓанското општество. Се образложува дека либерализмот го почитува и го истакнува основниот стремеж на индивидуата за слобода, и тоа преку слободата на говор, собирање, движење, избор итн.

Сејфедин Сулејмани во своите научни публикации ги анализира и економско- општествените промени, економската преобразба на една земја, го поврзува економското уредување кое може да биде во функција на остварувањето на политиката, еднаквоста и слободата на човекот. Пишува дека најдобриот економски систем овозможува да се изврши и распределба на политичките средства, врз основа на тоа да биде изедначена со еднаквоста, особено при успешната партиципација и правилното разбирање на проблемите и судирите во општествата. Времето на преструктурирањето на економските науки, преку нејзините економски текови, донесе фундаментални структурни промени и нова општествена мисла кои биле насочени кон проектирање на неопходните трансформации. Во глобална смисла на ова теоретско образложение, економскиот систем е составен дел на целокупниот општествен систем на една земја, која функционира преку секојдневните економски движења и создава услови за нови промени. Со општествените промени, во основа, се настојува да се обезбеди иста општествена – економска положба на сите луѓе, без оглед на тоа дали работат во општествениот или во приватен сектор. Во областа на економската наука, економско-општествениот систем претставува збир од идеи, цели, методи и институции што се користат во општеството за решавање на економските прашања и проблеми на организиран начин.

Темата за транзицијата претставува важна општествена промена, процес на создавање услови за премин кон пазарното стопанство, која се одвива низ многу процеси: либерализација на економијата, политички плурализам, приватизација на општествениот капитал, јакнење на механизмите на правната држава, слободата и независност во информирањето и слично. Професор Сулејмани тврди дека транзицискиот период го минуваат скоро сите посткомунистички земји, некои во поблага форма, а некои со воени конфликти. Промените во земјите во транзиција се исклучиво брзи, драматични и неочекувани. Станува збор за фундаментални и радикални промени со кои биле зафатени сите слоеви и сите сфери на општествата, а се менувале и улогите на луѓето и се поместувала централната моќ разнишана преку темелите на вредносниот општествен систем. Темата за современата организација професор Сулејмани ја набљудува како важен фактор за успешен бизнис и често претставува ефикасен услов за функционирањето на организацијата. За промената да биде квалитетна, организацијата треба да се подели на помали сегменти, поради постигнување поголеми општествени ефекти. Најзначајни организациски процеси се: стратешкото планирање, процесот на реализација и производен процес, системот за носење одлуки, организацискиот развој, процесите на истражувањето итн.

Во повеќе дела на професор Сејфедин Сулејмани е застапена темата за демократскиот карактер на општеството, каде се елаборира за организациско-економските аспекти на демократските процедури, фактите кои имаат моќ врз мнозинското владеење, што значи дека денешните држави се изградени според демократската форма, со разни форми на владеење. Демократијата се карактеризира со плуралистички систем. Прашањето за демократијата во општеството претставува продолжување на државната организација и нејзините социјални и политички детерминанти. Социјалната функција на демократијата се состои во формирањето на нова општествена свест и нови концепции за животот и светот, што во демократската идеологија врши силно влијание врз натамошното продлабочување на прогресивните стремежи, сили и односи. Демократијата создава општествени вредности кои се состојат во подобри услови за развој и надминување на објективните пречки на демократската преобразба, која во општеството не се остварува без тешкотии. Професор Сулејмани за оваа тема елаборира дека демократијата означува форма на владеење, кои се спроведуваат директно или индиректно од страна на мнозинството на граѓаните, преку праведен изборен процес. Тоа не само што значи начин на развој и начин на дејствување, туку и важен фактор за совладување и надминување на јазот меѓу развиените и неразвиените општества. Професор Сулејмани укажува дека државата треба да биде апсолутно граѓанска, без разлика на нивната лојалност или нелојалност, дека државата не носи, ниту дава права, ниту слободи, туку ги брани со државни средства.

Мислењето на професор Сулејмани за Македонија, како и за другите земји во транзиција, е дека се наоѓале во фазата на крупни промени, пред сè, во сферата на формирањето на институциите на политичкиот и економскиот систем во македонското општество, кои содржат одредени специфичности споредено со другите земји. Поредокот на револуционерниот, подоцна и бирократскиот етатизам, подразбирал целосно подржавување на сопственоста над средствата за производството. Бил создаден широк државно-бирократски апарат за планирање, остварување, контрола, како и дистрибуција на производството, на услугите и на општествените дејности. Заклучокот ена Сулејмани бил дека македонското општество е од преоден тип, преку линија на напуштањето на традиционалните аграрни белези, а уште повеќе отсуство на индустријализација. Нашето образложение, пишува авторот на докторската дисертација, за транзицијата во Македонија нè упатува кон прифаќањето на новиот воведен систем, од паѓањето на социјализмот, па сè до трагањето по причините за социјалистичкиот распад. Биле воведени пазарната економија, општествените и политичките активности доживеале промени кои се

движеле кон различни идеолошки постулати, кој професор Сејфедин Сулејмани ги означил како основа на капиталистичкиот систем.

„Европска Република Македонија“ е социолошко-филозофско дело на професор Сејфедин Сулејмани, во кое се залагал за аплицирање на Република Македонија за прием во Европската Унија, кое било поради егзистенцијално решавање на економско- политичките и социјалните состојби во Македонија. За него идејата за граѓанското општество е идеја за граѓански општествени промени, за која Македонија треба да застане на патот на нова општествена изградба. Периодот од неколку години, не само што се покажал прекраток, туку е и голем пресврт кон пазарната економија, што едноставно е толку краток период, кога сè уште не е формирана правно-политичката основа на институциите на системот, кои треба да претставуваат реална подлога за радикален скок. За Република Македонија да се зачлени во европското семејство треба партиите да станат граѓански, преку менување на менталната психа на политиката и граѓаните. Докторската тема има за цел да го истакне ставот на професор Сејфедин Сулејмани, за приемот на Република Македонија во Европската Унија, која е од круцијално историско значење, но и во когитанско артикулирање, култивирање и едуцирање сведено на граѓанско образование како единствена цел. Накратко, местото на Република Македонија е во големото европско семејство а за апликација на такво законско дело не се потребни шеми, форми и услови бидејќи Европската Унија не ги негира сопствените принципи, од кои еден е универзален: единството меѓу делото и фактите. Притоа, европските услови се создаваат еволутивно, преку резултати, чекор по чекор се до главниот извор и изборот на нови промени. И токму поради тоа, приемот на Република Македонија во Европската Унија е категзоген, државничко-етички и логосен акт, но паралелно е и голем граѓански акт преку нејзините граѓани, бидејќи само тие се парадигматски примери на европскиот папирус и перо, со што се потпишува приемот на Република Македонија во големото семејство на Европската Унија. „За меѓународното признавање на Република Македонија“ е книга на професор Сејфедин Сулејмани, каде што тој расправал за меѓународното признавање на Република Македонија, што претставува закономерен, законит и објективен историски процес, реализиран во духот и словото на соживотот меѓу сите што живеат на овој простор.

**Оцена на трудот**

Докторската дисертација на кандидатката м-р Имране Суљејмани, со наслов „Општествените промени во научните дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани“, претставува социолошко истражување, во научната област социологија на организација. Оваа докторска дисертација се очекува да придонесе за збогатување на научната и стручната литература поврзана со конкретната тема, како и со унапредување на сознанијата за периодот на транзицијата.

Докторската дисертација на кандидатката м-р Имране Суљејмани со наслов „Општествените промени во научните дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани“, според мислењето на Комисијата за оцена, ги исполнува основните услови и стандарди за изработен докторски труд.

**Исполнетост на законските услови за одбрана на трудот**

Кандидатката, пред одбраната на докторскиот труд, ги објавила (како прв автор, во меѓународни научни списанија или еден труд во списание со импакт-фактор) следниве рецензирани истражувачки трудови:

Автор-и: „Mr. Sc. Ymrane Sulejmani - Ziberi“, PhD candidate, објавен труд: ”Importance of the communications in the society organization according to PhD Sejfedin Sulejmani”, *International Journal of Social Sciences VIZIONE,* No. 33, Skopje, 2019, стр. 371-379.

Автор-и: „Mr. Sc. Ymrane Sulejmani - Ziberi“, PhD candidate, објавен труд: ”Humanitarian views of PhD Sejfedin Sulejmani for the role of education in the formation of communities”, *International Journal of Social Sciences VIZIONE,* No. 33, Skopje, Kumanovo, 2019, стр. 337-345.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Потребна е натамошна посветеност за идни истражувања, како и специфично истражување на различните теми од интерес за пошироката научна и стручна јавност. Се надеваме дека докторската дисертација „За општествените промени во делата на проф. д-р Сејфедин Сулејмани“, ќе придонесе со своите научни и стручни мислења за изучувањето на општествениот и економскиот развој, во насока на позитивни промени за општеството. Државните стратегии се базираат врз отелотворување на интересите на општеството, како целина, за да се промовира благосостојбата на сите граѓани. Застапниците на државните стратегии најдобро можат да промовираат соодветни промени во општеството како перспектива за во иднината. Општествените промени кои се случиле и се случуваат низ историјата се однесуваат на големи реконструкции на општеството и се резултат на економските, демографските, социјалните и другите општествени трансформации. Тие треба постојано да се проучуваат за луѓето да стекнат поголеми сознанија за себе, за своите општества генерално и за општествените промени посебно.

Со оглед на наведеното, Комисијата му предлага на Научниот совет на Институтот за социолошки и политичко-правни истражувања да ја прифати позитивната оценка и да закаже одбрана на докторската дисертација на кандидатката м-р Имране Суљејмани со наслов „Општествените промени во научните дела на проф. д-р Сејфедин Сулејмани“.

**КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Емилија Симоска, претседател, с.р.**
**Проф. д-р Петар Атанасов, ментор, с.р.**
**Проф. д-р Славејко Сасајковски, с.р.**
**Проф. д-р Ружица Цацаноска, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Бојана Наумовска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А
## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ПРОСВЕТНО-КУЛТУРНИОТ РАЗВИТОК ВО ТЕТОВО И ТЕТОВСКО“ ОД М-Р АГРОН САЛИХИ, ПРИЈАВЕНА НА ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на член 46 од Статутот на ЈНУ Институт за национална историја, член 65 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус на студии – докторски студии на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и донесената одлука на 140. седница на Научниот совет на 3.6.2022 година, формираната Комисија за оцена на докторската дисертација **Просветно-културниот развиток во Тетово и Тетовско (1945-1991)** од кандидатот м-р Агрон Салихи, во состав: проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска, проф. д-р Тодор Чепреганов, проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, проф. д-р Драгица Поповска и проф. д-р Лилјана Гушевска, има чест да го достави следниов

### И З В Е Ш Т А Ј

Докторската дисертација со наслов: ***Просветно-културниот развиток во Тетово и Тетовско (1945 – 1991)*** од кандидатот м-р Агрон Салихи е поделена во пет глави. Дисертацијата започнува со „Вовед“, каде што се проследени достигнувањата на македонската и албанската историографија во истражувањето на проблематиката поврзана со развојот на просветата и културата во Тетово и неговата околина во периодот од 1945 до 1991 година.

Првата глава со наслов: *Просветата и културата во Македонија по Втората светска војна (1945 – 1948)* е поделена во четири поднаслови: *Просветните и културните прилики во Македонија по Втората светска војна и формирањето на Поверенството за просвета*, *Министерство за просвета и неговите активности (1946 – 1948)*, *Организирање учителски курсеви* и *Нови наставни планови и програми за училиштата во Македонија*.

Во првата подглава, кандидатот м-р Агрон Салихи дава осврт на првите никулци во ширењето на училишната мрежа на македонски јазик на слободната територија на Македонија. Во Кичевско, Дебарца, Охридско и Дебарско, во септември 1943 година, биле формирани првите просветни комисии кои имале задача за описменување на населението и неписмените борци. Чекор напред во реализација на поставената цел биле донесените одлуки на Првото заседание на АСНОМ на 2 август 1944 година, меѓу кои од особено значење за културата и просветата во Македонија била и донесената *Декларација за основните права на граѓанинот на Демократска Федеративна Македонија* и *Решението за воведување на македонскиот јазик како службен јазик во македонската држава*. Од посебно значење била и одржаната седница на Президиумот на АСНОМ од 2 до 5 септември 1944 година, кога биле донесени првите одлуки и упатства од полето на просветата и школството. Посебен белег на развојот на воспитанието и образованието по завршувањето на Втората светска војна, како што истакнува м-р Агрон Салихи во својата дисертација, биле и чекорите преземени во проширувањето на воспитно-образовната дејност, кога започнале со работа и првите училишта на албански и турски јазик.

Со формирањето на првата Влада на Демократска Федеративна Македонија, во април 1945 година, било формирано и Министерството за просвета во чија компетенција влегле сите просветно-културни и просветно-хуманитарни институции и организации во земјата. Во составот на Министерството за просвета, како важен советодавен орган, дејствувал Просветниот совет, кој имал задача да го одржува единството на целокупната просветна работа, како и да дава иницијативи и предлози за училишни и просветни реформи. Во организационен поглед, Министерството било структурирано во четири одделенија: *Општо*, во кое имало четири оддели (персонален, статистички, сметководствен и архива); *Одделение за школство*, *Одделение за општо-народно просветување* и *Одделение за наука, култура и уметност*, со два отсека (за култура, уметност и музика). Во составот на Министерството за просвета работеле и две комисии: Комисија за утврдување на штетите направени од окупаторот над културно-историските споменици и Комисија за зачувување на културно-историските споменици и природните реткости. Во јануари 1947 година, во чекор со промените во Владата на Народна Република Македонија, била направена и реорганизација во Министерството за просвета. Во таа насока се зголемиле и ингеренциите на Одделението за школство кое, покрај евиденцијата на училиштата, бројот на децата кои биле обврзани да ги посетуваат училиштата, давало и иницијативи за отворање нови училишта, спроведувало надзор над извршените прописи за опфатот на децата од народностите, се грижело за хигиената во училиштата и друго.

Во третата подглава, *Организирањето на учителските курсеви,* кандидатот м-р Агрон Салихи пишува за напорите кои биле правени во унапредувањето на образовната состојба и решавањето на проблемот со огромната потреба од учителски кадар. Во насока да се обезбеди

учителски кадар кој недостасувал во првите години по ослободувањето, од страна на Министерството за народна просвета биле донесени и посебни правилници каде што биле прецизирани предметите за курсевите и подготовката на идниот учителски кадар. Овие т.н. педагошки семинари се организирале до 1961 година кога на овој начин завршила и подготовката на учители за потребите на основните училишта на македонски, албански јазик и турски јазик во Македонија.

Последната подглава, *Нови наставни планови и програми за училиштата во Македонија,* содржи опширен приказ во шест табели во кои се прикажани предметите кои биле изучувани во основните и средните училишта на македонски и албански јазик за периодот 1945 – 1970 година во НР Македонија. Во овој период биле усвоени и неколку наставни планови и програми чија главна цел била образованието на младите, и тие, како што потенцира кандидатот А. Салихи, биле приспособувани со дадената општествена реалност.

Втората глава со наслов: *Просветата во Тетово и Тетовско по Втората светска војна* има пет подглави и во неа акцент е даден на просветните случувања во градот Тетово и неговата околина во периодот 1945 – 1952 година. За проблемите со кои се соочил градот и околината од недостаток на учителски кадар по завршувањето војната е даден детален опис во двата поднаслова: *Основањето на првите повоени основни училишта во Тетово и тетовската околина* и *Основањето на првите учителски училишта на македонски и албански јазик*. Тешкотиите во обезбедувањето на учителски кадар на подрачјето на тетовската општина во 1945 година биле надминати со отворањето на неколку основни и средни училишта. Во Тетово биле отворени основните училишта „Лирија“ (1945), „Перпарими“ во с. Речица, „Скендер Бег“ (1945) во с. Порој, „Дијели“ (1945) во с. Желино, „Даме Груев“ (1945) во Шемшово, „Кирил Пејчиновиќ“ (1945) во Теарце, „Кочо Рацин“ во Брвеница, „Влазними“ во Доброште, „Гоце Делчев“ во Стенче и други населени места во околината на Тетово, како и гимназиите „Кирил Пејчиновиќ“ (1945) и Земјоделското училиште „Моша Пијаде“. До крајот на 1951 година, во околината на Тетово биле отворени уште 12 основни училишта, а бројот на учениците се зголемил за 1200.

За бројот на основните училишта, паралелките, наставниот кадар на македонски, албански и турски јазик, како и нивната посетеност според полот на учениците во Тетово и Тетовско, детално е наведено во поднасловот: *Статистички преглед на училиштата и ученици во градот Тетово и неговата околина (1948 – 1962).*

Кандидатот м-р Агрон Салихи во двата последни поднаслова: *За тешкотиите во водењето на образовниот процес во Тетово и околината во учебната 1960/1961 година* и *Материјални услови за работата во училиштата и обезбедување наставен кадар*, со користење на табеларни прегледи, ги објаснува и проблемите во градот Тетово и околината, кои биле поврзани со недостатокот од соодветен образован наставен кадар во основните и средните училишта. Овој проблем останал актуелен и во шеесеттите години од минатиот век.

Третата глава *Неписменоста во Тетово и Тетовско и формите на нејзиното искоренување во периодот 1945 – 1952 година* е опфатена во шест поднаслови. Во нив, кандидатот м-р А. Салихи пишува за аналфабетизмот и проблемите кои постоеле тој да се искорени. Круцијално решение во надминувањето на овој проблем било просветувањето на широките народни маси и отворањето на аналфабетските курсеви. На почетокот, главни носители во акцијата за отворање на аналфабетските курсеви биле народноослободителните одбори кои, и покрај слабостите, успеале со помош на околиските тела и радиото да ја популаризираат посетеноста на овие курсеви.

За преземените чекори на овој план во Тетово и Ттетовско, осврт е даден во вториот поднаслов: *Форми за искоренување на неписменоста, организирање на првите аналфабетски курсеви во Тетово и Тетовско (1947/48)*. Во овој период, поради малобројниот образовен кадар во аналфабетските курсеви биле ангажирани и лица со различен степен на образование и квалификација. Во училиштата со албански и турски наставен јазик, курсевите за описменување биле водени од лица со завршена мала матура (нижа гимназија), неколку класа гимназија или медреса. Меѓу нив имало и голем број лица со завршено четиригодишно основно училиште. Главен акцент во овој период бил ставен и на описменувањето на албанското население кое поради присутниот верски догматизам на почетокот гледало со недоверба во курсевите за описменување. Меѓутоа, како што споменува кандидатот А. Салихи, албанската интелигенција и напредните албански духовни лица, иако малобројни, успеале да навлезат во сите средини, пропагирајќи за значењето на образованието. Практични се покажале и аналфабетските кампањи во описменувањето на жените Албанки спроведени во селата Теарце, Пршовце, Шипковица и други населени места.

Акцијата за описменување со несмален интензитет продолжила и во наредната учебна година. Во поднасловот *Реализирање на поставениот план за описменување на населението (1949 – 1950)*, дадено е објаснување за неговата реализација меѓу македонското, албанското,

турското, српското и ромското население во градот Тетово и селските населби: Вратница, Доброште, Раотинце, Шемшово, Теарце, Лешок, Пршовце, Брвеница, Голема Речица, Радиовце и Желино и други населени места. Аналфабетски курсеви биле организирани во фабриките и селските задруги и имале позитивно влијание врз економскиот развој на градот и неговата околина. Во 1951 година била завршена акцијата за искоренување на аналфабетизмот, кога оспособувањето за пишување и читање било префрлено во основното образование. Меѓутоа, проблемот со неписменоста и понатаму останал актуелен. Една од главните причини била слабата мрежа од основни училишта со кои не биле подеднакво покриени сите населени места.

Со цел да им се овозможи на неписмените и недоволно писмените луѓе да се стекнат со основно образование на 19 ноември 1954 година, во Народното собрание на НРМ бил донесен законот за вечерните училишта. За нивната ангажираност на планот на описменувањето на населението во докторската дисертација *Просветно-културниот развиток на Тетово и Тетовско (1945 – 1991)*, отстапен е простор во четвртиот поднаслов: *Улогата на вечерните курсеви во описменувањето на населението*. Во овие училишта можеле да се запишат сите лица што не биле помлади од 15 години и биле должни редовно да ја посетуваат наставата. Вечерните курсеви и квалификациите кои се добивале по завршувањето се израмнувале со квалификациите на четиригодишно основно училиште.

Во поднасловот: *Аналфабетизмот меѓу женското население во Тетово и неговата околина* е опишан проблемот на описменувањето на женската популација во овој дел од Македонија. Тешкотии во нивното описменување поради патријахалниот менталитет бил присутен и во редовите на македонското и албанското население. По Втората светска војна, сериозни чекори за отстранување на неписменоста биле направени кај албанската женска популација. За надминување на овој проблем во селата работеле и индивидуални курсеви во кои биле ангажирани ученици од муслиманската вероисповед. Во учебната 1948/1949 година работеле 48 аналфабетски курсеви и за нивните активности е отстапен простор во последниот поднаслов од третата глава *Резултати од спроведените мерки за искоренување на аналфабетизмот во Тетово и Тетовско*.

Развојот на просветата е опфатен во четвртата глава насловен: *Организацијата на училиштата во Тетово и Тетовско*. Во трите носечки поднаслови: *Промените во предучилишното образование и развојот на основното образование во Тетово и неговата околина (1945 – 1962)*, *Понатамошниот развој на основното образование (1962 – 1978)* и *Развојот на средното и стручното образование во градот Тетово и неговата околина*, во дванаесетте табеларни прегледи е даден преглед на развојот на училишната мрежа со отворањето на предучилишните, основните, средните и стручните училишта во градот Тетово и околината. Само на територијата на градот Тетово, како што истакнува кандидатот м-р А. Салихи, во учебната 1966/1967 година со основното образование биле опфатени вкупно 20 619 ученици, од кои 13 264 ученици на албански јазик, 6 984 на македонски јазик, 329 на турски јазик и 42 ученици на српско-хрватски јазик. Во учебната 1977/1978 година, бројот на училиштата во Тетово и околината се зголемил со 84 основни училишта.

Во овој дел од докторската дисертација, отстапен е простор и на развитокот на средното и стручното образование во градот и околината, каде што посебно место имале гимназијата „Кирил Пејчиновиќ“, стручното земјоделско училиште „Моша Пијаде“, текстилниот училиштен центар „Ѓоце Стојчевски-Амбарче, средното медицинско училиште „Никола Штејн“, музичкото училиште „Тодор Скаловски“ и други.

Во последната петта глава: *Улогата на културните институции во Тетово и Тетовско (1946 – 1991)*, акцент е даден на културно-уметничките друштва *„Иљо Антевски-Смок“„Џеладин Зеќири“*, *„Јени Хајат“* и *„Пралипе“*. Овие културно-уметнички друштва, со своите активности, имале значајно место во афирмацијата на градот Тетово во Македонија, како и надвор од нејзините граници.

Во вториот поднаслов: *Развој на библиотекарската и театарската дејност во Тетово и Тетовско (1945 – 1991)*, м-р Агрон Салихи пишува за развојот на библиотекарството во градот по Втората светска војна и отворањето на градската библиотека „Кочо Рацин“ во 1952 година. Освен во градот Тетово, читалишта и библиотеки биле отворени и работеле во поголемите селски населби Теарце, Вратница, Сараќино, Лешок и други. Значајно место во културниот живот на Општина Тетово му припаѓало и на Работничкиот универзитет, каде што вработените воделе грижа за гостувањата на реномирани музички, театарски и други уметнички ансамбли од земјата и од странство, како и во организирањето на сопствените активности. Во рамките на оваа културна установа работело и драмското друштво, кое имало задача да ја продолжи традицијата на некогашниот Драмски театар. До 1991 година, како што се истакнува во последниот поднаслов: *Организирање на културниот живот во Тетово и Тетовско (1950 –*

*1991)*, во културниот живот на Тетово имал и Домот на ЈНА, во чии рамки често гостувале ансамбли од Југославија и од странство.

На крајот имаме чест да констатираме дека во изработката на докторската дисертација *Просветно-културниот развоток во Тетово и Тетовско (1945 – 1991)*, м-р Агрон Салихи несебично вложил напор во истражувањето на оваа проблематика. Со прецизното поставување на проблемите врзани со развојниот пат на просветата и културата во Тетово и Тетовско во посочениот период се стекнавме со една нова слика од историскиот развој на градот Тетово и неговата околина.

Комисијата, врз основа на гореизнесеното, констатира дека кандидатот м-р Агрон Салихи успешно одговорил на поставените задачи и има чест на Научниот советот на Институтот за национална историја да му предложи да го прифати извештајот и да допушти јавна одбрана на докторската дисертација со наслов: *Просветно-културниот развоток во Тетово и Тетовско (1945 – 1991)*.

Скопје, 7.6.2022 год. **КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Силвана Сидоровска-Чуповска, с.р.**
**Проф. д-р Тодор Чепреганов, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Ристовска-Јосифовска, с.р.**
**Проф. д-р Драгица Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Лилјана Гушевска, с.р.**

# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## ЗА ОЦЕНА НА ДОКТОРСКАТА ДИСЕРТАЦИЈА „ОСМАНЛИСКОТО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО ВО ТЕТОВО И УЛОГАТА НА АБДУРАХМАН-ПАША (ПРВА ПОЛОВИНА НА XIX ВЕК)“ ОД КАНДИДАТОТ М-Р БЕХИЏУДИН ШЕХАПИ, ПРИЈАВЕНА ВО ИНСТИТУТОТ ЗА НАЦИОНАЛНА ИСТОРИЈА ВО СКОПЈЕ

Врз основа на Одлуката бр. 10 – 177/2, донесена на седницата на Научниот совет на Институтот за национална историја во Скопје од 3.6.2022 година, Комисијата во состав: проф. д-р Амет Шериф, акад. Драги Ѓоргиев, проф. д-р Владимир Јанев, проф. д-р Драгица Поповска и проф. д-р Фадил Хоџа, по прегледувањето на докторската дисертација под наслов: „Османлиското културно наследство во Тетово и улогата на Абдурахман-паша (прва половина на XIX век)“ од кандидатот м-р Бехиџудин Шехапи, има чест да го достави следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

Во рамките на оваа докторска дисертација, истражувањето е фокисирано на XIX век кога централната османлиска власт почнала да слабее, а во тетовскиот крај, до израз дошло владеењето на османлиските великодостојници Реџеп-паша и неговиот син Абдурахман-паша. Тие со својот придонес за реконструкција и проширување на исламските споменици со цел да одговараат на потребите на населението, ќе остават траен белег во историјата на Тетово. Всушност, овие тетовски паши биле и *серхат мухафизи*, односно заштитници на границите на Тетово и Тетовско.

Врз основа на поднесениот елаборат, концепциски темата се состои од: вовед, три поглавја со повеќе поднаслови, заклучок и користена литература.

Во воведот, како што налагаат стандардите на историската методологија, кандидатот м-р Бехиџудин Шехапи првенствено обрнува внимание на целите и на очекуваните резултати од докторската дисертација, како и на досегашните истражувања и достигнувања во македонската историографија и пошироко. Докторандот, според неговите најнови истражувања, констатира дека со ова научно истражување ќе придонесе за ново и прецизно формулирање на културолошките сегменти, на историските наоди, факти и артефакти, како и на поетско-биографскиот аспект, елементи за кои смета дека насушно недостасуваат во досегашните теоретски толкувања од османлиското културно наследство поврзано со пашите во Тетово.

Целта на кандидатот во овој негов докторски труд не е само во културно-историски контекст да ги истакне различните структури, туку да ги презентира архитектонско-естетските анализи за наследеното културно богатство и перформансите на донаторите и, особено, улогата на една од најблескавите личности, Абдурахман-паша, тогашен управител на градот.

Во првата глава, кандидатот се осврнува на главните споменици на културата од османлискиот период, создавањето на вакафите, архитектонските стилски обележја на спомениците од периодот на османлиското владеење. Го разгледува историскиот развој на Тетово, пред и во време на османлиското владеење, градителството во Тетово, со општ преглед на османлиската архитектура и нејзините развојни стилови, сакралните споменици од осмалиски период во Тетово како: Ески (Атик) џамија, Гам гам џамија, Саат џамија, Горночаршиска (Ќупри) џамија, Шарена пашина џамија, Арабати баба теќе, како и профаните објекти од османлиски период како што се: амами, мостови, кули, Тетовското кале, стари куќи (конаци), анови и чаршијата.

Во вториот дел на трудот кандидатот м-р Бехиџудин Шехапи се осврнува на Тетово во XIX век, на тетовските паши и нивната генеологија, и прави осврт за општествените прилики во Тетово со посебен акцент на личноста и делото на Абдурахман-паша, градителот и легаторот на маркантната Шарена џамија. Тој користи документи обезбедени од Државниот османлиски архив во Истанбул, со што во голема мера се комплетира сликата за овој познат тетовски паша. Притоа, кандидатот наведува дека Абдурахман-паша со својата општествена одговорност, со чувство за стратегија, особено во менаџирањето на уметничко-градителскиот корпус, со неговиот индивидуализам и професионализам во препознавањето на потребите на сограѓаните и градот во кој живее, согласно со епохата во која пулсирало едно специфично време, жедно за духовни јадра, ни дава и остава врвен репрезент, блескава и уникатна градба која припаѓа на светското културно наследство – Шарената алаџа или Пашината џамија.

Во третата глава ги претставува документите и артефактите за животот и делата на Абдурахман-паша, ги наведува документите откриени во Државниот османлиски архив во Истанбул поврзани со неговиот живот, како што се: писмо – петиција до султанот за избор за

наследник на Абдурахман-паша, писмо за овластување на Абдурахман-паша за собирање на данокот *хас*, ферман од султанот за управување на Абдурахман-паша со изворите на државната каса (mukata'a), писмо од Абдурахман-паша за нарачка на оружје (пиштоли) за институциите во Истанбул, писма упатени од Истанбул за уривање на Тетовското кале, писма за повик на Абдурахман-паша и неговите двајца браќа во Истанбул по нередите во нивниот пашалук, писмо од Абдурахман паша до неговиот наследник, Талип-бег од Дебар, писмо или ферман за доделување на функцијата валија на Абдурахман-паша во округот Ичел (Мерсин), писмо на Абдурахман-паша од должноста кајмакам на Ичел упатено до неговиот внук во врска со имотниот спор, писмо-барање со кое се соопштува за смртта на Абдурахман-паша и барање за доделување средства од неговата плата за неговите малолетни синови, писмо (портфолио) од османлиската централна администрација за назначување на синот на Абдурахман-паша, Февзи-паша, на висока функција. Исто така, во прилог се дадени и печатот на Абдурахман-паша, како и стиховите на кипарскиот поет Ашик Кензи за Абдурахман-паша.

Во заклучокот на кандидатот се констатира дека Османлиската Империја и култура имала многу големо влијание врз културното наследство, архитектурата и уметноста на овие простори, конкретно во градот Тетово. Спомениците, како чувари на едно време, со своето значење и обележје на цивилизациските дострели, претставуваат неизбришлив траг на човековото постоење, создавање и делување воопшто. Анализите на кандидатот укажуваат за ликот и делото на Абдурахман-паша, дека тој имал развиено чувство за уметност и елеганција и уште тогаш знаел да стимулира општествена одговорност, инвестирајќи во капитални објекти кои ќе станат дел од динамиката и развојот на градот до ден-денес.

Во рамките на трудот се инкорпорирани оригинални факсимили од архивски документи и фотографии кои се во функција на визуелно поткрепување на некои аспекти од докторската дизертација, како и задолжителниот корпус од релевантни историски извори и научна литература.

Имајќи го предвид гореизнесеното, Комисијата за оцена на докторската дисертација со задоволство му предлага на Советот на Институтот за национална историја во Скопје да дозволи јавна одбрана на докторската дисертација под наслов: „Османлиското културно наследство во Тетово и улогата на Абдурахман-паша (прва половина на XIX век)“, од кандидатот м-р Бехиџудин Шехапи.

Скопје, 9.6.2022 година **Комисија**

**Проф. д-р Амет Шериф, с.р.**
**Акад. Драги Ѓоргиев, с.р.**
**Проф. д-р Владимир Јанев, с.р.**
**Проф. д-р Драгица Поповска, с.р.**
**Проф. д-р Фадил Хоџа, с.р.**